Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:10.08.2023 13:10:09
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 170** **10 август 2023, четврток** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3011. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита | **2** |
| 3012. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за превенција, дијагноза и водење преддијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина | **27** |
| 3013. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за третман на пациент со хронична опструктивна белодробна болест – ХОББ на ниво на примарна здравствена заштита | **66** |
| 3014. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита | **90** |
| 3015. | **Упатство** за практикување на медицина заснована на докази за третман на пациенти со астма на ниво на примарна здравствена заштита | **94** |
| | **Огласен дел** | **1-64** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**3011.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

## У П А Т С Т В О
## ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ВОДЕЊЕ АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Со ова упатство се пропишува водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита.

Член 2

Начинот на водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за водење артериска хипертензија на ниво на примарна здравствена заштита по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6821/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# УПАТСТВО ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ВОДЕЊЕ НА АРТЕРИСКА ХИПЕРТЕНЗИЈА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## 1. Вовед, дефиниција, епидемиологија

Во последните децении постигнат е значителен напредок во разбирањето на епидемиологијата, патофизиологијата и ризик факторите поврзани со појава на артериска хипертензија. Свесни сме и применуваме богатство на имплементирани докази кои посочуваат дека намалувањето на КП (крвен притисок) може значително да го намали вкупниот предвремен морбидитет и морталитет. Но и покрај ова, денес стапките за навремено дијагностицирање и третман на ХТА се поразителни и хипертензијата останува водечка превентибилна причина за појава на КВЗ и водечка причина за смртност на глобално ниво.

Глобалната преваленца за ХТА во 2015 година, според амбулантски измерени вредности за КП, било проценето дека изнесувала ≈ 1.13 милијарди од светското население и истата прогресивно се зголемува со возраста на населението со преваленца од > 60% кај популација на возраст ≥ 60 години. Со зголемувањето на староста на популацијата, присвојувањето на седечкиот начин на живот и зголемувањето на телесната тежина, застапеноста на ХТА низ целиот свет ќе продолжи да расте и се проценува дека во 2025 година преваленцата за ХТА ќе изнесува ≈ 1.5 милијарди жители.

„Артериска хипертензија” се дефинира како ниво на КП кај кои придобивките од третманот (со немедикаментозен или/и медикаментозен третман) недвосмислено ги надминуваат ризиците од третман, како што е документирано со клинички испитувања. Според горенаведеното, преку изразување во вредности измерени во mmHg, артериската хипертензија може дасе дефинира како амбулантски измерени вредности за СКП >140 mmHg и/или ДКП>90 mmHg.

*Табела 1 - Класификација на степен на крвен притисок во ординација*

| Категорија | Систолен КП (mmHg) | и/или | Дијастолен КП (mmHg) |
|---|---|---|---|
| Оптимален | <120 | и | <80 |
| Нормален | 120-129 | и | 80-84 |
| Високо нормален | 130-139 | и/или | 85-89 |
| Хипертензија степен 1 | 140-159 | и/или | 90-99 |
| Хипертензија степен 2 | 160-179 | и/или | 100-109 |
| Хипретензија степен 3 | ≥ 180 | и/или | ≥110 |
| Изолирана систолна хипертензија | ≥140 | и | ≤90 |

Кај ≥ 90% од пациентите со ХТА не е позната причината за појава на заболувањето и зборуваме за есенцијална артериска хипертензија, каде дефинираме модифицирачки (исхрана, физичка неактивност, гојазност, пушење, конзумирање на алкохол, стрес) и немодифицирачки ризик фактори (наследниот фактор, возраста, полот) за појава на истата. Кај ≤ 10% од дијагностицираните пациенти, артериската хипертензија може да се дефинира како резултат на заболувања на бубрезите, ендокриниот систем, болести со зголемена вискозност на крвта, срцеви заболувања или поради третман со одредени лекови и тогаш зборуваме за секундарна артериска хипертензија каде третманот е насочен кон лекување на примарната болест.

Артериската хипертензија го зголемува ризикот за појава на големи кардиоваскуларни настани во просек за 2 до 3 пати, поради што потребно е кај секој хипертензивен пациент да се одреди SCORE ризик за проценка на претпоставена веројатност за добивање на фатален атеросклеротичен настан во наредните 10 години.

## 2. Принципи и постапка за скрининг на населението за артериска хипертензија

Скринингот за артериска хипертензија подразбира превентибилна проверка со која рано се откриваат асимптоматски лица со ХТА или лица кои се со ризик за добивање на ХТА.

**А. Критериуми за проценка на вклученост на населението во скрининг за фактори за ризик и развој на ХТА**

**- Вклучувачки критериуми:**

- сите лица со ≥18 годишна возраст

**- Исклучувачки критериуми:**

- сите пациенти со дијагностицирана и третирана ХТА
- сите пациенти со дијагностициран и третиран дијабетес мелитус
- сите пациенти со дијагностицирано и третирано КВЗ

Врз основа на клиничките карактеристики на пациентот потребно е да се идентификуваат лицата со барем еден од **ризик факторите за развој на ХТА**:

- наследен фактор (позитивна фамилијарна анамнеза за ХТА)
- прекумерна телесна тежина и гојазност
- физичка неактивност
- ризично конзумирање на алкохол
- прекумерна употреба на сол во исхраната

**Б. Клинички скрининг за ХТА:**

- семејна анамнеза за ХТА и КВЗ
- лична анамнеза за навики за исхрана, физичка активност, пушење, алкохол и болести на зависност, промена на телесна тежина, минати заболувања
- Мерења на крвен притисок, пулс,ТТ, ТВ, индекс на телесна маса, обем на половина

**В. Тест за скрининг** за откривање наасимптоматски лица со ХТА или лица кои се со ризик за добивање на ХТА **е мерење на крвниот притисок**.

**Скринингот се изведува само еднаш кај сите пациенти ≥18 години**и според добиените резултати соодветно се интервенира.

**Скринингот го изведува медицинската сестра, а добиените резултати ги толкува општиот/ семејниот лекар.**

**Г. Апаратура за мерење на крвен притисок**-аускултаторни или осцилометриски полуавтоматски или автоматски сфигмоманометри се препорачаните методи за мерење на КП во амбулантски услови, но во употребасѐуште се и живините манометри. Уредите треба да бидат потврдени според стандардизирани услови и протоколи. Точноста на апаратурата треба редовно да се проверува со калибрација во технички лаборатории и тоа на најмалку на 6 месеци за полуавтоматските или автоматските сфигмоманометри и на секои 12 месеци за рачните сфигмоманометри и живините манометри. Мерењето на КП се остварува согласно стандардниот протокол на Светска здравствена организација.

**Д. Упатство за правилно мерење на крвниот притисок во ординација** *Види Прилог 1а*

*Табела 2. Вредности на крвен притисок*

| Категорија | Систолен КП (mmHg) | и/или | Дијастолен КП (mmHg) |
|---|---|---|---|
| Оптимален | <120 | и | <80 |
| Нормален | 120-129 | и | 80-84 |
| Високо нормален | 130-139 | и/или | 85-89 |
| Хипертензија степен 1 | 140-159 | и/или | 90-99 |
| Хипертензија степен 2 | 160-179 | и/или | 100-109 |
| Хипретензија степен 3 | ≥ 180 | и/или | ≥110 |
| Изолирана систолна хипертензија | ≥140 | и | ≤90 |

**Ѓ. Толкување на резултат на скринингот и соодветни интервеции согласно нив (пошт/семеен лекар):**

- **КП <120/80 mmHg (оптимален КП)**и кај пациентот нема познати ризик фактори за КВЗ- се даваат насоки за здрав начин на живот и се повикува на **контрола за** мерења на КП после **5 години.**
- **КП 120-89/80-84 mmHg (нормален КП)**и кај пациентот нема познати ризик фактори за КВЗ- се даваат насоки за здрав начин на живот и се повикува на **контрола за** мерења на КП после **2 години.**
- **КП 130-139/85-89 mmHg (високонормален КП)** и кај пациентот се присутни еден или повеќе ризик фактори за КВЗ ( прекумерна тежина/гојазност, физичка неактивност, прекумерна употреба на сол, нездрав начин на исхрана, пушење на тутун, ризично конзумирање на алкохол) се повикува пациентот **на контрола по 1 година** и се интервенира во насока на елиминација на присутните ризик фактори за КВЗ .( кај пациенти со присутен еден или повеќе ризик фактори за КВЗ потребно е да се одреди SCORE ризик, кој дава насоки како правилно да го класифицираме пациентот и правилно да го менаџираме)

**Препораки за промени на животниот стил кај лица со хипертензија или лица со високо нормален крвен притисок** *(Прилог 5)-* **медицинска сестра**

- **КП>140/90 mmHg** и/или кај пациентот има познати ризик фактори за КВЗ, **општиот/ семејниот лекар** продолжува кон постапка за дијагностицирање на артериска хипертензија.

*Табела 3. Толкување на резултати од скриниг за ХТА и соодветни интервенции*

| Степен на КП | Систолна КП | и/или | Дијастолна КП | Интервенција |
|---|---|---|---|---|
| ОптималенКП | < 120 mm/Hg | и | < 80 mm/Hg | Повторно мерење наКП по 5 години |
| НормаленКП | 120-129 mm/Hg | и/или | 80-84 mm/Hg | Повторно мерење на КП по 3 години |
| Висок нормален КП | 130-139 mm/Hg | и/или | 85-89 mm/Hg | Повторни мерења на КП по 12 месеци; да се даде совет за промена на животните навики |
| Хипертензија | ≥140 mm/Hg | и/или | ≥90 mm/Hg | Пристапување кон дијагностички протокол на ХТА |

## 3. Принципи и постапка за дијагностика за артериска хипертензија

Дијагностичкиот протокол за артериска хипертензија опфаќа:

- Потврдување на дијагноза за артериска хипертензија
- Откривање на можност за постоење на секундарна хипертензија
- Проценка на КВЗ ризик според SCORE табела

**А. Потврдување на дијагноза за артериска хипертензија- општ/семеен лекар**

**Општиот/семејниот лекар потребно е да потврди дијагноза за ХТА кај:**

- Пациенти со направен скрининг за рано откривање на асимптоматски лица со ХТА или лица со зголемен ризик за добивање на ХТА, кај кои **КП>140/90 mmHg** и/или познати ризик фактори за КВЗ. Кај овие пациенти, општиот/ семејниот лекар продолжува кон постапка за дијагностицирање на артериска хипертензија.
- Пациенти кај кои случајно при преглед во ординација е измерен **КП>140/90 mmHg**(кај овие пациенти обработката започнува со одредување на ризик фактори за ХТА и клинички скрининг за ХТА- овој дел го спроведува медицинската сестра).
- Пациенти кои случајно во домашни услови измериле **КП>135/85 mmHg**(кај овие пациенти обработката започнува со одредување на ризик фактори за ХТА и клинички скрининг за ХТА- овој дел го спроведува медицинската сестра).

**Потврдување на дијагноза за ХТА се одвива по следниот редослед:**

- **Комплетирање на анамнестички податоци и податоци за ризик фактори за ХТА и КВЗ** (симптоми за ХТА, анамнеза за претходно КВЗ, бубрежна болест, анамнеза за кардиоваскуларни ризик фактори (тежина, липиди, пушење, физичка неактивност, стрес, фамилијарна анамнеза за рано КВС) и третман на истите, постигнување на целни вредности, фармаколошка терапија, проценка и менаџирање на ризик фактори за хипертензија
- **Клинички преглед**- КП (се мери повторно КП со цел да се потврдат предходно добиените вредности за КП), аускултација на срце и бели дробови, проверка за присуство на периферни едеми, преглед на абдомен,
- **Класифицирање на степен на хипертензија**

*Табела 1 - Класификација на степен на крвен притисок во ординација*

| Категорија | Систолен КП (mmHg) | и/или | Дијастолен КП (mmHg) |
|---|---|---|---|
| Оптимален | <120 | и | <80 |
| Нормален | 120-129 | и | 80-84 |
| Високо нормален | 130-139 | и/или | 85-89 |
| Хипертензија степен 1 | 140-159 | и/или | 90-99 |
| Хипертензија степен 2 | 160-179 | и/или | 100-109 |
| Хипретензија степен 3 | ≥ 180 | и/или | ≥110 |
| Изолирана систолна хипертензија | ≥140 | и | ≤90 |

- **12- канален ЕКГ**- изведува медицинска сестра, наодот го толкува општ/семеен лекар
- **Лабораториски анализи:**
  - Хемоглобин и/или хематокрит ( 1 годишно)
  - Глукоза на гладно и гликозилиран HbA1c ( доколку пациентот е со ДМ зависно од регулираноста на болеста 3-6 месеци)
  - Крвни липиди – вкупен холестерол, триглицерици, ЛДЛ, ХДЛ (1 годишно кај пациенти со дислипидемија или пациенти со висок или многу висок SCORE ризик)
  - Калиум и натриум во крв (1 годишно доколку пациентот користи АКЕ инхибитори, АРБ и/или диуретици)
  - Урична киселина во крв (1 годишно по индикација- гихт)
  - Креатинин во крв и eGFR ( 1 годишно)
  - Тестови за хепатална функија во крв (1 годишно)
  - Уринарна анализа- микроскопски преглед или уринарни протеини проценети со тест со лентичка или соодност албумин/креатинин ( 1 годишно)

**Дополнителни активности** кои општиот/семејниот лекар може да ги изведе во сопствената ординација доколку има соодветна опрема за изведување на истата и поседува соодветен сертификат,а со цел подетално дијагностицирање на ХТА:

- Холтер за 24 часовно монитирирање на КП (при неусогласеност помеѓу вредностите на КП добиени во домашни услови и амбулантските вредности, несигурност во вредностите за КП со присутно сомневање за оштетување на целни органи од ХТА) - изведува медицинска сестра, толкува општ/семеен лекар
- Доплер на крвни садови-изведува медицинска сестра, толкува општ/семеен лекар

- Преглед на очно дно- офталмоскопија (одредување на стадиуми на хипертензивно очно дно- општ/семеен лекар, 1 годишно
- ЕХО на абдомен и/или УГТ ( сомневање за секундарна хипертензија)-општ/семеен лекар

**Б.Откривање на можност за постоење на секундарна хипертензија**преку клинички преглед:

- Кушингоиден фенотип
- Промени на кожата, во склоп на неврофиброматоза и феохромоцитом
- Палпација на зголемени бубрези- полицистичен бубрег
- Аускултација на шум над абдоминална аорта- реноваскуларна ХТА
- Аускултација на прекордијални шумови- коарктација на аорта, болести на аорта, заболување на артериите на горните екстремитети
- Нарушени или задоцнети феморални пулсации и низок феморален КП во споредба со истовремено мерење на надлактицата- коарктација на аорта, аортна болест, болести на артерии на долни екстремитети
- Разлика во вредностите на КП помеѓу двете надлактици- коарктација на аорта, стеноза на субклавијалната артерија

**В.Проценка на КВЗ ризик според SCORE табела** *(Прилог бр. 7 – SCORE табела)*

- Вредноста на SCORE ризикот на пациентот споре SCORE табелата го одредува **медицинската сестра**
- Интерпретацијата на добиениот SCORE ризик ја прави **општиот/семејниот лекар** и истата влијае врз правилното водење на пациент со ХТА

Потребно е во досието на пациентот јасно да се заведе добиената вредност од SCORE ризик табела со цел правилно водење и менаџирање на КВЗ ризикот за дадениот пациент со развојот на ХТА.

Влијанието на ХТА на вкупниот КВ ризик е огромно.Истото зависи од степенот на ХТА, времетраење, колку е постигнат ефектот за контрола на истата и постоење на други ризик фактори.Согласно добиените податоци, клиничкиот преглед, ЕКГнаод, лабораториските испитувања и SCORE ризикот, општиот/семејниот лекар може да ја потврди дијагнозата артериска хипертензија и да направи градација според стадиумите на болеста.

## 4. Цели на лекување на артериска хипертензија

Целта на правилното водење и лекување на пациент со артериска хипертензија е минимизирање на КВС ризик, што се постигнува со контролирање на КП и другите модифицирачки фактори за КВЗ.

*Табела 4. Таргетирани вредности на крвен притисок и цели кај пациенти со ХТА според препораките на Европското Кардиолошко Друштво од 2018 година*[1]

| | |
|---|---|
| Сите пациенти | - Се препорачува првата цел на иницијалниот третман да бидат вредности на КП <140/90 mmHg кај сите пациенти, а доколку третманот е добро толериран од страна на пациентите потребно е се водењето на ХТА да го насочиме кон вредности на КП 130/80 mmHg<br>- Кај пациенти под 65 години се препорачува СКП да се намали во вредности 120-129 mmHg кај повеќето пациенти |
| Пациенти65-80 години | - Кај постари пациенти (65-80 години) се препорачува вредностите за СКП да бидат 130-139 mmHg |
| Пациенти > 80 години | - Кај пациенти над 80 години се препорачува вредностите за СКП да бидат 130-139 mmHg, доколку се добро се толерираат |
| Вредности за ДКП | - Вредности на ДКП < 80mmHg треба да се земат во предвид кај сите пациенти со ХТА, без разлика на нивото на КВЗ ризик и присутните коморбидитети |

## 5. Лекување на артериска хипертензија

Лекувањето на ХТА се базира врз две интервенции:

а) Промени во стилот на живеење и воведување на здрави навики

б) Третман со медикаментозна терапија

**а) Промени во стилот на живеење и воведување на здрави навики- медицинска сестра**

Промените на животниот стил во насока на здрав стил на живот се основна интервенција кај пациенти со ХТА и можат да го спречат или одложат почетокот на ХТА и истовремено да го намалат ризикот за појава на КВЗ. Ефективни промени во стилот на живеење можат да бидат доволни да се спречи или одложи потребата од воведување на медикаментозна терапија кај пациент со ХТА од I степен.Негативна страна на оваа интервенција е слабата упорност на пациентот за одржување на промените со изминување на времето, поради што потребен е индивидуален пристап при давање на информациите. Советувањето за водење на здрав стил на живот го прави медицинската сестра преку индивидуална консултација со пациентот.

[1]2018 ESC/ESH Guidelines for themanagementof arterial hypertension, European Heart Journal (2018) 39, 3021–3104, страна 7,8

*Прилог 5 - Препораки за промени на животниот стил кај лица со хипертензија или лица со високо нормален крвен притисок*

**б) Третман со медикаментозна терапија- општ/семеен лекар**

Најголемиот дел од пациентите со артериска хипертензија, освен промени за здрав стил на живот, ќе имаат потреба и од воведување на медикаментозен третман за регулирање на КП. Како во претходните и во најновите упатства од Европското Кардиолошко Друштво (ЕКД) од 2018 година, петте главни класи на антихипертензивни лекови остануваат подеднакво препорачани во лекувањето на ХТА, како монотерапија или во комбинација.

- АКЕ инхибитори
- АРБ
- Бета блокатори
- Калциум антагонисти- КА
- Диуретици ( тијазидни диуретици и слични на нив, хлорталидон и инадапамид)

Независно од избраниот антихипетензивен лек со монотерапија ефикасно намалување на КП има во ограничен број на пациенти со ХТА. Со оглед на тоа ЕКД, препорачува медикаментозниот третман на ХТА да се започне со комбинација од 2 лека, по можност со дозно-фиксна комбинација (комбинација од 2 лека во 1 таблета). Преферирани комбинации на лековисе ренин- ангиотензин блокаторите ( АКЕ инхибитори и АРБ) со Калциум антагонасти (КА) или диуретик. Бета блокатори во комбинација со диуретик или било кој друг лек од дригите класи е алтернатива кога постои специфична индикација за бета- блокатори ( пр. Ангина, состојба по миокарден инфаркт, срцева слабост или при контрола на срцевата фреквенција). Исклучок од оваа препорака се постари, изнемоштени пациенти, како и пациенти со хипертензија од 1 степен и низок КВЗ ризик ( особено ако СКП <mmHg). Предности на монотерапијата се тоа што лесно можат да се препознаат ефикасноста и несаканите ефекти од ординираниот лек. Комбинацијата на два антихипертензивни лекови од различни групи поефикасно го намалуваат крвниот притисок отколку зголемувањето на дозата на монотерапијата. Предноста на двојната комбинација секако е брзата реакција кај поголем број на пациенти, а со тоа поголема е веројатноста дека кај пациенти со повисок КП побрзо ќе се постигнат таргетираните вредности за КП.

*Табела 5.Таргетирани вредности за КП за различни ризични групи*[2]

| Возраст | Целни вредности на СКП во амбулантски услови ( mmHg) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ХТА | + ДМ | + ХББ | +КАБ | +ЦВИ/ТИА |
| 18-65 години | Целете кон 130, но не<120 | Целете кон 130, но не<120 | Целете кон <140 и 130 | Целете кон 130, но не<120 | Целете кон 130, но не<120 |
| 65-79 години | Целете кон 130-139, ако се толерира | Целете кон 130-139, ако се толерира | Целете кон 130-139, ако се толерира | Целете кон 130-139, ако се толерира | Целете кон 130-139, ако се толерира |
| ≥80 години | Целете кон <140 и 130, ако се толерира | Целете кон <140 и 130, ако се толерира | Целете кон <140 и 130, ако се толерира | Целете кон <140 и 130, ако се толерира | Целете кон <140 и 130, ако се толерира |
| ДКП после третман да е во распон | 70-79 | 70-79 | 70-79 | 70-79 | 70-79 |

[2]2018 ESC/ESH Guidelines for themanagementoarterial hypertension, European Heart Journal (2018) 39, 3021–3104

### *Алгоритам за третман на некомплицирана хипертензија*[3]




Без оглед дали медикаментозниот третман на ХТА го започнуваме со монотерапија или комбинација од два лека, дозите постепено се зголемуваат зависно од постигнувањето на таргетираните вредности за КП. Доколку не ги постигнеме посакуваните вредности за КП и покрај препишаните максимални дози на двата пропишани лекови, треба да размислиме да ја замениме ордниранаата терапија со друга комбинација од два лека или да додадеме трет лек.

---

[3]2018 ESC/ESH Guidelines for themanagementoarterial hypertension, European Heart Journal (2018) 39, 3021–3104, страна 44

*Табела 6. Можни комбинации на антихипертензивни лекови*




*Табела 7. Контраиндикации при препишување на антихипертензивен лек*[4]

| Лек | Апсолутна контраиндикација | Релативна контраиндикација |
|---|---|---|
| Диуретици (тијазиди и слични на нив) | Гихт | Метаболен синдром<br>нарушена глукозна толеранција<br>бременост<br>хиперкалцемија<br>хипокалемија |
| Бета-блокатори | Астма<br>Синоатријален или A-V блок од повисок степен<br>Брадикардија (<60 мин) | Блокатори на метаболен синдром<br>нарушена глукозна толеранција<br>спортисти и физички активни пациенти |
| Калциум антагонисти (dihidropiridine) | | Тахиаритмија<br>Срцева слабост (NYHAIII или IV)<br>Претходни изразени отоци на долни екстремитети |
| Калциум антагонисти (verapamil, diltiazem) | Синоатријален или A-V блок од повисок степен<br>Тешка ЛВ дисфункција со ЕФ< 40%<br>Брадикардија (<60 мин) | Констипација |
| АКЕ инхибитори | Бременост<br>Претходен ангионевротичен едем<br>Билатерална ренална артериска стеноза<br>Хиперкалемија >5,5mmol/L | Жени во репродуктивен период без сигурна контрацепција |
| АРБ | Бременост<br>Билатерална ренална артериска стеноза<br>Хиперкалемија >5,5mmol/L | Жени во репродуктивен период без сигурна контрацепција |

[4] 2018 ESC/ESH Guidelines for themanagementof arterial hypertension, European Heart Journal (2018) 39, 3021–3104, страна 37

*Прилог бр. 6 – Алгоритам за лекување според степен на хипертензија*

**А) Нормален/висок крвен притисок КП130-139/80-89 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Опција – медикаментозен третман кај пациенти со многу висок ризик (кардиоваскуларна болест, особено коронарна артериска болест)

**Б) Стадиум 1 хипертензија 140-159/90-99 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Веднаш медикаментозна терапија кај висок и многу висок ризик (кардиоваскуларна болест, бубрежна болест или хипертензивно посредувано органско оштетување)

- Медикаментозен третман кај низок до среден ризик пациенти без кардиоваскуларна болест, бубрежна болест и хипертензивно посредувано органско оштетување, во случај на отсуство на корекција на крвен притисок и по 3-6 месеци од промени во режим на терапија

**В) Стадиум 2 хипертензија 160-179/100-109 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Итна медикаментозна терапија кај сите пациенти

- Цел – контролиран крвен притисок во рок од 3 месеци

**Г) Стадиум 3 хипертензија КП >180/110 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Итна медикаментозна терапија кај сите пациенти

- Цел – контролиран крвен притисок во рок од 3 месеци

## 6. Третман на Артериска хипертензија и најчести коморбидитети

Пациентите со артериска хипертензија многу често имаат и други коморбидитети кои бараат истовремено следење на состојбите со цел правилно водење на пациентот со хронични незаразни заболувања и намалува на КВЗ ризик. Најчести коморбидитети кои се јавуваат кај пациент со ХТА, а истовремено значително го зголемуваат КВЗ ризикот се ДМ и дислипидемиите.

**а) Дијабетес мелитус**

Пациентите со ДМ спаѓаат во група на пациенти со висок КВЗ ризик, кој прогресивно се зголемува со возраста на пациентот. Доколку пациентот со ДМ тип 1, а особено со ДМ тип 2 има и артериска хипертензија, истиот спаѓа во групата со висок или многу висок КВЗ ризик (зависно од присутните ризик фактори) и има голем ризик од васкуларни компликации. Водењето на пациент со ДМ и ХТА подразбира регулирање и постигнување на таргетирани вредности за гликемија, ХбА1Ц и ХТА. Перепорачани вредности за КП кај повеќето пациенти со ДМ 1 $\leq$ 140/80 mmHg. Општиот/ семејниот лекар потребно е индивидуално да ги прилагоди видот и титрацијата на лекот, со цел да се избегне појава на хипотензивни епизоди. Лековите од групата на ренин-ангиотензин блокатори се покажале како поефикасни во намалување на албуминуријата во однос на другите групи на лекови и треба да се препишат кај пациент со присутна микроалбуминурија или протеинурија. Кај пациентите со ДМ и бубрежна слабост се препорачува СКП да биде 130-139 mmHg. Како иницијална терапија кај пациенти со ДМ треба да се препише комбинација од лекови од групата на ренин-ангиотензин блокатори и диуретик или калциум антагонисти.

КП потребно е да се мери по можност при секоја посета, а најмалку 1 годишно.

**б) Дислипидемии**

Дислипидемиите ги дефинираме како нарушен метаболизам на липиди во крвта и поради тоа што се важен индикатор за проценка на SCORE ризикот, потребно е нивно следење преку одредување на лабораториски индикатори. Придобивките од контролирањето на дислипидемијата се поизразени пропорционално со загрозеноста на индивидуата т.е. ризикот од КВЗ компликации. Прв лек на избор се статините, бидејќи докажано е дека директно влијаат на намалувањето на концентрацијата на ЛДЛ, ја запираат прогресијата на атеросклерозата, а со тоа ја намалуваат појавата на мајорни КВЗ настани. Лекови од групата на фибрати се нуди на пациент кој има високо ниво на триглецириди во крвта. Кај пациентите кои имаат артериска хипертензија и дислипидемија потребно е да се направат лабораториски анализи (вкупен холестерол, триглицериди, ХДЛ, ЛДЛ) за одредување на маснотиите во крвта и преку одредување на SCORE ризикот, одредуваме која ни е таргетираната вредност за ЛДЛ.

*Табела 8. Целни вредности на ЛДЛ за различни КВЗ групи според препораките на ЕКД од 2019 година*[5]

| **КВЗ групи- ризични категории** | **Таргетирана вредност на ЛДЛ** |
|---|---|
| Низок ризик | < 3.0 mmol/L (<116 mg/dL) |
| Умерен ризик | <2.6 mmol/L ( <100 mg/dL) |
| Висок ризик | <1.8 mmol/L (<70 mg/dL) или ≥ 50% од почетните вредности |
| Многу висок ризик | <1.4 mmol/L (<55mg/dL) или ≥ 50% од почетните вредности |
| Пациенти со АСКВБ кои имале втор васкуларен настан во последните 2 години | <1.0 mmol/L (<40 mg/dL) |
| Пациенти со ДМ со висок или многу висок ризик | Важат препораките како за сите пациенти со висок или многу висок ризик |

*АСКВБ- атеросклерозна кардиоваскуларна болест*

Пациентот го советуваме за промени во животниот стил и доколку пациентот има среден или висок SCORE ризик препишуваме статин во соодветна доза. Потребно е да се следи ефектот на лекувањето на дислипидемијата, како и несаканите ефекти од лекот, преку контролни лабораториски анализи, но не поретко од 1 годишно.

[5] 2019 ESC/EAS Guidelines for the management of dyslipidaemias: lipid modification to reduce cardiovascular risk,European Heart Journal (2020) 41, 111188

## 7. Водење на пациент со дијагностицирана ХТА

**А. Следење на пациент во фаза на воведување на антихипертензивен лек-општ/семеен лекар**

После воведување на антихипертензивен лек, на пациентот му се закажува контролен преглед најмалку една во првите 2 месеци со цел да се утврдат евентуални несакани ефекти на лекот, адхерентноста на пациентот кон препишаниот лек, дозата на лекот и промени во животниот стил. Откако ќе се регулира КП, добро е состојбата на пациентот да се контролира во интервали од 3 до 6 месеци.

Контролата треба да опфаќа:

- Мерење на КП- медицинска сестра
- Мерење на  ТТ, ТВ, БМИ- медицинска сестра
- Преглед на дневник за КП, доколку пациентот води дневник- медицинска сестра
- Проценка на регулираноста на КП- општ/семеен лекар
- Проверка за можни несакани ефекти од пропишана антихипертензивна терапија-општ/семеен лекар
- Мотивација за редовно придржување кон терапијата и одржување на здрав животен стил- медицинска сестра

**Б. Водење на пациент со постигнати таргетирани вредности за КП**

Пациент со артериска хипертензија кои ги има постигнати таргетирани вредности на КП треба да направи контролен преглед кај својот матичен лекар најмалку 1 годишно.
Контролата треба да опфаќа:

- Мерење на КП- медицинска сестра
- Мерење на  ТТ, ТВ, БМИ- медицинска сестра
- Преглед на дневник за КП, доколку пациентот води дневник- медицинска сестра
- Аускултација на срце и бели дробови, преглед за периферни едеми- општ/семеен лекар
- ЕКГ- изведува медицинска сестра, резултатите ги интерпретира општ/ семеен лекар
- Лабораториски анализи *(Прилог 4 - Рутинска дијагностика за евалуација на хипертензивни пациенти)*- ги интерпретира општ/семеен лекар
- Проценка на регулираноста на КП- општ/семеен лекар
- Проверка за можни несакани ефекти од пропишана антихипертензивна терапија-општ/семеен лекар
- Врз основа на рутинскиот преглед и резултатите од направените анализи, докторот може да направи ревизија на SCORE ризик
- Мотивација за редовно придржување кон терапијата и одржување на здрав животен стил- медицинска сестра

## 8. Критериуми за упатување на секундарно/терциерно ниво на ЗЗ на пациент со ХТА

Упатување до специјалист интернист/кардиолог/ нефролог на секундарно/терцијарно ниво кога:

- ТА>200/>120 mm Hg (итно упатување)
- ТА ≥140 или ≥ 90 mmHg кај лица < 40 год (за исклучување секундарна хипертензија)
- Резистенстна хипертензија ≥140/90 mmHg лекувана со ≥ 3 лекови
- Позната срцева болест, мозочен удар, ТИА, ДМ, бубрежна болест
- Нова градна болка, поинтензивна ангинозна болка или симптоми на транзиторна исхемична атака или мозочен удар
- Висцерализација на ниво на орган – срце, бубрези, мозок, периферна циркулаторна болест, око ( на пр. Срце-ангина, КАБ, аритмии, срцева инсуфициенција)
- Новопојавени срцеви шумови
- Протеинурија
- Висок КВ/многу висок КВ ризик

Упатување до специјалист по офталмологија:

- Пациенти со сомневање за постоење на хипертензивно очно дно
- Пациенти со дијагностицирано хипертензивно очно дно зависно од стадиумот, не почесто од 1 годишно или по препорака назначена од ординирачкиот офталмолог

# 9. Прилози

**Прилог 1.**

**Чек листа за пациенти со ХТА** **бр.на картон _______.**

1.Податоци за пациентот:

- Име и Презиме: ____________________________________________.
- Возраст: Пол:.
- Професија:

2. Анамнеза:

а) Семејна анамнеза:

б) Лична анамнеза:

- пушачки статус: Ако е пушач- бр.на испушени цигари/дневно.
- алкохол: Алкохолни единици дневно/ неделно.
- други болести на зависност ( droги).
- вид на исхрана:
- физичка активност/неделно:

3. Клинички преглед

- ТТ:кг ТВ:cм БМИ:
- умбиликална дебелина: cм
- ТА ___/_____mmHg
- ЕКГ наод или прикачено ЕКГ за самата чек листа

Рутински лабораториски тестови:

- Хемоглобин и/или хематокрит
- Глукоза на гладно и гликозилиран HbA1c ( доколку пациентот е со ДМ)
- Крвни липиди – вкупен холестерол, триглицерици, ЛДЛ, ХДЛ (1 годишно кај пациенти со дислипидемија или пациенти со висок или многу висок SCORE ризик)
- Калиум и натриум во крв (1 годишно доколку пациентот користи АКЕ инхибитори, АРБ и/или диуретици)
- Урична киселина во крв (1 годишно по индикација)
- Креатинин во крв и eGFR
- Тестови за хепатална функија во крв
- Уринарна анализа- микроскопски преглед или уринарни протеини проценети со тест со лентичка или соодноc албумин/креатинин

**Прилог бр. 1а -Упатство за правилно мерење на крвниот притисок во ординација**

Пациентот треба да е седнат удобно, во тивка средина, 5 минути пред отпочнување со мерењето на крвниот притисок. Три последователни мерења треба да се направат во растојание од по 1-2 минути, а додатни мерења се прават само во случај ако првите две отчитувања се разликуваат за повеќе од 10mmHg. Крвниот притисок се бележи како просечна вредност од последните две отчитувања. Додатни мерења може да се потребни кај пациенти со нестабилни вредности на крвен притисок кои се должат на аритмија, како на пример, кај пациенти со АФ (атријална фибрилација), кај коит реба да се користи мануелниот аускултаторен метод (бидејќи повеќето автоматизирани апарати не се валидирани за мерење крвен притисок кај пациенти со АФ).

Треба да се употребува стандардн аманжетна (каф - 12-13cm во ширина, 35cm во должина) кај повеќето пациенти, но да се има поголеми и помали кафови за поголема (циркумферентна големина на надлактица над 32cm) и помала рака. Манжетната треба да е позиционирана во ниво на срцето, со обезбедена потпора за грбот и раката на пациентот, за да се избегне пораст во крвниот притисок кој би се должел на мускулна контракција или изометричка контракција. При употреба на аускултаторни методи, треба да се употребат фаза I и фаза V (ненадејна редукција/губиток) Korotkoff звуците за идентификацијана систолен и дијастолен крвен притисок.

При прв преглед, крвен притисок се мери на обете раце, за да детектирате можни разлики меѓу вредностите за секоја рака. Земете ја повисоката вредност како референтна.

Мерете крвен притисок 1 и 3 минути по станување од седечка позиција кај сите пациенти при прво мерење, за да исклучите ортостатска хипотензија. Мерење на крвен притисок во лежење и стоење треба да се земе во предвид кај наредните посети на лекар кај: постари пациенти, пациенти со дијабетес и оние со други состојби кај кои е можна честа појава на ортостатска хипотензија.

Бележете ја срцевата фреквенција и палпирајте пулс за да исклучите аритмија.

**Прилог 2 – Стадиуми на ХТА**

| **Хипертензија Градација на болест по стадиуми** | **Други ризик фактори, HMOD, или болест** | Крвен притисок (mmHg) – степени | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Висока нормална СКП130-139 ДКП85-89 | Стадиум 1 СКП 140-159 ДКП 90-99 | Стадиум 2 СКП160-179 ДКП100-109 | Стадиум 3 СКП 180 илиДКП 110 |
| Стадиум 1 (некомплицирана) | Без ризик фактори | Низокризик | Низок ризик | Среден ризик | |
| | 1 до 2 ризик фактори | Низокризик | Среден ризик | Среден до висок ризик | |
| | 3 ризик фактори | Низок до среден ризик | Среден до висок ризик | Висок ризик | |
| Стадиум 2 (асимптоматска болест) | HMOD, ХББ стадиум3, или дијабет без оштетување на целен орган | Среден до висок ризик | Висок ризик | Висок ризик | |
| Стадиум 3 (манифестна болест) | Етаблирана КВБ, ХББ ст 4, или дијабет со органско оштетување | Многу висок ризик | Многу висок ризик | Многу висок ризик | Многу висок ризик |

HMOD – оштетување на орган од хипертензија

ХББ – хронична бубрежна болест

КВБ – кардиоваскуларна болест

СКП – систолен крвен притисок

ДКП – дијастолен крвен притисок

**Прилог бр. 3 - Категории за десетгодишен кардиоваскуларен ризик (Систем за систематска евалуација на коронарен ризик)**

| | |
|---|---|
| Многу висок ризик | Пациенти со било кое од наведените:<br>Документирана кардиоваскуларна болест (КВБ), клинички потврдена или потврдено со иницинг техника.<br>• Клиничка КВБ  вклучува акутен миокарден инфаркт, акутен коронарен синдром, коронарна или друга артериска реваскуларизација, мозочен удар, ТИА, аортна аневризма и периферна артериска болест<br>• Документирана КВБ со имицинг техника вклучува сигнификантна плака (т.е. >_50%стеноза)на ангиографија или ултразвук;не вклучува задебелување на туника интима-медиа на каротиди<br>• Диабетес мелитус со оштетување на таргет орган – протеинурија, или пак оштетување со мајорен фактор на ризик како на пр. хипертензија стадиум 3 или хиперхолестеролемија.<br>• Тешка хронична бубрежна болест (ХББ)(ГФР<30mL/min/1.73m$^2$)<br>• Калкулиран 10 годишен SCOREод>_10% |
| Висок ризик | Пациенти со било кое од наведените:<br>• Значително покачување на еден ризик фактор, особено холестерол>8mmol/L(>310mg/dL),пр. фамилијарна хиперхолестеролемија или стадиујм 3 хипертензија(ТА>_180/110mmHg)<br>• Повеќето луѓе со диабетес мелитус (освен некои млади луѓе со тип 1 диабет и без мајорни ризик фактори, кои може да се со среден ризик) |
| | Хипертензивна левовентрикуларна хипертрофија |
| | Среден степен на ХББ ГФР 30-59 mL/min/1.73 m$^2$ |
| | Калкулиран 10 годишен SCORE од 5-10% |
| Среден ризик | Пациенти со:<br>• Калкулиран 10 годишен SCOREод>1to<5%<br>• Стадиум 2 хипертензија<br>• Многу средовечни мажи и жени припаѓаат во оваа категорија |
| Низок ризик | Пациенти со:<br>• Калкулиран 10 годишен SCOREод <1% |

**Прилог 4 - Рутинска дијагностика за евалуација на хипертензивни пациенти- најмалку 1 годишно**

- Хемоглобин и/или хематокрит
- Глукоза на гладно и гликозилиран HbA1c ( доколку пациентот е со ДМ)
- Крвни липиди – вкупен холестерол, триглицерици, ЛДЛ, ХДЛ (1 годишно кај пациенти со дислипидемија или пациенти со висок или многу висок SCORE ризик)
- Калиум и натриум во крв (1 годишно доколку пациентот користи АКЕ инхибитори и/или диуретици)
- Урична киселина во крв (1 годишно по индикација)
- Креатинин во крв и eGFR
- Тестови за хепатална функција во крв
- Уринарна анализа- микроскопски преглед или уринарни протеини проценети со тест со лентичка или сооднос албумин/креатинин
- ЕКГ со 12 одводи

**Прилог 5 - Препораки за промени на животниот стил кај лица со хипертензија или лица со високо нормален крвен притисок**

1. Ограничување на сол <5 г на ден
2. Ограничување на внес на алкохол под 14 единици неделно за мажи и под 8 единици неделно за жени (1-2 АЕ/ден)
3. Се препорачува да се избегнува повремено опивање
4. Зголемено консумирање на зеленчук, свежо овошје, риба, јаткасто овошје, и незаситени масни киселини (маслиново масло), консумирање мала количина црвено месо, и млечни производи со мала масленост
5. Контрола на телесната тежина за да се избегне обезност (ИТМ :30 кг/м$^2$) или обем на струк >102 cm кај мажи и >88 cm кај жении обид да се достигне здрава ИТМ (околу 20-25 кг/м$^2$) и обем на струк (<94 cm кај мажи и <80 cm кај жени) за намалување на крвниот притисок и кардиоваскуларниот ризик
6. Редовни аеробни вежби ( на пример, 30 минути умерени динамички вежби 5-7 дена во неделата) или согласно индивидуална процена на матичниот лекар поради коморбидитети на пациентот со ХТА
7. Прекин на пушење преку супортивна грижа и терапија за одвикнување на од пушење на тутун

**Прилог бр. 6 – Лекување според степен на хипертензија**

**А) Нормален/висок крвен притисок КП130-139/80-89 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Опција – медикаментозен третман кај пациенти со многу висок ризик (кардиоваскуларна болест, особено коронарна артериска болест)

**Б) Стадиум 1 хипертензија 140-159/90-99 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Веднаш медикаментозна терапија кај висок и многу висок ризик (кардиоваскуларна болест, бубрежна болест или хипертензивно посредувано органско оштетување)

- Медикаментозен третман кај низок до среден ризик пациенти без кардиоваскуларна болест, бубрежна болест и хипертензивно посредувано органско оштетување, во случај на отсуство на корекција на крвен притисок и по 3-6 месеци од промени во режим на терапија

**В) Стадиум 2 хипертензија 160-179/100-109 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Итна медикаментозна терапија кај сите пациенти

- Цел – контролиран крвен притисок во рок од 3 месеци

**Г) Стадиум 3 хипертензија КП >180/110 mmHg**

- Хигиенодиететски режим (промена на животен стил)

- Итна медикаментозна терапија кај сите пациенти

- Цел – контролиран крвен притисок во рок од 3 месеци

# Прилог 7. SCORE ризик табела

**SCORE2 И SZORE2-OP**
**10 годишен ризик за фатални и нефатални КВ настани кај популација со многу висок КВ ризик.**

| | <50 години | 50-69 години | ≥70 години |
|---|---|---|---|
| светло сиво | <2.5% | <5% | <7.5% |
| сиво | 2.5 - <7.5% | 5 - <10% | 7.5 - <15% |
| темно | ≥7.5% | ≥10% | ≥15% |

Non-HDL cholesterol: mmol/L 3.0-3.9, 4.0-4.9, 5.0-5.9, 6.0-6.9; mg/dL 150, 200, 250

| СИСТОЛЕН КРВЕН ПРИТИСОК(mmHg) SCORE2-OP | ЖЕНИ НЕПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | ЖЕНИ ПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | ВОЗРАСТ | МАЖИ НЕПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | МАЖИ ПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 160-179 | 62 | 63 | 64 | 65 | 65 | 66 | 67 | 68 | 85-89 | 49 | 54 | 59 | 64 | 49 | 54 | 59 | 64 |
| 140-159 | 60 | 61 | 62 | 63 | 63 | 64 | 65 | 66 | | 48 | 53 | 58 | 63 | 48 | 53 | 58 | 63 |
| 120-139 | 58 | 59 | 60 | 61 | 61 | 62 | 63 | 65 | | 47 | 52 | 56 | 61 | 47 | 52 | 56 | 61 |
| 100-119 | 56 | 57 | 58 | 60 | 59 | 60 | 61 | 63 | | 46 | 50 | 55 | 60 | 46 | 50 | 55 | 60 |
| 160-179 | 53 | 54 | 55 | 57 | 59 | 60 | 62 | 63 | 80-84 | 44 | 48 | 52 | 56 | 47 | 51 | 55 | 59 |
| 140-159 | 50 | 51 | 52 | 54 | 56 | 57 | 59 | 60 | | 42 | 46 | 49 | 53 | 45 | 49 | 52 | 56 |
| 120-139 | 47 | 48 | 49 | 51 | 53 | 54 | 56 | 57 | | 40 | 43 | 47 | 51 | 43 | 46 | 50 | 54 |
| 100-119 | 44 | 45 | 47 | 48 | 50 | 51 | 53 | 54 | | 38 | 41 | 45 | 48 | 40 | 44 | 48 | 51 |
| 160-179 | 44 | 46 | 47 | 48 | 53 | 55 | 56 | 58 | 75-79 | 40 | 42 | 45 | 48 | 45 | 48 | 51 | 54 |
| 140-159 | 41 | 42 | 43 | 45 | 49 | 51 | 52 | 53 | | 37 | 39 | 42 | 44 | 42 | 44 | 47 | 50 |
| 120-139 | 37 | 39 | 40 | 41 | 46 | 47 | 48 | 49 | | 34 | 36 | 39 | 41 | 39 | 41 | 44 | 47 |
| 100-119 | 34 | 35 | 36 | 37 | 42 | 43 | 44 | 46 | | 31 | 33 | 36 | 38 | 36 | 38 | 41 | 43 |
| 160-179 | 37 | 38 | 39 | 41 | 48 | 49 | 51 | 52 | 70-74 | 35 | 37 | 39 | 40 | 43 | 45 | 47 | 49 |
| 140-159 | 33 | 34 | 35 | 36 | 43 | 44 | 46 | 47 | | 32 | 33 | 35 | 36 | 39 | 41 | 42 | 44 |
| 120-139 | 29 | 30 | 31 | 32 | 39 | 40 | 41 | 43 | | 28 | 30 | 31 | 33 | 35 | 36 | 38 | 40 |
| 100-119 | 26 | 27 | 28 | 29 | 34 | 36 | 37 | 38 | | 25 | 26 | 28 | 29 | 31 | 33 | 34 | 36 |

| SCORE2 | ЖЕНИ НЕПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | ЖЕНИ ПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | ВОЗРАСТ | МАЖИ НЕПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 | МАЖИ ПУШАЧ 3.0-3.9 | 4.0-4.9 | 5.0-5.9 | 6.0-6.9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 160-179 | 27 | 28 | 30 | 31 | 41 | 42 | 44 | 46 | 65-69 | 26 | 28 | 30 | 32 | 36 | 39 | 42 | 44 |
| 140-159 | 22 | 23 | 24 | 26 | 34 | 36 | 37 | 39 | | 22 | 24 | 26 | 27 | 31 | 33 | 36 | 38 |
| 120-139 | 18 | 19 | 20 | 21 | 28 | 30 | 31 | 33 | | 18 | 20 | 21 | 23 | 26 | 28 | 30 | 33 |
| 100-119 | 15 | 16 | 16 | 17 | 23 | 24 | 26 | 27 | | 15 | 17 | 18 | 19 | 22 | 24 | 26 | 28 |
| 160-179 | 20 | 21 | 22 | 24 | 33 | 35 | 37 | 39 | 60-64 | 20 | 23 | 25 | 27 | 31 | 33 | 36 | 40 |
| 140-159 | 16 | 17 | 18 | 19 | 27 | 29 | 30 | 32 | | 17 | 19 | 20 | 22 | 25 | 28 | 31 | 33 |
| 120-139 | 12 | 13 | 14 | 15 | 22 | 23 | 25 | 26 | | 14 | 15 | 17 | 18 | 21 | 23 | 25 | 28 |
| 100-119 | 10 | 11 | 11 | 12 | 17 | 18 | 20 | 21 | | 11 | 12 | 14 | 15 | 17 | 19 | 21 | 23 |
| 160-179 | 14 | 15 | 17 | 18 | 26 | 28 | 31 | 33 | 55-59 | 16 | 18 | 20 | 23 | 25 | 28 | 32 | 35 |
| 140-159 | 11 | 12 | 13 | 14 | 21 | 23 | 24 | 26 | | 13 | 14 | 16 | 18 | 21 | 23 | 26 | 29 |
| 120-139 | 8 | 9 | 10 | 11 | 16 | 18 | 19 | 21 | | 10 | 11 | 13 | 15 | 17 | 19 | 21 | 24 |
| 100-119 | 7 | 7 | 8 | 9 | 13 | 14 | 15 | 16 | | 8 | 9 | 10 | 12 | 13 | 15 | 17 | 19 |
| 160-179 | 10 | 11 | 12 | 14 | 21 | 23 | 25 | 28 | 50-54 | 12 | 14 | 16 | 19 | 21 | 24 | 28 | 31 |
| 140-159 | 8 | 9 | 9 | 11 | 16 | 18 | 19 | 22 | | 10 | 11 | 13 | 15 | 17 | 19 | 22 | 25 |
| 120-139 | 6 | 6 | 7 | 8 | 12 | 13 | 15 | 17 | | 7 | 9 | 10 | 12 | 13 | 15 | 17 | 20 |
| 100-119 | 4 | 5 | 5 | 6 | 9 | 10 | 11 | 13 | | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 12 | 14 | 16 |
| 160-179 | 7 | 8 | 9 | 10 | 16 | 18 | 21 | 23 | 45-49 | 9 | 11 | 13 | 16 | 17 | 20 | 24 | 28 |
| 140-159 | 5 | 6 | 7 | 8 | 12 | 14 | 15 | 17 | | 7 | 8 | 10 | 12 | 13 | 16 | 18 | 22 |
| 120-139 | 4 | 4 | 5 | 6 | 9 | 10 | 12 | 13 | | 5 | 6 | 8 | 9 | 10 | 12 | 14 | 17 |
| 100-119 | 3 | 3 | 4 | 4 | 7 | 8 | 9 | 10 | | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 11 | 13 |
| 160-179 | 5 | 6 | 7 | 8 | 13 | 15 | 17 | 19 | 40-44 | 7 | 9 | 11 | 13 | 14 | 17 | 20 | 24 |
| 140-159 | 4 | 4 | 5 | 6 | 9 | 11 | 12 | 14 | | 5 | 6 | 8 | 10 | 11 | 13 | 16 | 19 |
| 120-139 | 3 | 3 | 3 | 4 | 7 | 8 | 9 | 10 | | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 | 12 | 14 |
| 100-119 | 2 | 2 | 2 | 3 | 5 | 6 | 6 | 7 | | 3 | 4 | 4 | 5 | 6 | 7 | 9 | 11 |

ESC

**3012.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ДИЈАГНОЗА И ВОДЕЊЕ ПРЕДДИЈАБЕТЕС, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2, ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТА/СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА**

Член 1

Со ова упатство се пропишува превенција, дијагноза и водење преддијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина.

Член 2

Начинот на превенција, дијагноза и водење преддијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на превенција, дијагноза и водење преддијабетес, дијабетес мелитус тип 2, во здравствените установи од областа на општа/семејна медицина по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6822/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# УПАТСТВО ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА, ДИЈАГНОЗА И ВОДЕЊЕ ПРЕДДИЈАБЕТЕС, ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2, ВО ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА ОПШТА/СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА

## ВОВЕД

### Намена на документот

Овој документ е наменет за здравствените установи од дејноста општа медицина/семејна медицина, кои се дел од мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија. Документот претставува протокол за превенција, дијагноза и водење на дијабетес мелитус тип 2 кај лицата над 18 години, на примарно ниво на здравствена заштита, кој опфаќа опис на принципите и начин на постапување поврзани со превенција на дијабетес мелитус тип 2 (скрининг), поставување на дијагноза и водење на лица со дијабетес мелитус тип 2. Целта е овој протокол да ги прилагоди принципите на медицина базирана на докази на секојдневната работа и да ги опише конкретните чекори и постапки за справување со проблемот на Дијабетес мелитус тип 2 на примарно ниво на здравствена заштита т.е. на нивото кое е најдостапно до граѓаните.

### Дефиниција, класификација и епидемиологија

Шеќерната болест (дијабетес мелитус) е група од различни болести на кои заедничка им е зголемена концентрација на глукоза во крвта. Дијабетес мелитус е хронично метаболно заболување со мултипна етиологија кое се карактеризира со хронична хипергликемија, со нарушување во метаболизмот на јагленхидрати, масти и протеини како резултат на нарушена инсулинска секреција, на инсулинската акција (резистенција) или и на двете.

Хроничната хипергликемија доведува до значителен морбидитет поврзан со микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (исхемична срцева болест, мозочен удар, периферна васкуларна болест) и намален квалитет на живот.

Според етиологијата, терапијата и прогнозата, се разликуват 4 основни категории дијабетес. Класификацијата на дијабетес може да се направи релативно лесно врз основа на возраста на заболениот и клиничкиот тек и тоа уште на примарно и секундарно ниво на здравствена заштита

- Дијабетес мелитус тип 1
- Дијабетес мелитус тип 2
- Гестациски дијабетес мелитус ГДМ
- Специфични видови на дијабетес поради други причини

Дијабетес мелитус тип1имаат 4% од пациентите со дијабетес. Покаченото ниво на шеќер во крвта е последица на автоимуно оштетување на бета клетките на панкреасот, кој веќе не лачи инсулин, обично се одвиванагло, па затоа пациентот симптомите почнува да ги чувствува набрзо по појавата на болеста, најчесто за неколку дена или недели. Имаат склоност кон кетоацидоза. Обично заболуваат деца и млади под 35 години, но може да се појави во секоја возраст (доцен почеток на дијабетес тип 1LADA). Бидејќи не ни е позната причината за заболувањето, не можемеда ги препознаеме лицата со ризик од дијабетес тип 1 и не можеме да го превенираме.

Дијабетес тип 2 имаат 90- 95% од пациентите со дијабет. Покаченото ниво на шеќер во крвтае последица на секреција на инсулин од панкреасот, како и наинсулинска резистенција или нарушено дејство на инсулинотнацелните ткива, пред се на мускулите и црниот дроб. 80 % од пациентите со ДМ тип 2 имаат прекумерена телесна тежина. Симптомите може да изостанат, да бидат благи и постепени. Болеста може да остане долго неоткриена, се развива бавно.Некои состојбипретставуваат голем ризикзаразвојна дијабетестип2: покаченагликемија на гладно, покачена постпрандијална гликемија (нарушена толеранција на гликоза), гестациски дијабетес. Дијабетес Мелитус тип 2 може да се превенира . Ризикот се намалува со контрола на Телесна Тежина и редовна физичка активност.

Дијабетес во бременоста или гестациски дијабетес е тип на дијабетес кој за првпат се јавува за време на бременоста. 1 од 7 бремености се афектирани согестациски дијабет ( IDF 2017). Гликемијата најчесто се нормализира после породувањето или може да премине во дијабетес тип 1 (поретко) или дијабетес тип 2. Жените кои имале дијабетес во бременоста, имаат висок ризик за појава на дијабетес тип 2 подоцна во животот и затоа е потребено да се следат понатаму.

Другите типови на дијабетес настануваат како последица на некои лекови, болести на панкреасот, моногенетски синдроми и други ретки болести.

## СИСТЕМАТСКИ СКРИНИНГ НА НАСЕЛЕНИЕТО СО ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

### Принципи и постапка за скрининг на предијабетес и дијабетес мелитус тип 2

*1.Скрининг кај возрасни лица*

Критериуми за тестирање на дијабетес мелитус или предијабет кај асимптоматски пациент

Скринингот за дијабетес треба да започне на возраст од 45 години за лица кои немаат фактори на ризик.

Се препорачува овој скрининг да започне порано кај лица кои се натхранети, кои имаат индекс на телесна маса (BMI) ≥25 kg/m2 и ≥1 или повеќе ризик ф-ри како што се:

- Физички неактивни
- Жени со гестациски дијабетес или макрозомија (ТТ на новороденче над 4000 gr)
- Хипертензија (над 140/90 mmHg)
- Дислипопротеинемија (HDL-h < 0,90 mmol/l и/илиTg ≥ 2,82mmol/l)
- Жени со ПЦО-синдром
- Лица со претходно дијагностицирано гликозно нарушување (IFG, IGT), HbA1c ≥ 5,7%
- Состојби поврзани со инсулинска резистенција (акантозис нигриканс, дебелина)
- Историја за КВБ
- Роднини од прво колено

Ако резултатите од скрингот кај возрасни лица се нормални, испитувањето треба да се повторува најмалку на тригодишни интервали или почесто, во зависност од првичните резултати и факторите на ризик.

Кај индивидуи со предијабетес и лица со фактори на ризик, испитувањето треба да се повтори еднаш годишно.

*2.Скрининг кај Бремени жени – тестирање со ОГТТ*

Прва пренатална посета ако има ризик

24-28 гестациска недела ако немала претходно дијабетес

*3.Скрининг кај деца и адолесценти* за ДМ тип 2 или предијабетескај деца над 10 години или почеток на пубертет ако имаат еден или повеќе ризик фактори

- зголемена ТТ – натхранети (≥85 перцентила) или обезни (≥95 перцентила)
- и имаат еден или повеќе ризик фактори
- семејна историја за ДМ тип 2, прво или второ колено
- знаци за инсулинска резистенција или состојба асоцирана со инсулинска резистенција
- мајка со гестациски ДМ

Улога на Медицинска сестра

Откривање на лица со висок ризик од дијабетес мелитус тип 2 - се врши во ординација по општа /семејна медицина со вршење на превентивни прегледи на ризик фактори од страна на медицинска сестра.(чек листа за ризик фактори)

Возраст

- Возрасни лица без ризик фактори на 45 години
- Возрасни лица под 45 години со BMI ≥25 и ≥1 или повеќе ризик ф-ри
- Физички неактивни
- Жени со гестациски дијабетес или макрозомија (ТТ на новороденче над 4000 г)
- Хипертензија (над 140/90 mmHg)
- Дислипопротеинемија
- (HDL-h < 0,90 mmol/l и/или Tg ≥ 2,82mmol/l)
- Жени со ПЦО-синдром
- Лица со претходно дијагностицирано глукозно нарушување
- (IFG≥5.6 mmol/L, IGT≥7.8 mmol/L, $HbA_{1c}$ ≥ 5,7%)
- Состојби поврзани со инсулинска резистенција (акантозиснигриканс, дебелина)
- Историјаза КВБ

Женски пол- Бремени жени

- Прва пренатална посета ако има ризик
- 24-28 гестациска недела ако немала претходно дијабетес

Деца и адолесценти над 10 години или почеток на пубертет ако имаат еден или повеќе ризик фактори

- зголемена ТТ – натхранети (≥85 перцентила) или обезни (≥95 перцентила)

- и имаат еден или повеќе ризик фактори
- семејна историја за ДМ тип 2, прво или второ колено
- знаци за инсулинска резистенција или состојба асоцирана со инсулинска резистенција
- мајка со гестациски ДМ

Евидентира статус на пушење цигари , консумација на алкохол и/или болести на зависност

Мерење: ТТ, ТВ, БМИ , централна дебелина, крвен притисок

*Медицинската сестра ги детектира лицата кои треба да направат скрининг за дијабетес и ги насочува кон матичниот лекар –(лекар по општа медицина , семејна медицина)*

Улога на доктор по општа медицина семејна медицина

Назначува лабораторија:

- Гликемија на гладно, комплетен липидограм – холестерол, ХДЛ, ЛДЛ, триглицериди
- ОГТТ кај бремени жени
- Гликемија на гладно кај деца и адолесценти

Резултатот од клиничкиот скрининг:

- Возрасни лица
- Здрава личност
- Нема фактори на ризик во личната и семејната историја како и во мерењата, а нивото на гликемијата на гладно е <5,6 mmol / l

Медицинската сестра дава упатства за здрав начин на живот и поканува на преглед за 3 години. По потреба и порано

**Здрава личност** - гликемијата на гладно е <5,6 mmol / l
**Ако се резултатите уредни, ретестирање се врши по 3 години.**

Постои ризик од развој на дијабетес тип 2

Присутни фактори на ризик во личната и семејната историја како и во мерењата и гликемијата на гладно <5,6 mmol / l

**Постои ризик од развој на дијабетес тип 2** гликемијата на гладно <5,6 mmol / l**Ако се резултатите уредни, кај индивидуи со фактори на ризик, испитувањето треба да се повтори еднаш годишно**

Нарушена гликемија на гладно, IFG-Impaired fasting glycemia

- гликемија 5,6 - 6,9 mmol / l на гладно

Потребно е ОГТТ

( видете Дијагноза на дијабет )

Нарушена толеранција на гликоза (IGT-Impaired glucose tolerance)

- 7,8 – 11,0 mmol/L по 2 часа според OGTT

(Видете Дијагноза на дијабетес)

Факторите на ризик за кардиоваскуларни болести (Фрамингам) треба да се испитаат кај лица со нарушена гликемија на гладно и нарушена толеранција на глукоза.

**Кај индивидуи со нарушена гликемија на гладно или предијабет испитувањето треба да се повтори еднаш годишно**

*На такво лице му треба индивидуален~~совет~~пристап или упатство во соодветни програми за унапредување на здравјето во центрите за здравствена едукација или центрите за здравствена промоција.*

*Повторна проценка на состојбата е обично по 1 година, во зависност од очекуваната стапка на промена на гликемијата, потребно е утврдување на гликемија на гладно или уште подобро OGTT по2 години.*

<u>Цели за лица со нарушена гликемија на гладно и нарушена толеранција на гликоза:</u>

- во случај на зголемена телесна тежина или дебелина, губење на тежината од најмалку 5-7% за половина година и одржување на постигнатата тежина,
- редовна умерено интензивна физичка активност (50-70% од максималниот ритам на срцето) најмалку 150 минути неделно (30 минути на ден 5 пати неделно),
- Се советува престанок на пушење
- диета што содржи:
    - доволно влакна (≥ 15 g/1000 kcal),
    - умерено количество маснотии (≤ 35% од целодневните енергетски потреби), особено заситени и транс масти (<10% од целокупните енергетски потреби),
    - внес на јаглехидрати во форма на цели зрна, овошје, зеленчук и мешунки.

Пациент со гликемија на гладно 7,0 mmol / l или повеќе:

- Избраниот лекар, лекар по општа медицина семејна медицина треба да пристапи кон понатамошна дијагноза и третман.
- Погледнете Дијагноза дијабетес!

*Лицата со ризик за Дијабетес мелитус тип 2, предијабет и лицата со ДМ тип 2 се Упатуваат до соодветни програми за унапредување на здравјето во центарот за здравствено образование или во центарот за здравствена промоција.*

*Упатување до локално здружение на пациенти заболени од дијабет*

Бремени жени

Доколку нивото на плазма гликемија ги надминува вредностите:

- на гладно 5.1 mmol/l (92 mg / dL)
- 1 час 10,0 mmol/l (180 mg / dL)
- 2 час 8,5 mmol/l (153 mg / dL)

Тое е критериум за дијагноза на Гестациски Дијабет и пациентката се упатува на секундарна односно терциерна здравствена заштита

Деца и адолесценти над 10 години или почеток на пубертет ако имаат еден или повеќе ризик фактори

- **Позитивен тест за дијабетес упати на педијатар**
  **FPG** ≥7,0mmol/l,**RPG (OGTT)** ≥11,1mmol/l, **HbA$_{1C}$**≥6,5%
- **Позитивен тест за предијабетес упати на педијатар**
  **FPG**-5,6-6,9mmol/l,**RPG (OGTT)**-7,8-11mmol/l, **HbA$_{1C}$**-5,7-6.4%
- **Негативен тест**
  **FPG** <5,6mmol/l,**RPG**<7,8mmol/l, O**GTT**<7.8mmol/l,**HbA$_{1C}$<5,7%**
  **Да се повтори после 3 години**

**ДИЈАГНОЗА НА ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП 2**

Принцип и постапка за дијагноза на дијабетес мелитус тип 2

Лекарот по општа медицина/семејна медицина ја проверува вредноста на гликемијата во крвта утврдена во стандардна лабораторија, според стандардна процедура и други мерења кои ги направиламедицинската сестра.Дијагнозата за дијабетес ја поставува врз основа наклиничкатасликаи наодот одгликемија на гладно.илипри случајно мерена гликемија.Ако концентрацијата на гликемијатана гладно изнесува од 5,6 mmol/l до 6,9 mmol/l,се врши и орален глукоза толеранс тест. Одредувањето на HbA1c (гликозилиран хемоглобин) не е рутински метод за дијагностицирање на дијабетес.

Критериуми за дијагностицирање на дијабетес

- симптоми на дијабетес (полиурија, полидипсија и необјаснето губење на телеснатежина)
- случајно мерена гликемијаво плазма ≥11,1mmol/l(во кое било време во денот, без оглед на времето на последниот оброк) во два наврати

- гликемија во плазма измерена на гладно≥7,0 mmol/l(без калоричен внес најмалку 8 часа)во два наврати
- ОГТТ (Тестот се прави со 75г гликоза, растворена во вода)
- гликемија 2 часа после оптеретување со гликоза ≥ 11,1mmol/l

Одредувањето на HbA1c (гликозилиран хемоглобин) не е рутински метод за дијагностицирање на дијабетес. Според критериумите ниво на HbA1c≥6,5% е дијагноза за дијабетес.

Предијабетес

Предијабетес е состојба кога гликемијата е повисока од нормалните вредности, но сепак недоволно за да се постави дијагноза на дијабетес тип 2. Предијабетесот не треба да се гледа како клинички ентитет сам по себе, туку како зголемен ризик за дијабетес и кардиоваскуларни болести (КВБ-CVD). Поврзан е со дебелина (особено абдоминална или висцерална дебелина), дислипидемија со високи триглицериди и/или низок HDL холестерол и хипертензија. Истите тестови се користат и за откривање на лица со предијабетес.

Критериуми за дијагноза на предијабет

| Нарушена толеранција на глукоза (IGT; impaired glucose tolerance) | |
|---|---|
| Гликемија нагладно | <7.0 mmol/l |
| Плазма гликемија на 120 мин. од ОГТТ | ≥7.8 до <11.1mmol/l |
| Или | |
| Нарушена гликемија на гладно (IFG; impaired fasting glucose) | |
| Гликемија на гладно | 5.6 до 6.9 mmol/l |
| Плазма гликемија на 120 мин. од ОГТТ | <7.8 mmol/l |
| Или | |
| HbA1c | 5.7 до 6.4% |

Критериум за дијагноза на гестациски дијабетес со 75 г ОГТТ.

Дијагнозата се потврдува кога нивото на плазма гликемија ги надминува вредностите:

- на гладно 5.1 mmol/l (92 mg / dL)
- 1 час 10,0 mmol/l (180 mg / dL)
- 2 час 8,5 mmol/l (153 mg / dL)

Тестот се изведува по најмалку 8-часовно гладување

При поставување на дијагноза за ГД пациентката се упатува на секундарна односно терциерна здравствена заштита

Критериум за дијагноза на предијабет или дијабет кај деца и адолесценти

- FPG $\geq$7,0mmol/l,RPG (OGTT) $\geq$11,1mmol/l, $HbA_{1C} \geq 6,5$%

  Позитивен тест за дијабетес упати на педијатар

- FPG-5,6-6,9mmol/l,RPG (OGTT)-7,8-11mmol/l, $HbA_{1C}$-5,7-6.4%

  Позитивен тест за предијабетес упати на педијатар

- FPG $<$5,6mmol/l,RPG$<$7,8mmol/l, OGTT$<$7.8mmol/l,$HbA_{1C} < 5,7$%

  Негативен тест

Да се повтори после 3 години

**<u>ВОДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТ СО ДМ2 - Сеопфатна медицинска евалуација</u>**

терапијата на лицата со дијабетес вклучува не само одржување на нормогликемија, туку и влијание на намалување на останатите фактори на кардиоваскуларен ризик, како и евалуација на микро и макроваскуларните компликации. Сеопфатната медицинска евалуација на пациенти со дијабетес го вклучува иницијалното и континуирано следење

Компоненти на сеопфатна медицинска евалуација

*Анамнеза медицинска историја*

Медицинската сестра зема анамнеза за: навики за исхрана,физичка активност, пушење, алкохол и болести на зависност,промена на ТТ, подносливост и несакани реакции од терапија, редовност на земање на терапија, анамнеза за хипогликемија и хипергликемија, утврдување на имунизација по протокол-грип и пнеумококна, утврдување на направени прегледи по протокол. Документирање на работа и извршени услуги во компјутерска програма Запишување во регистер за дијабетес- чек листа 1

Лекар зема анамнеза за:возраст на која се јавил дијабетесот и карактеристики на почеток на болеста( на примердијабетична кетоацидоза, асимптоматски лабораториски наод) симптоми за коморбидитети и компликации (макроваскуларни и микроваскуларни,депресија),анамнеза за хипогликемии, хипергликемии, варијабилност, земање на терапија, претходни режими на лекување и резултат од лекувањето,подносливост, редовност, комбинирање со други лекови и интеракција со храна и физичка активност, психосоцијални проблеми и препреки за терапија претходна едукација за дијабетес, самоконтрола, поддршка од околината, резултати од претходно следење на гликемија и самокотрола, историја за покачен крвен пристисок и абнормалности на липиден статус.- чек листаанамнеза

Патронажна сестра зема анамнеза на барање на избраниот доктор за:подносливост и несакани реакции од терапија,хипогликемии и хипергликемии, редовност на земање на терапија, мери гликемија на гладно и постпрандијално со глукометар, евентуално и тест на урина со тест трака-чек листа 3

*Клинички преглед*

1.Медицинска сестра

- телеснатежина, телесна висина, одредува индекс на телесна маса, Обем на половина
- Мерење на крвен притисок

2.Лекар по општа медицина /семејна медицина -чек листа клинички преглед

- Проценка на КВ ризик –SCORE , преглед на кожа,(пр. присуство на acanthosis nigricans, липодистрофии на местата на апликација на инсулинот), аускултацијасрце и големи артерии, ЕКГ интрепретација Периферни артерии: палпација,Одредување на АБИ , испитување со доплер – СЛ, Стапала (инспекција, палпација на пулсации на аа. dorsalis pedis и аа. posterior tibialis, присуство/отсуство на пателарни рефлекси и Ахиларен рефлекс,одредување на проприоцепција, чувство за вибрација, чувство за допир, соодветни чевли, плускавци, невролошки преглед, психички статус, палпација на штитна жлездаИспитување на очното дно со фундусна фотографија се упатува на офталмолог

3.Патронажна сестра - Посета на пациенти по упат од матичен лекар

**Медицинска сестра**

- Тежина, висина, индекс на телесна маса
- Обем на половина
- Мерење на крвен притисок

**Лекар по општа медицина- семејна медицина**

- Проценка на КВ ризик –SCORE
- преглед на кожа,(пр. присуство на acanthosis nigricans, липодистрофии на местатана апликација на инсулинот)
- аускултацијасрцеи големи артерии
- ЕКГ интрепретација
- Периферни артерии: палпација,Одредување на АБИ , испитување со доплер
- Стапала (инспекција, палпација на пулсации на аа. dorsalis pedis и аа. posterior tibialis,присуство/отсуство на пателарни рефлекси и Ахиларен рефлекс,одредување на проприоцепција, чувство за вибрација, чувство за допир, соодветни чевли, плускавци
- невролошки преглед,
- психички статус,
- палпација на штитна жлезда
- Испитување на очното дно со фундусна фотографија упатување на офталмолог) согласно листа на здр услуги во ординација општа медицина семејна медицина)

**Патронажна сестра** Посета на пациенти по упат од матичен лекар

- Мерење на крвен притисок

*Лабораториски испитувања*

1.Медицинска сестра

- гликемија на гладно, постпрандијална гликемија (со глукометар)
- урина со лента за испитување полу- квалитативни параметри: гликоза, протеини, кетони
- Пациентите со нерегуиран дијабетес или присуство на гликоза, кетони и протеини во урина ги упатува кај матичен лекар

2.Избран лекар по општа медицина /семејна медицина испитува -чек листа Лаб.анализи

- Гликемиски статус – гликемија на гладно, пострпрандијална, $HbA_{1c}$(оптимално на 3-6 месеци)

Доколку нема или не се достапни резултати една година наназад да се направи :

- Липиден профил на гладно (вкупен серумски холестерол,ХДЛ-холестероол, триглицериди и ЛДЛ-холестерол)
- Тестови за хепаталната функција
- Серумски креатинин ипроценета гломеруларна филтрациона рата
- Протеини во урина
- Прекуноќна урина за албуменска екскреција (< 20 µg/мин нормално, 20-200 µg/мин микроалбуминурија, > 200 µg/мин макроалбуминурија) упатување на секундарно/терциерно ниво
- TSH за пациенти со дијабетес тип 1 – 1х годишно

3. Патронажна сестра

По упат на матичен лекар остварува посета на пациенти

- испитува гликемија на гладно, постпрандијална гликемија (со глукометар)
- урина со лента за испитување полу- квалитативни параметри : гликоза, протеини, кетони

Пациентите со нерегуиран дијабетес или присуство на гликоза, кетони и протеини во урина ги упатува кај матичен лекар.

**Фрекфенција на прегледи**

Фреквенцијата на прегледи се прилагодува индивидуално, но секој пациент мора најмалку еднаш годишно да биде комплетно прегледан.

При воспоставување на дијагноза и при воведување на нов тераписки режим- контроли на две недели, потоа месечно, еднаш на три до шест месеци доколку состојбата е под контрола.

## СТРУКТУРИРАНИ РЕДОВНИ ПРЕГЛЕДИ

| ПРЕГЛЕД | КОНТРОЛИ ВО ТЕК НА 1 ГОДИНА |
|---|---|
| HbA1c | 4 x (на 3 месеци) |
| Крвен притисок | 4 x (на 3 месеци) |
| Срце и крвни садови | Мин. 1 x |
| Очно дно | Мин. 1 x |
| Стапала* | 4 x (на 3 месеци) |
| Бубрези (урина) | Мин. 1 x |
| Липиди | Мин. 1 x |
| Телесна Тежина | 4 x (на 3 месеци) |

*кај лица со визок ризик, кај останатимин.1 годишно

**Цели на лекување**

Покрај придржување кон општите упатства, потребен е и индивидуализиран пристап земајќи ја предвид возраста на пациентот, очекуваното траење на животот и коморбидитетите. Тераписките цели за контрола на дијабетес тип 2 опфаќаат терапевтски цели во однос на гликемиска контрола, крвен притисок, липиден статус, препораките во однос на инхибиција на коагулацијата на крвта, пушење, физичка активност, телесна тежина и исхрана

*Целната вредност на HbA1c*

- Целна вредност за $HbA_{1c}$ за повеќето возрасни е <7,0% (<53 mmol/mol).
- Построги целни вредности за $HbA_{1c}$ од <6,5% (48 mmol/mol) може да се предложат на индивидуализирана база без значајна хипогликемија или други несакани ефекти од терапијата, се однесува на помлади пациенти без кардиоваскуларни заболувања и кратко траењен на болеста или новодијагностициран дијабет тип 2
- Помалку строги целни вредности за $HbA_{1c}$ од < 8% (64 mmol/mol) или до 9% (75 mmol/mol) може да бидат соодветни за постари пациенти, кај пациенти со честа или тешка и непрепознаена хипогликемија, долго траење на дијабетесот, повеќе придружни болести, напреднати микро- и макро-васкуларни компликации и значително намален животен век и кај оние кои не владеат со самоконтролата.

Еден од основните параметри кои ги следиме кај пациентите со дијабетес е секако гликемијата. 2.Насоки за добра контрола на гликемијата

- 4,4 и 7,2 mmol/l на гладно
- под 10mmol/l, за гликемија по јадење (постпрандијална гликемија)
- под 7% или 53 милимоли на мол. HbA1C

Но, се препорачува овие вредности да се индивидуализираат за секој пациент

*Целна вредност на крвен притисок –*

1.Препораки

- Крвниот притисок треба да се мери при секоја рутинска клиничка посета. Кај пациентите со зголемен крвен притисок (≥140/90), мерењата на крвниот притисок треба да се потврдат со користење на повеќекратни мерења, вклучувајќи и мерења во различни денови, за да се дијагностицира хипертензија. B
- Сите пациенти со дијабетес кои имаат хипертензија треба да го следат нивниот крвен притисок дома. B
- Кај бремени пациентки со дијабетес и претходно постоечка хипертензија, кои се лекуваат со антихипертензивна терапија, се препорачуваат вредности на крвен притисок од 135/85 mmHg во интерес на редукција на ризикот за влошување на хипертензијата кај мајката и намалено нарушување на феталниот раст. E

Пациентите со резистентна хипертензија кои не ги исполнуваат целните вредности на крвниот притисок со три класи на антихипертензивни лекови (вклучувајќи и диуретик) треба да се земат предвид за терапија со антагонисти на минералокортикоидните рецептори. Б

Хипертензијата е многу честа состојба при дијабетес и е важно соодветно да се контролира и да се третираат  на индивидуализиран начин

2.Целна вредност на КП

- Антихипертензивен третман се препорачува кај лица со дијабет кога КП е >140/90mmHg- A
- За повеќето возрасни се препорачува целна вредност за СКП до 130 mmHg и под 130 mmHg  ако може да се толерира, но не <120 mmHg. -A
- Целна вредност на ДКП е <80 mmHg но не и под 70 mmHg
- Помалку строги целни вредности може да се поставaт кај постари пациенти (на возраст >65 години) во интервал од 130-139 mmHg.
- СКП<130mmHg за време на третман може да се земе во предвид кај пациенти со особено висок ризик од цереброваскуларни настани како што се оние пациенти со историја на мозочен удар

3.Стратификација на ризик кај пациент со дијабетес Графикон 1

- Многу висок ризик пациенти со дијабетес со потврдена кардиоваскуларна болест или друг вид оштетување на целен орган или три или повеќе големи ризик фактори или рано дијагностициран дијабет со долго времетраење, подолго од 20 год. Под оштетување на целен орган се подразбира оштетување на бубрези изразено како протеинурија, eGFR повисоко од  30, потоа на срце како левовентрикуларна хипертрофија или на очите -ретинопатија.Големи ризик фактори се : возраст, пушење, хипертензија, дислипидемија, обезност.
- Висок ризик пациенти со дијабетес со времтраење од ≥10 години без оштетување на целен орган и кој било друг ризик фактор
- Умерен ризик млади пациенти (дијабет тип 1 <35 години, дијабет тип 2 <50 години) со времетраење на дијабетесот <10 години без други ризик фактори

4.Третман и евалуација на КП

Промени во животниот стил (губење на телесна тежина при прекумерна телесна тежина, физичка активност, ограничување на алкохол, ограничување на натриум и зголемено конзумирање на овошје (на пр. 2–3 порции), зеленчук (на пр. 2–3 порции) и млечни производи со малку масноти се препорачува кај пациенти со дијабетес и предијабетес со хипертензија.А

Избран лекар лекар по општа медицина семејна медицина препорачува фармаколошка терапија

- Се препорачува блокатор на РААС (АКЕ инхибитори или АРБи) при третман на хипертензија кај дијабетес, особено во присуство на микроалбуминурија, албуминурија, протеинурија или ЛВ хипертрофија.А
- Се препорачува да се започне третман со комбинација на РААС блокатор со блокатор на калциумови канали или диуретик тијазид/сличен на тијазид А
- Кај пациенти со IFG или IGT, блокаторите на РААС треба да имаат предност пред бета блокаторите или диуретиците за да се намали ризикот од нов почеток на дијабетес

*Целна вредност на ЛДЛ-холестерол*

Препораките за целни вредности на ЛДЛ холестеролот се разликува во зависност од тоа на која категорија на ризик припаѓа пациентот

- Кај пациенти со дијабетес со многу висок КВ ризик ( (познато кардиоваскуларно заболување, откажување на целните органи (протеинурија или оGF под 60 години) или без откажување на целните органи со еден од факторите на ризик (пушење, артериска хипертензија или ЛДЛ над 3.0 mmol / l)) статини обично се препорачуваат без оглед на основниот LDL-холестерол,целни вредности за LDL-C до <1,4 mmol/L (<55 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.
- Кај пациенти со дијабетес со висок ризик (пациенти без откажување на целните органи и пациенти без дополнителни фактори на ризик (пушење, артериска хипертензија или ЛДЛ над 3,0 mmol / l))целна вредност за LDL-C е <1,8 mmol/L (<70 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.
- Кај пациенти со дијабетес со умерен КВ ризик целна вредност за LDL-C <2.5 mmol/L (<100 mg/dL).

Фармаколошка терапија

- Лекар по општа медицина /семејна медицина иницира администрација на фармаколошка терапија која се дефинира врз основа на профилот на КВ ризик на пациентот и препорачано ниво на LDL Статини се Прв избор за намалување на ниво на липиди кај пациенти со дијабет и со високо ниво на LDL AI
- Доколку не се постигне целна вредност за LDL се препорачува комбинирана терапија со езетимиб – B I да се упати на специјалист
- Интервенција во животен стил (намалување на ТТ, намалено конзумирање на брзо абсорбирачки јаглехидрати) и Фибрати кај пациенти со низок HDL и вискои триглицериди BIIa

*Антитробоцитна терапија*

- Употреба на антиагрегациона терапија -ацетилсалицилна киселниа 100 мг / дневно во примарна превенција во отсуство на познати контраиндикации Кај пациентите со дијабет со Висок и Многу висок ризикможе да се земе во предвид А IIb
- Кај пациенти со дијабет со Умерен КВ ризик не се преопрачува употреба на антиагрегациона терапија во превенција

Треба да се земат во предвид инхибитори на протонска пумпа за Гастрична заштита за да се спречат ГИТ крварењакога се користи мала доза на ацетилсалицилна киселниа А IIa (гастроинтестинални крварења, пептички улкус во изминатите 6 месеци, ако пациентот имал активна болест на хепар или алергија на ацетилсалицилна киселина)

**Тераписки цели за контрола на дијабетес тип 2**

| Ризик фактор | Цел |
|---|---|
| КП | • За повеќето возрасни целна вредност за СКП е 130 mmHg, <130 mmHg ако може да се толерира, но не <120 mmHg.<br>• Помалку строги целни вредности кај постари пациенти (на возраст >65 години) во интервал од 130-139 mmHg. |
| Гликемиска контрола $HbA_{1c}$ | • Целна вредност за $HbA_{1c}$ за повеќето возрасни е <7.0% (<53 mmol/mol).<br>• Построги целни вредности за HbA1c од <6.5% (48 mmol/mol) може да се предложат на индивидуализирана база без значајна хипогликемија или други несакани ефекти од терапијата.<br>• Помалку строги целни вредности за $HbA_{1c}$ од <8% (64 mmol/mol) или до 9% (75 mmol/mol) може да бидат соодветни за постари пациенти. |
| Липиден статус LDL-C | • Кај пациенти со дијабетес со многу висок КВ ризик целни вредности за LDL-C до <1,4 mmol/L (<55 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.<br>• Кај пациенти со дијабетес со висок ризик целна вредност за LDL-C е <1,8 mmol/L (<70 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.<br>• Кај пациенти со дијабетес со умерен КВ ризик целна вредност за LDL-C <2.5 mmol/L (<100 mg/dL). |
| Инхибиција на коагулација на крвта | Кај пациенти со дијабетес со висок/многу висок КВ ризик. |
| Пушење | Прекинување на пушењето е задолжително. |
| Физичка активност | Умерена до интензивна, ≥150 min/неделно, комбиниран тренинг со аеробни вежби и вежби со отпор. |
| Телесна тежина | Стабилизација на телесната тежина кај пациенти со прекумерна телесна тежина или обезни пациенти со дијабетес, базирана на балансиран внес на калории и намалување на телесната тежина кај пациенти со IGT, за да се спречи развој на дијабетесот. |
| Диететски навики | Намалување на калорискиот внес се препорачува кај обезни пациенти со дијабетес тип 2 за да се намали телесната тежина; не постои идеален процент калории кои потекнуваат од јаглехидрати, протеини и масти за сите луѓе со дијабетес. |

*Адаптирано од 2019 ESC Guidelines on diabetes, pre-diabetes, and cardiovascular diseases[3]*

**Принципи и постапка за лекување - Справување со дијабет**

***Нефармаколошка терапија***

Едукација и поддршка

Целта на едукацијата на пациентите со дијабетес тип 2 е пациентот да се оспособи за одговорно донесување одлуки за самолекување на болеста, а со тоа да го подобри метаболизмот и да го намали ризикот од акутни ихронични компликации од дијабетесот.

Сита лица со дијабет би требало да учествуваат во самосправување со својата болест за да се олесни имплементирање на знаење вештини и однесување при дијагноза и водење на болеста В

План за едукација и поддршка за самосправување треба да содржи индивидуализиран пристап, да е приспособен на приоритетите на пациентот, да ги почитува неговите потреби за евалуација систем на вредностии да помогне во водење на клинички одлуки В

Потреба за евалуација на едукација и поддршка се прави :

- При поставување на дијагноза
- Годишно при проценка на едукација , исхрана и емотивни потреби
- Секогаш кога ќе се појават компликации
- Промена на здравствена грижа

Едукативни цели при прегледот

- Разбирањеза хроничната и прогресивнаприроданаболеста- состојбата
- Важноста на:
    - самогрижата и придржување до терапијата
    - самоконтролата - следењенахипергликемијата и превенција на хипогликемии
    - намалувањето на телесната тежина
    - модификацијата на стилот на живеење (исхрана, физичка активност)
    - справување со другите ризик фактори- пушење, ХТА, дислипидемија

Модификација на животен стил

**Исхрана** На пациентите им овозможуваме структурирана едукација заисхраната при присуство на дијабетес. Првите совети се даваат при утврдувањето на болеста, а потоа продолжуваме со редовно советување.Индивидуализиран пристап – согласно со калориските и метаболичките цели, Прифатливи се различни планови за исхрана во справувањето со дијабет, тип 2, вклучувајќи медитеранска, DASH и растителна исхрана.

- Јаглехидрати – се Препорачува Зрнести продукти, зеленчуци, овошје, легуминози и млечни продукти, со акцент на зрнеста храна сиромашна с шеќери.

- Протеини - Кај лица со дијабетес тип 2, протеините го зголемуваат инсулинскиот одговор без да ја зголемат гликемиската концентрација во крвта.
- Масти – Медитеранската диета (изобилува со мононезаситени масти) – може да го подобри гликозниот метаболизам и да го намали ризикот за КВБ. Се препорачува храна богата со омега 3 масни киселини (риби, јаткасти плодови и семки) за превенција и третман на КВБ. Нема податоци за корисната улога на омега 3 масните киселини да дени како суплементи.
- Алкохол- кај возрасни лица со дијабетес дозволена умерена конзумација (не повеќе од еден пијалок дневно за жени и не повеќе од два пијалоци дневно за мажи). Конзумирањето алкохол го зголемува ризикот за хипогликемија, особено при терапија со инсулин и/или инсулински секретагози.
- Сол- Ограничен внес на сол на 2 300 mg/ден, со дополнително ограничување за лица со дијабетес и хипертензија.
- Нехранливи засладувачи - имаат потенцијал да го намалат јагленохидратниот и вкупниот калориски внес и можат да се конзумираат во умерени количини.

Едукација за броење на јаглехидрати

1.Базично броење на јаглехидрати

Базичното броење на јаглехидрати е важно за сите лица со дијабетес и се однесува на просто броење на внесот на јаглехидрати во грамови или лебни единици.За некои пациенти поедноставен начин за броење е преку таканаречените лебни единици или замени при што една лебна единица содржи околу 12 грама јаглехидрати. Дневната потреба за лебни единици може лесно да се пресмета според формулата кадешто дневниот внес на килокалории се дели со 100. Дневниот калориски внес се одредува индивидуално за секој пациент

Лебна Единица ЛЕ (замена) = 12 (10-15) gr јаглехидрати

Дневнапотребаза ЛЕ = бројна килокалории/100 (се одредува индивидуално)

**2,Напредно броење на јаглехидрати**

Се користи кај пациенти на инсулинска терапија (базал- болус режим)

Однос инсулин/јаглени хидрати

- покажува колкава доза(единици) од брзо-делувачкиот (болус) инсулин е доволна да ја “покрие“ количината на јаглени хидрати која е земена со оброкот и да ја доведе гликемијата во нормални вредности.

Најчесто користено правило за калкулација 500/ вкупна дневна доза инсулин

Однос инсулин/јаглени хидрати 500/ вкупна дневна доза инсулин

Друг фактор кој се користи во напредното броење е корективниот фактор или фактор на инсулинска сензитивност. И тој се користи кога гликемијата пред оброкот е зголемена па прво треба таа да се коригира, а потоа се дава и дозата која треба да го покрие оброкот. Овој фактор покажува за колку mmol/l ( mg/Dl ќе се намали

гликемијата со примање на 1 единица болус инсулин. Има повеќе правила за калкулација на овој фактор во зависност од тоа колкава е сензитивноста на пациентот на инсулин, но најчесто користено правило е кога 1500 ќе се подели со вкупната дневна доза на инсулин.

1500/ вкупна дневна доза инсулин

**Телесна тежина**, пожелно е телесната тежина да биде во граници на нормална ухранетост во граници на нормална ухранетост (BMI – 18,5-24,9)

Почетна цел кај лица со прекумерна тежина ги советуваме да ја намалат односно да имаат губитокоднајмалку 5%од ТТ(пожелно повеќе за подобар метаболен ефект и на КВризик) Повеќето пациенти со дијабет имаат прекумерена ТТ и се советуваат за Постепен губиток со калориски дефицит од 500-750 kcal (чести советувања) За пациенти кои ја постигнале краткорочната цел се препорачува долгорочна цел (≥ 1 год.) со чести советувања (месечни), самомониторирање (неделно) и охрабрување за поинтензивна физичка активност (200-300 мин.неделно)

**Физичка активност** На пациентите им се препорачува

- Минимум 150 минути умерена физичка активност неделно.
- Тренинзи три пати неделно рамномерно распоредени (не повеќе од 2 консекутивни денови пауза).
- Прекини на продолженото седење на секои 30 минути со кратки интервали на физичка активност.
- Кај постарите лица –вежби за рамнотежа и флексибилност во тренингот.

**Прекин на пушење** На пушачите им се препорачува престанок на пушењето, а на сите пациенти со дијабетес им препорачуваме намалување на ризичното пиење алкохолни пијалаци (дневно до 2 единици за мажи и до 1 единица зажени).

**Едукација за самоктрола** Едукација за самоконтрола на дијабетесот и поддршка за самоконтрола на дијабетесот се препорачува за сите лица со дијабетес во тек на прогресијата на болеста. Самомерење со помош на глукометар или системи за континуирано мерење на гликемија (воглавно кај тип 1).Бележење на резултатите во дневник за самоконтрола .

**<u>Едукација на пациент и семејство на пациент</u>**

1.Медицинска сестра едукација за

- Самомерење на гликемија- техника
- Совет за исхрана
- Препораки за физичка активност

- Препораки за справување со зголемена телесна тежина
- Препораки за прекин на пушење
- Едукација за редовни посети на стоматолог
- Едукација за имунизација против инфлуенца, пнеумококна вакцина, хепатит Б
- Препознавање и справување со акутни компликации – хипогликемија и хипергликемија
- Едукација за самопреглед и нега на стапало
- За жени во репродуктивен период, проценка на методите за контрацепција и совет за претконцепциско планирање
- Советува консултација и преглед и консултација пред забременување
- Учествува во групна едукација со лекар, патронажна сестра организирана и подржана од локална заедница

Медицинската сестра при знаци за хипо или хипергликемија упатува кај матичен лекар

Упатува во Здружение на дијабетичари

2.Лекар по општа медицина /семејна медицинаедукација за

- профил на гликемии, преглед на резултатите од самомерење на гликемија (доколку е извршено од страна на пациентот), проценка на поставените цели
- Броење јаглехидрати
- Советување и Препорака за престанок на пушење – многу краток совет
- Препознавање и справувањесоакутникомпликации – хипогликемија и хипергликемија
- Едукација за самопреглед и нега на стапало
- Препознавање на симптоми на хронични компликации

Упатува на ендокринолог: пациенти со проблеми со навиките за јадење и телесната тежина-непостигнување на договорена ТТ, висок БМИ>35

Учествува во групна едукација заедно со медицинска сестра, патронажна сестра организирана и подржана од локална заедница

Упатува на имунизација за инфлуенца, пнеумококна вакцина - Центар за јавно здравје,имунизација захепатит Б (инфектолог)

3. Патронажна сестра едукација за

- Самомерење на гликемија- техника
- Исхрана,
- Физичка активност
- Препознавање и справување со акутни компликации – хипогликемија и хипергликемија
- Едукација за самопреглед и нега на стапало
- За жени во репродуктивен период, проценка на методите за контрацепција и совет за претконцепциско планирање
- Детектира жени со ДМ кои се бремени или планираат бременост
- Советува консултација и преглед и консултација пред забременување

Упатува кај матичен лекар

Упатува во Здружение на дијабетичари

Учествува во групна едукација заедно со лекар,медицинска сестра организирана од локална заедница

***Фармаколошка терапијаза дијабетес тип 2***

Современиот пристап во водењето на пациенти со ДМ2, применува пациент центричен пристап кој подразбира индивидуализиран пристап во зависност од повеќе фактори.(во прилог графикон) Главна цел на овој пристап е превенција на компликации и оптимизирање на квалитетот на живеење на лицата со ДМ тип 2. Циклусот започнува со проценка на индивидуалните карактеристики на пациентот а продожува со специфичните фактори кои може да влијаат на изборот на терапијата. Со пациентот заедно се донесува одлука и договор за план, следи спроведување на планот , тековно следење и поддршка и доколку не се оставарат целите се прават измени на планот. Се препорачува да се направи проценка на одредени ризици и состојби кои ќе ни бидат водич во изборот на фармаколошката терапија.

Треба да се земат предвид кардиоваскуларните коморбидитети, хипогликемискиот ризик, влијанието врз тежината, чинењето, ризикот за потенцијални несакани реакции и преференците на пациентот. (графикон бр.2) Е

- Метформинот, доколку не е контраиндициран е преферирaн иницијален фармаколошки агенс за третман на дијабетес тип 2. А
- При започната терапија со метформин, истата треба да се продолжи сè додека метформинот се толерира или додека не е контраиндициран; останатите лекови, вклучително и инсулин треба да се додаваат на метформинот а . А
- Кај некои пациенти треба да се земе предвид рана употреба на комбинирана терапија при иницирање на терапијата со цел продолжување на периодот до неефикасност на третманот . А
- Треба да се земе предвид рано започнување со инсулинска терапија кај пациенти кои имаат катаболни промени (губиток на тежина), кои имаат симптоми на хипергликемија или HbA1c ≥10% или гликемија ≥16.7 mmol/l. Е
- Кај пациентите со дијабетес тип 2 кои не ги постигнуваат гликемиските цели (табела бр.2) , не треба да се одложува интензивирањето на лековите, вклучувајќи ја и инсулинската терапија. В
- Се препорачува континуирана реевалуација на режимот на лекови и прилагодување како што е потребно на редовни интервали од 3-6 месеци, за да се вклучат специфичните фактори кои влијаат на изборот на терапијата.

Двојна комбинирана терапија

При иницијална употреба на метформин треба да се земе предвид:

1. Дали пациентите со дијабетес тип 2, имаат етаблирано атеросклеротично кардиоваскуларно заболување или индикатори за висок ризик, етаблирано бубрежно заболување или срцева слабост? SGLT2 инхибиторв или GLP-1 RA со докажан кардиоваскуларен бенефит (во моментов лираглутид, семаглутид и дулаглутид) се препорачува како дел од антихипергликемиската терапија независно од нивото на HbA1c и во согласност со пациент-специфичните фактори. (графикон бр. 1, 2 и 3

2. Дали при мерење на гликемијата се покачени вредностите на гликемија на гладно или по оброк? Ако се покачени гликемиите на гладно како втор антидијабетик доаѓа предвид пиоглитазон или базален инсулин. Ако се покачени гликемиите по оброк како втор антидијабетик доаѓа предвид инкретин или инсулински секретагог.
3. Дали кај пациентот Постои евидентна потреба за минимизирање на порастот на ТТ или редукција на ТТ– GLP-1 RA или SGLT2i
4. Инкретинската терапија е неутрална или доведува до благо намалување на тежината. Инсулинот и секретагозите ја покачуваат тежината.
5. Дали постои евидентна потреба за минимизирање на хипогликемии? Инкретините, SGLT2 i и пиоглитазонот не предизвикуваат хипогликемија споредено со плацебо-групата, додека инсулинот и инсулинските секретагози можат да предизвикат хипогликемија.
6. Каков е финансискиот ефект? Метформинот, сулфонил-уреа и хуманите инсулини се поевтини за разлика од инкретините , SGLT2 i и пиоглитазонот

Третман со инсулин

Третман со инсулин се воведува кога нефармаколошките мерки и третманот со најголеми дози икомбинации содругиантихипергликемични лековинесе доволни за одржување нагликемискитепараметри под индивидуално одредените целни вредности, односно кога третманот со други антихипергликемични лекови не е можен поради присуство на придружни болести.

Во случај на висока гликемија и изразена клиничка слика на хипергликемија, може веднаш да се воведе третманσо инсулин. Лекувањето може да биде привремено или трајно, зависно од клиничкиот тек на болеста.

Пациентот со новооткриен дијабетес тип 2 уште при утврдување на дијагнозата, односно уште на почетокот на прегледот го запознаваме соможнитеначинина лекување,како и со веројатноста од третман соинсулинво иднина. Тоа мора да му го прикажемекакоквалитетенначинна лекување кој ќе му биде потребен кога нема да може да се постигне целта на лекувањето со нефармаколошки мерки и со другите антихипергликемични лекови, а не како последна опцијаза лекување.

Едукација Пред воведување на третманот со инсулин, пациентот односно неговите блиски (кога е тоа соодветно или потребно) ги вклучуваме во структурирана едукативна програма за лекување со инсулин, која опфаќа:

- Употреба на медицински помагала соодветни за пациентот,
- мерење на гликозата вокрвта,
- запознавање со целните вредности на гликоза во крвта во различни периоди од денот,
- апликација на инсулин со менување на местото наинјектирањеприлагодување односно титрација на дозите инсулин до целните вредности,
- хипогликемија,
- разбирање на исхраната,
- предупредувања во врска со безбедноста при возење,
- постапување во случај на акутна промена нагликемијата.

Програмата мора да се одвива така што ќе поддржува активна титрација на дозите инсулин.

Структурираната едукативна програма ја изведуваат соодветно образовани и искусни здравствени стручни лица, во директен контакт со пациентите и нивните блиски здравствена установа, а може и преку телефон, односно со други начини на комуникација.

При воведување на третманот со инсулин треба:

- Да се одредат соодветните целни гликемии кај пациентот пред и по оброк, како и целниотHbA1c,
- Се вршат чести планирани посети и внимателно да сетитрираат дозите сѐдоиндивидуалноодредените целни вредности на гликемијата и наHbA1c,
- Задолжително да се врши самоконтрола, а доколку пациентот е способен, самиот да врши самотитрација на дозите наинсулин; титрацијата може да се врши и со помошна член на семејството или старател, или пак, при чести контакти и со медицинско стручно лице кое ја изведува едукативната програма.
- На пациентот му објаснуваме дека почетната доза инсулин е мала поради безбедносни причини, но дека ќе треба да ја титрира се до постигнување на целните вредности на гликемијата и дека крајната дневна терапевтска доза може да биде значително повисока од почетната.
- Задолжителен дел на едукативната програма е и проверка и прилагодување на начинот на живот на пациентот кон новиот начин на лекување и обратно.

Паралелно со воведувањето на инсулин, најчесто се продолжува третманот со метформин. Проценуваме дали треба да се продолжи со третманот со останатите антихипергликемични лекови и доколку се продолжи да се прилагоди дозата соодветно (се препорачува редукација на дозата на Сулфонилуреа на 50 %) и по потреба постепено да се исклучи.

Во текот на целото лекување со инсулин во комбинација со перорални антихипергликемични лекови продолжуваме и со нефармаколошките мерки и ги адаптираме кон третманот со инсулин, односно обратно.

**Постапка за следење на пациент**

Планираните посети се наменети за одржување на долгорочно добар метаболизам на регулирање и контрола на хроничните компликации. Оптималната динамика на контролите е на секои 3 месеци, а според успехотво постигнувањето на целите, најчесто еднашдо6 пати годишно.Целта на посетите етитрацијана дозите на лековите,откривањена хронични нарушувања,евентуална промена на терапевтската шема и дополнителна едукација.

Планирана посета кај дипломирана медицинска сестра:

- Анамнеза (карактеристични симптоми на хипергликемија: жед, полидипсија, полиурија, никтурија, сува уста, ненамерно слабеење), преземање нефармаколошки мерки; евентуални придружни ефекти на лековите, хипогликемии...
- клинички преглед: телесна тежина, крвен притисок;
- лабораториски испитувања:
- при секоја контрола: гликоза, HbA1c, гликозурија, протеинурија микроалбуминурија, кетонурија,
- еднаш годишно (а при патолошки наоди и почесто): уреа и креатинин, гломеруларна филтрација (eGFR), хепатограм, липидограм;
- преглед на очно дно: еднаш годишно, а во случај на патолошкеи наод се упатува на офталмолог;
- преглед на наодите од самоконтрола;
- преглед на нозете (еднаш годишно, а при ризик од дијабетично стапало или проблеми, на секој преглед);
- психосоцијален статус;
- проверка на постигнувањето на цели на третманот, план за натамошна нега.

Во случај HbA1c односно другите мерења да не се во границите на целните вредности (кои се запишани во Годишниот извештај за состојбата на дијабетесот, кој содржи и план на нега) односно доколку пациентот пријави придружни ефекти од лековите, симптоми на хипогликемија или хипергликемија, симптоми на компликации или други состојби дипломираната медицинска сестра по претходен договор го упатува пациентот на преглед кај лекар по општа медицина, семејна медицина

**Упатување на секундарно/терциерно ниво на ЗЗ**

Упат на дијабетолог

- Дијабетес мелитус тип 1
- Гестациски дијабет
- Нерегулиран дијабет со постоечки опции на третман на ниво на ПЗЗпо оптимизација на дозата) во период ≥ 6 месеци
- Кога $HbA_{1c}$>10% или гликемија на гладно>16,7 mmol/L).
- Инсулинска терапија
- Контроли на 3-6 месеци

Кај дијабетес тип 2, лекуван со нефармаколошки мерки или со перорални средства, прегледи кај дијабетолог не се потребни, доколку се постигнати индивидуално одредените целни вредности односно доколку сè уште не се исцрпени сите терапевтски опции достапни на матичниот лекар.

По проценка на матичниот лекар, се упатувана дијабетолог

- Административна неможност за ординирање на индицирана терапија- Во случај на потреба за воведување нафармаколошки третман кој не е достапен на ниво на ПЗЗ а за кои постојат програми на МЗ
- Рекурентни, чести и непредвидливи хипогликемии, несвесност за хипогликемии
- Проблеми со навиките за јадење и телесната тежина
- Редовни или индицирани прегледи во домен на секундарно ниво (проверка на очно дно, испитување за микроалбуминурија, при зголемени хепатални ензими, еректилна дисфункција)
- При појавување или влошување на дијабетичните компликации
- Други причини за несоодветено справување со дијабетесот (неподносливост на терапија, несоодветност на режим, пропратни заболувања и др.)

При итни состојби, акутни компликации од дијабет избраниот лекар по општа медицина, семејна медицина го упатува пациентот итно во болница.

## ИТНИ СОСТОЈБИ

### Акутни компликации

Во болница се упатуваат пациентите со акутни компликации од дијабетес во следните случаи:

- Акутните компликации се однесуваат на акутно зголемено или намалено ниво на гликемија.. Акутни хипергликемични состојби се јавуваат при многу високи вредности на гликемија и се ургентни остојби кои треба да се препознаат а пациентот треба веднаш да се упати во болница
- Дијабетична кетоацидоза DKA – се појавува во тек на неколку часа
- Хипергликемична хиперосмоларна состојба HHS- се развива поспоро , неколку дена или недели

## СИМПТОМИ НА DKA И HHS

| КЕТОАЦИДОЗА (DKA) | ХИПЕРОСМОЛАРНА ХИПЕРГЛИКЕМИЧНА СОСТОЈБА (HHS) |
|---|---|
| • Висока гликемија<br>• Често и обилно мокрење<br>• Екстремна жед<br>• Сува уста<br>• Сува и топла кожа<br>• Наузеа и повраќање<br>• Заматен вид или губиток на вид<br>• Нејасен говор<br>• Замор<br>• Постапност, конфузија<br>• **Високи нивоа на кетони во урина**<br>• **Мирис на скапано овошје од устата**<br>• **Абдоминална болка**<br>• **Зацрвенето лице**<br>• **Брзо дишење (Kussmaul-ово дишење)** | • **Екстремно висока гликемија ≥ 33.3 mmol/L**<br>• Често и обилно мокрење<br>• Екстремна жед<br>• Сува уста<br>• Сува и топлакожа<br>• Наузеа и повраќање<br>• Заматен вид или ѓубиток на вид<br>• Нејасен говор<br>• Замор<br>• Поспаност, конфузија<br>• Треска<br>• **Халуцинации**<br>• **Конвулзии**<br>• Кома |

Хипогликемија е состојба на ниско ниво на гликемија под 3,9 милимоли на литар, а доколку е под 3 се смета за клинички значајна хипогликемија. Состојбата кога пациентот не може сам да се справи, туку има потреба од помош од трето лице се нарекува тешка хипогликемија.

- гликемија ≤ 3,9 mmol/L
- клинички значајна хипогликемија < 3mmol/L
- тешка хипогликемија - кога има потреба од асистенција од трето лице

Симптоми на хипогликемија

Неврогените или невргликопеничните симптоми на хипогликемија можат да бидат:

Неврогени (адренергични): потење, тресење, тахикардија, анксиозност и чувство на глад; Невргликопенични: слабост, замор, вртоглавици, несоодветно однесување, тешкотии во концентрацијата, конфузија, заматен вид, и во најтешки случаи, кома и смрт

Третман на хипогликемија

При минорна хипогликемија- орално давање на засладен пијалок (кокакола), гликозна бонбона – 15 gr. јаглехидрати (да се провери гликемија по 15 минути) – правило 15-15 и да се земе оброк по нормализација

При клинички значајна хипогликемија се дава Амп. Глукагон 1 mg – возрасни, 0,5 mg- деца

При тешка хипогликемија кога пациентот не е свесен се дава интравенска гликоза-10%/50%во брза инфузија додека не се освести пациентот а како прва помош се дава амп.

Глукагон

Упатување во болница ако мерките не помогнат или ако пациентот не е свесен!

- Доколку е почетна гликемија под 2,8mmol/l или сомнеж за хипогликемија, доколку нарушената свест, епилептиформните грчеви или абнормалното однесување не престануваат и покрај корекцијата на хипогликемијата;
- состојба по корекција на тешка хипогликемија, доколку на пациентот не можеме да му обезбедиме најмалку 12-часовен надзор од одговорно возрасно лице;
- Состојба по тешка хипогликемија, предизвикана од препарати на сулфанилуреа или краткодејствувачки поттикнувачи на лачење наинсулин

**Хронични компликации**

***Макроваскуларни компликации***

Макроваскуларните компликации настануваат како резултат на оштетување на поголемите крвни садови вклучително коронарните артерии, крвните садови во мозокот и екстремитетите

Коронарна артериска болест

Скрининг за КВБ најмалку еднаш годишно кај сите пациенти со дијабет

Скрининг за кај симпоматски пациенти-рутински скрининг не се препорачува бидејќи не ги подобрува исходите доколку ризик факторите за АСКВБ се третираат

Испитувања треба да се земат предвид за КАБ во присуство на кој било од следниве:

- Атипични кардијални симптоми (на пр.необјаснива диспнеа, непријатност во градите)
- Знаци или симптоми за асоцирана васкуларна болест вклучително каротидни шумови, транзиторен исхемичен атак, мозочен удар и клаудикација
- ПАБ
- ЕКГ абнормалности (на пр. Q бранови)

Срцева слабост

- Не постојат јасни стратегии за скрининг за СС
- Внимателно земење на анамнеза ќе ги открие пациентите со СС
- Потребно е упатување на пациентите со сомнение за СС на кардиолог

ПАБ периферна артериска болест

Вклучува :

- Артериска болест на долните екстремитети
- Загрозувачка исхемија на екстремитет
- Интермитентна клаудикација
- Критична исхемија на екстремитет

Дијагноза на ПАБ ги идентификува пациентите со висок ризик за МИ или мозочен удар

Иницијалниот скрининг за ПАБ треба да вклучува

1.Проценка на пулсации на стапало

2.Историја на:

- Намалена брзина на одење
- Замор во нозете
- Клаудикација

3.Ankle-brachial index (Глужд-брахијален индекс) тестирање треба да се изведе кај пациенти со симптоми на ПАБ[2]

4.Дијабетично стапало

- Улкуси на стапалото и ампутации се последица од дијабетична невропатија и/или ПАБ
- Тие преставуваат една од глвните причини за морбидитет и морталитет кај лицата со дијабетес

Мозочен удар

Третманот на кардиоваскуларните болести кај лица со дијабетес упатството препорачува кај пациенти со позната атеросклеротична кардиоваскуларна болест да се земе предвид терапија со АКЕ инхибитори или АРБ. Кај пациенти со претходен миокарден инфаркт употреба на бета блокатори најмалку 2 години по настанот. Кај пациенти со стабилна конгестивна срцева слабост метформин може да се користи ако ГФР е над 30, но треба да се избегнува кај нестабилни или хоспитализирани пациенти. Кај пациенти со утврдено атеросклеротично кардиоваскуларно заболување или утврдена бубрежна болест се препорачува употреба на СГЛТ2 инхибитор или ГЛП-1 рецептор агонист со демонстриран кардиоваскуларен бенифит. Кај пациенти со утврдено атеросклеротично заболување или повеќе ризик фактори се препорачува употреба на ГЛП-1 рецептор агонист со демонстриран кардиоваскуларен бенефит.Исто така кај овие пациенти се препорачува и употреба на СГЛТ2 инхибитор, кој е препорачна опција и при дијабетична бубрежна болест и срцева слабост.

***Микроваскуларни компликации***

Дијабетска ретинопатија е хронична, прогресивна болест на ретиналната микроваскулатура и е асоцирана со пролонгирана хипергликемија и други компликации како хипертензија[1,2]

Дијабетичната ретинопатија може исто така да ја засегне и макулата – дијабетична макулопатија или макуларен едем[1]

Неколку офталмолошки симптоми се присутни пред да настане губиток на видот

Заматен вид, дамки или точки во видното поле, блицови на светло во видното поле, нендеен губиток на видот

Скрининг за ДР – при дијагноза на ДМ тип 2 треба да се упати пациентот на преглњд на офталмолог кој ќе направи детален преглед со дилатација

Нема знаци за ДР +има добра гликемиска контрола – контролен скрининг за 1-2 години

Потврдена ДР – контрола на офталмолог 1 годишно

Потврдена ДР со прогресија или загрозување на видот -зачестени прегледи во соработка со офталмолог

Дијабетска нефропатија ХББ кај ДМ2 се карактеризира со прогресивно зголемување на албуминуријата и серумскиот креатинин[1]

Скрининг за ДН Најмалку еднаш годишно, да се процени UACR и eGFR кај сите пациенти со ДМ2

UACR: <30 mg/g (<2.0 mg/mmol)eGFR: ≥60 mL/min/1.73 $m^2$ без доказ за ХББ

Примарна тераписка цел е да се намали ризикот или забави прогресијата на ХББ кај ДМ2 и за таа цел се препорачува употреба на антихипергликемична терапија за интензивна гликемиска контрола.Ссе препорачува лек кој може директно да влијае на подобрување на бубрежните исходи, односно има ренопротективен ефект. Ваков ефект имаат покажано СГЛТ 2 инхибиторите и ГЛП-1 рецептор агонистите . Треба да се внимава при кој еГФР е одобрена употребата на СГЛТ инхибиторите што може да се провери во збирниот извештај на лекот. Се препорачува антихипертензивна терапија со АКЕ инхибитор или АРБ блокер со цел да се намали ризикот од албуминурија и прогресијасо терминална бубрежна болест и блокада на ренин ангиотензин алдостерон системот. За да се забави падот на еГФР се препорачува лимитирање на внесот на протеини, натериум и калиум.

Дијабетска невропатија

Симптомите на периферна невропатија вклучуваат мали сензорни влакна, како:[1]

- Болка и дизестезија

И големи сензорни влакна како:Трнење и Губиток на протективни сензации

Симптомите на автономна невропатија може да вклучат:[1]

- Несвесност за хипогликемија
- Тахикардија во мирување
- Констипација/дијареа
- Гастропареза
- Еректилна дисфункција
- Неуроген мочен меур
- Ортостатска хипотензија

Судомоторна дисфункција Дијабетичната периферна невропатија е најчеста форма на ДН; ако не се препознае и ако не се спороведат превентивни мерки за нега на стапалото, пациентите се на ризик од повреди на стапалото[2]

Тестовите вклучуваат

- Функција на малите влакна: pinprick и температурна сензација
- Функција на големите влакна: вибрациска перцепција и 10-g монофиламент
- Протективна сензација: 10-g монофиламент
- Преглед 1x годишно

Дијабетично стапало преглед 1x годишно

Дијабетично стапало е термин за проблеми со стапалото кај пациенти со дијабетес (артериски проблеми, дијабетична невропатија, тенденција потешко да заздравуваат раните)

Честа е појава на инфекција или гангрена на стапалото.

10-15% од дијабетичните пациенти развиваат улцерации на стапалото во текот на животот.

Проблемите поврзани со стапалото се одговорни за 50% од хоспитализациите поврзани со дијабетесот.

Препорачливо е стапалата на сите пациенти со дијабетес да се прегледуваат најмалку еднаш годишно, особено е важно да се прегледаат стапалата на пациентите со ДМ2 и на оние со ДМ1 над 30-годишна возраст чие заболување трае повеќе од 15 години.

Пациентите со дијабетично стапало треба да се прегледуваат почесто, секогаш кога има потреба од тоа.Примарна цел на терапијата на дијабетичната невропатија е контрола на симптомите и превенција на влошувањето  на дијабетичната невропатија преку подобрена гликемиска контрола. За таа цел се препорачува антихипергликемична терапија, а за невропатската болка се препорачува терапија со прегабалин и дулоксетин. Доколку постои инфекција се препорачува емпириска антибиотска терапија за позитивни инфекции

Некласични компликации на ДМ тип 2

Когнитивно нарушување

Скрининг Рана детекција на лесно когнитивно нарушување или деменција и депресија е индицирано за возрасни од65 години или постарина иницијалната посета и годишно како што е соодветно

Скрининг за когнитивно нарушување да се земе во предвид во случај на сигнификантно влошен клинички статус.

Се препорачува да се избегнуваат хипогликемии

Депресија

Скриниг за депресија 1 x годишно за сите пациенти со ДМ

Неалкохолна масна болест на хепар  и неалкохолен стеатохепатитис- вообичаено е асимптоматски. Пациентите соДМ2 или предијабетесизголемени хепатални ензими (ALT-alanine aminotransferase) или стеатозана ултразвук треба да се евалуираат за присуство на NASH и хепатална фиброза[2]

**КОГА ДА СЕ УПАТИ ПАЦИЕНТ СО КОМПЛИКАЦИИ КАЈ СПЕЦИЈАЛИСТ**

Хронични компликации

1.Кардиоваскуларни компликации

- Проценка на ризик за АСКВБ (КАБ, ПАБ, ЦВН) -1хгодишно
- ASCVD risk calculator (Risk Estimator Plus)
- Ризик фактори (обезност, ХТА, ХЛП,пушење,ХБИ, предвремена срцева смрт, присуство на албумини
- Третман согласно препраки за третман на дијабетес тип 2 и третман на коморбидитети

При изборот на антидијабетични лекови да се применува индивидуален пристап- да се земе предвид ризик за АСКВБ или етаблирана (АСКВБ, срцева слабост, ХБИ), ризик за хипогликемија, ефект на лекот врз зголемување на телесната тежина, ризик за несакани настани, цена на лекот и преференците на пациентот

Кај пациенти со етаблирана АСКВБ – се препорачува терапија со ГЛП-1 РА со докажан кардиопротективен бенефит (лираглутид, семаглутид, дулаглутид) или СГЛТ-2 инхибитори со докажан кардиопротективен бенефит (сите досега познати)

Кај пациенти со висок ризик за срцева слабост или постоечка срцева слабост- се препорачува терапија со СГЛТ-2 инхибитори се преферирана опција или ГЛП-1 РА, доколку СГЛТ-2 инхибитори се контраиндицирани или еГФР е под одобрениот еГФР за тој лек

Упатување на секундарно ниво , кардиолог, невролог, трансфузиолог и др.при појава на компликација,

- Исхемија демонстрирана на ЕКГ
- Тешка интерминтентна клаудикација
- влошување на веќе постоечка компликација
- редовни контроли по индикација.

2.Дијабетична невропатија и ПАБ -се прави при дијагноза и минимум 1 х годишно,

Тестот за дијабетична невропатија се прави со монофиламент.

Тест за ПАБ : ABPI, пулсации на a.dorzalis pedis, a. tibialis posterior, Доплер

Самостојно иницира терапија за ДПН прегабалин, дулоксетин, габапентин

Да се упати до соодветен специјалист за редовна превентивна грижа и следење на пациент кој:

- Пуши
- Има историја на претходни компликации на долни екстремитети
- Го изгубил протективниот сензибилитет
- Има структурни абнормалности или ПАБ

3. Дијабетична нефропатија

Матичниот лекар прави скриниг за дијабетична нефропатија кај пациенти со дијабетес тип 1 со времетраење на дијабетесот ≥5 години, кај сите пациенти со дијабетес тип 2 при поставување на дијагнозата и кај сите пациенти со коморбидитет на хипертензија.

минимум 1 х годишно, одредување на албуминурија и eGFR

Упат до интернист/нефролог

Пациентот има eGFR <30 mL/min/1.73 $m^2$ (стадиум 4 ХБИ)

Постои несигурност околу етиологијата на бубрежната болест

Постојат проблеми со контролата како анемија, метаболна болест на коските и резистентна хипертензија

Се манифестира рапидна прогресија на бубрежната болест

4.Дијабетична ретинопатија УПАТИ НА СПЕЦИЈАЛИСТ

Прегледи кај пациент со дијабетична ретинопатија :

најмалку еднаш во годината

доколку напредува или се заканува опасност за видот, потребни се почести испитувања

Скринингот за ретинопатија е позитивен

Пациентот има кој било степен на макуларен едем

Пациентот има необјаснив намален вид со или без ретинопатија

Матичниот лекар упатува до офталмолог за преглед на очно дно и проценка на ретинопатијата со содветна терапија

5 Преглед на стапало

Кај ДМ тип 2 при поставување на дијагнозата и минимум 1x годишно

Кај ДМ тип 1совреметраењенадијабетесот ≥5 години 1x годишно

Анамнеза Анамнезата треба да содржи податоци за претходни улцерации, ампутации, Charcot-ово стапало, ангиопластични или васкуларни операции, пушење цигари, ретинопатија и бубрежна болест; треба да се проценат и актуелните симптоми на невропатија (болка, жежење, грчеви) и васкуларна болест (замор на нозете, клаудикација).

Клинички преглед – инспекција, преглед на кожа, преглед за деформитети, преглед за сензибилитет(монофиламент, вибрации, температура),

васкуларна проценка пулсации на А.дорзалис педис, А тибиалис постериор, одредување на АБИ

Прилагодување на фреквенција на прегледи врз основа на проценка на ризик за ДС врз основа на ризик фактори (невропатија,исхемија на долни екстремитети,улцер, калус,инфекција или воспаление, присуство на деформитет, гангрена или Шаркот стапало)

Матичниот лекар упатува за понатамошна васкуларна проценка до васкуларен хирург или трансфузиолог при знаци за васкуларно оштетување, при Шаркот артропатија – упат РТГ стапало, до ортопед за ортопедски чевли, мултидисциплинарен тим

6.Когнитивно нарушување

Да се упати до психолог/психијатар ако:

Пациентот е позитивен на скрининг за когнитивно нарушување при формална когнитивна/невропсихолошка евалуација

7.Депресија

Земете предвид упатување до психијатар/психолог ако:

Пациентот е позитивен на скрининг за депресија

Да се овозможи третман базиран на докази како когнитивна бихејвиорална терапија и интерперсонална терапија

8.Неалкохолна масна болест на хепарот или неалкохолен стетаохепатитис

Да се упати на хепатолог за:

Дефинитивна дијагноза на NAFLD и NASH кај пациенти со зголемени хепатални ензими (трансаминази), вклучително и биопсија на хепар ако неинвазивните тестови се недоволни

Депресија

Нелакохолна масна болест на црниот дроб

(ТАБЕЛА БР.1)

**Стратификација на ризик кај пациенти со дијабетес**

| | |
|---|---|
| Многу висок ризик | Пациенти со дијабетес со утврдена КВБ или друг вид на оштетување на целен орган[а] или три или повеќе големи ризик фактори[б] или рано дијагностициран дијабетес тип 1 со долго времетраење (подолго од 20 години) |
| Висок ризик | Пациенти со дијабетес со времетраење од ≥10 години без оштетување на целен орган и кој било друг ризик фактор |
| Умерен ризик | Млади пациенти (дијабетес тип 1 <35 години; дијабетес тип 2 <50 години) со времетраење на дијабетесот <10 години, без други ризик фактори |

**(КВ)** кардиоваскуларен/а/о, **(КВБ)** кардиоваскуларна болест

[а] Модифицирано од Европскиот водич за превенција на кардиоваскуларни болести во клиничката пракса.

[а] Протеинурија, ренално оштетување дефинирано како eGFR <30 mL/min/1.73 m2, лева вентрикуларна хипертрофија, ретинопатија.

[б] Возраст, пушење цигари, висок крвен притисок, дислипидемија, дебелина.

*Адаптирано од 2019 ESC Guidelines on diabetes, pre-diabetes, and cardiovascular diseases[3]*

(ТАБЕЛА БР.2)

## Тераписки цели за контрола на дијабетес тип 2

| Ризик фактор | Цел |
|---|---|
| **КП** | • За повеќето возрасни целна вредност за СКП е 130 mmHg, <130 mmHg ако може да се толерира, но не <120 mmHg.<br>• Помалку строги целни вредности кај постари пациенти (на возраст >65 години) во интервал од 130-139 mmHg. |
| **Гликемиска контрола $HbA_{1c}$** | • Целна вредност за $HbA_{1c}$ за повеќето возрасни е <7.0% (<53 mmol/mol).<br>• Построги целни вредности за HbA1c од <6.5% (48 mmol/mol) може да се предложат на индивидуализирана база без значајна хипогликемија или други несакани ефекти од терапијата.<br>• Помалку строги целни вредности за $HbA_{1c}$ од <8% (64 mmol/mol) или до 9% (75 mmol/mol) може да бидат соодветни за постари пациенти. |
| **Липиден статус LDL-C** | • Кај пациенти со дијабетес со многу висок КВ ризик целни вредности за LDL-C до <1,4 mmol/L (<55 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.<br>• Кај пациенти со дијабетес со висок ризик целна вредност за LDL-C е <1,8 mmol/L (<70 mg/dL) и намалување на нивото на LDL-C за најмалку 50%.<br>• Кај пациенти со дијабетес со умерен КВ ризик целна вредност за LDL-C <2.5 mmol/L (<100 mg/dL). |
| **Инхибиција на коагулација на крвта** | Кај пациенти со дијабетес со висок/многу висок КВ ризик. |
| **Пушење** | Прекинување на пушењето е задолжително. |
| **Физичка активност** | Умерена до интензивна, ≥150 min/неделно, комбиниран тренинг со аеробни вежби и вежби со отпор. |
| **Телесна тежина** | Стабилизација на телесната тежина кај пациенти со прекумерна телесна тежина или обезни пациенти со дијабетес, базирана на балансиран внес на калории и намалување на телесната тежина кај пациенти со IGT, за да се спречи развој на дијабетесот. |
| **Диететски навики** | Намалување на калорискиот внес се препорачува кај обезни пациенти со дијабетес тип 2 за да се намали телесната тежина; не постои идеален процент калории кои потекнуваат од јаглехидрати, протеини и масти за сите луѓе со дијабетес. |

*Адаптирано од 2019 ESC Guidelines on diabetes, pre-diabetes, and cardiovascular diseases*[1]

(ГРАФИКОН БР.1)

**Пациент - Центричен пристап во справување со дијабетес тип 2**




**(АСКВБ)** атеросклеротична кардиоваскуларна болест, **(ХБИ)** хронична бубрежна инсуфициенција, **(СС)** срцева слабост, **(ЕССДИП)** едукација за само-справување со дијабетесот и поддршка

*Адаптирано од Buse J, et al. 2019. Update to: Management of hyperglycaemia in type 2 diabetes, 2018. A consensus report by the American Diabetes Association (ADA) and the European Association for the Study of Diabetes (EASD)*[1]

(ГРАФИКОН БР.2)

**Антихипергликемична терапија кај дијабетес тип 2 - генерален пристап**




1. Докажан КВ бенефит значи дека има одобрување од страна на регулаторните агенции за редукција на КВ настани, внесено во збирниот извештај за особините на лекот.
2. Треба да бидете свесни дека за SGLT2i индицираното ниво на eGFR за иницијација и продолжен третман внесено во збирниот извештај за особините на лекот е различно по региони и за индивидуални агенси.
3. Empagliflozin, canagliflozin и dapagliflozin во CVOTs имаат демонстрирано редукција на СС и прогресијата на ХБИ. Canagliflozin има податоци за примарни ренални исходи од CREDENCE. Dapagliflozin има податоци за примарни исходи за СС од DAPA-HF.
4. Degludec и U100 glargine имаат демонстрирано КВ безбедност.
5. Пониски дози може да бидат подобро толерирани, но се помалку проучени за КВ ефекти.
6. Одберете понова генерација на SU за понизок ризик од хипогликемија. Glimepiride има демонстрирано слична КВ безбедност со DPP-4i.
7. Degludec / glargine U300 < glargine U100 / detemir < NPH insulin.
8. Semaglutide > liraglutide > dulaglutide > exenatide > lixisenatide.
9. Ако нема специфични коморбидитети (на пр. етаблирана КВБ, има низок ризик за хипогликемија и понизок приоритет да се избегне пораст на ТТ или нема коморбидитети поврзани со ТТ).
10. Земете предвид локално-специфични трошоци за лековите за вашата земја. Во некои земји TZDs се релативно поскапи и DPP-4i се релативно поефтини.

**†Да се дејствува кога и да овие индикатори станат нов клинички момент, без оглед на основната антихипергликемична терапија**

**(АСКВБ)** атеросклеротична кардиоваскуларна болест; **(КВБ)** кардиоваскуларна болест; **(ХБИ)** хронична бубрежна инсуфициенција; **(КВ)** кардиоваскуларен/а; **(DPP-4i)** dipeptidyl peptidase 4 inhibitor, дипептидил пептидаза 4 инхибитор; **(eGFR)** estimated glomerular filtration rate, проценета гломеруларна филтрациска стапка; **(GLP-1 RA)** glucagon-like peptide 1 receptor agonist, глукагон сличен пептид 1 рецептор агонист; **(HbA1c)** hemoglobin A1c; **(СС)** срцева слабост; **(HFrEF)** Heart Failure with Reduced Ejection Fraction, срцева слабост со намалена ежекциона фракција; **(ЛВЕФ)** лево-вентрикуларна ежекциона фракција; **(ЛВХ)** лево-вентрикуларна хипертрофија; **(CVOTs)** cardiovascular outcomes trials, студии за кардиоваскуларни исходи; **(SGLT2i)** sodium-glucose cotransporter 2 inhibitor, инхибитор на натриум-глукозен котранспортер 2; **(SU)** sulfonylurea, сулфонилуреа; **(TZD)** thiazolidinedione, тијазолидиндион; **(UACR)** urine albumin creatinine ratio, уринарен сооднос албумин/креатинин; **(ТТ)** телесна тежина.

*Адаптирано од Buse J, et al. 2019. Update to: Management of hyperglycaemia in type 2 diabetes, 2018. A consensus report by the American Diabetes Association (ADA) and the European Association for the Study of Diabetes (EASD)[1]*

12 / Измени на упатствата за дијабетес (ревизија 2020)

Измени на упатствата за дијабетес (ревизија 2020) / 13

Чек листа анамнеза лекар

| **Анамнеза** | **на почеток** | **на 3 месеци** | **на 6 месеци** | **на 9 месеци** | **на 12 месеци** |
|---|---|---|---|---|---|
| **социо-демографски, семејна анамнеза и историја на болеста** | x | | | | |
| **здравствени навики** | x | x | x | x | x |
| **психо-социјални проблеми** | x | | | | x |
| **терапија, претходни режими, придржување** | x | x | x | x | x |
| **хипогликемии, кетоацидози** | x | x | x | x | x |
| **коморбидитети, компликации** | x | по проценка | по проценка | по проценка | x |
| **претходна едукација** | x | | | | |
| **резултати од самомерење на гликемија** (доколку има) | x | x | x | x | x |
| **контрацепција и совет за претконцепциско планирање** (за жени во репродуктивен период) | x | | | | |

Чек листа клинички преглед

| Клинички преглед | на почеток | на 3 месеци | на 6 месеци | на 9 месеци | на 12 месеци |
|---|---|---|---|---|---|
| Општ преглед (вклучително кожа, тироидеа) | x | x | x | x | x |
| Срце и големи крвни садови | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| ЕКГ | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Периферни артерии | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Преглед на стапало | x | кај лица со висок ризик | кај лица со висок ризик | кај лица со висок ризик | x |
| Преглед на очно дно | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Мерења | | | | | |
| BMI (ИТМ) | x | x | x | x | x |
| обем на половина | x | x | x | x | x |
| крвен притисок | x | x | x | x | x |

Чек листа лабораториски анализи

| Лабораториски анализи | на почеток | на 3 месеци | на 6 месеци | на 9 месеци | на 12 месеци |
|---|---|---|---|---|---|
| гликемија на гладно | x | x | x | x | x |
| гликемија по јадење (2 часа) | x | x | x | x | x |
| $HbA_{1c}$ | x | x | x | x | x |
| Вкупен холестерол,HDL, LDL холестерол | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Триглицериди | | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Хепатограм | | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Урина (протеини) | | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| Креатинин, еГФР | x | по потреба | по потреба | по потреба | x |
| други анализи по индикација | ? | ? | ? | ? | ? |

Прекуноќна урина за албуминска екскреција < 20 μg/ min нормално, 20- 200 μg/min микроалбуминурија, > 200 μg/min макроалбуминурија

**3013.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО ХРОНИЧНА ОПСТРУКТИВНА БЕЛОДРОБНА БОЛЕСТ – ХОББ НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Со ова упатство се пропишува третман на пациент со хронична опструктивна белодробнаболест – ХОББ на ниво на примарна здравствена заштита.

Член 2

Начинот за третман на пациент со хронична опструктивна белодробна болест – ХОББ на ниво на примарна здравствена заштита е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за третман на пациент со хронична опструктивна белодробна болест – ХОББ на ниво на примарна здравствена заштита по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6823/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# УПАТСТВО ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТ СО ХРОНИЧНА ОПСТРУКТИВНА БЕЛОДРОБНА БОЛЕСТ – ХОББ НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Проф. Д-р Дејан Докиќ, Проф. Д-р Златица Гошева, Проф. Д-р Деска Димитриевска, Проф Д-р. Јагода Стојковиќ, Прим. Д-р Генцијана Стевчевска, Прим. Д-р Маргарита Николау, Асс. М-р мед.науки Д-р Марија Здравеска, Асс. М-р мед.науки Д-р Зоран Арсовски, Асс. Д-р Дејан Тодевски, Асс. Д-р Сузана Арбутина, Доц. Д-р Сава Пејковска, Доц. Д-р Димитар Каркински Асс.м-р мед.науки Д-р Елена Јанева, Асс. Д-р Ирфан Исмаили, Асс. Д-р Александра Татабитовска, Асс. Д-р Владисава Ада Груева, Асс. м-р мед.науки Д-р Ирина Ангеловска, Асс. Д-р Анѓела Дебрешлиоска, Д-р Смиљко Јованоски, Асс. Д-р Милена Милетиќ, Асс. Д-р Билјана Попоска, Д-р Бојан Стошевски, Асс. Д-р Вангел Нечевски, Д-р Зекирја Шаини, Д-р Кристина Димитријевиќ, Д-р Никола Силјановски, Д-р Рабије Мустафи, Д-р Иван Петровски, Д-р Габријела Димоска мед.сестра Весна Љубовчевиќ, **ЈЗУ Универзитетска Клиника за пулмологија и алергологија-Скопје**

Катарина Ставриќ,
Катедра по семејна медицина, Медицински факултет Скопје, Здружение на специјалисти по семејна медицина – РЕСПИРАТОРНА ГРУПА
Катерина Ковачевиќ -
Здружение на лекари по општа медицина/семејна медицина ЗЛОМ/СМ

Целта на ова упатство, пред се, е одржување на квалитетот на услугите во третманот и водењето за пациентите со ХОББ во примарната заштита (ПЗ), по пат на:

- Подобрување на квалитетот на клиничките услуги
- Подобрување на професионалната пракса
- Економичноста и ефикасноста на услугите
- Да се биде „најдобар давател на услуги на заедницата“

Упатството е изработено врз основа на ***Global Initiative for Chronic Obstructive Lung Disease - GOLD 2021*** и ***GOLD 2023***

## Листа на кратенки

| **Кратенки** | | |
|---|---|---|
| GOLD | Global Initiative for Chronic Obstructive Lung Disease | Глобална Иницијатива за Хронична Опструктивна Белодробна Болест |
| PEF | Peak Expiratory Flow | ВЕП - Врвен Експираторен Проток |
| FEV1 | Forced Expiratory Volume | Форсиран експираторен волумен во 1 секунда |
| FVC | Forced Vital Capacity | Форсиран Витален капацитет |
| SABA | Short-Acting Beta-Agonist | Брзо/Кратко -делувачки бета – агонист |
| LABA | Long-Acting Beta-Agonist | Долго делувачки бета - агонист |
| LAMA | Long-Acting Muscarinic Antagonists | Долго делувачки мускарински антагонисти |
| ICS | Inhaled Corticosteroids | Инхалаторни кортикостероиди (ИКС) |
| OCS | Oral corticosteroids | Орални кортикостероиди (ОКС) |
| NSAID | Nonsteroidal Anti-Inflammatory Drugs | Нестероидни антиинфламаторни лекови |
| CAT | COPD Assessment Test | Тест за процена на ХОББ |
| mMRC | Modified Medical Research Council dyspnea score | Модифициран диспнеа скор на медицинскиот совет за истражување |
| MDI | Metered Dose Inhaler | Уред кој испорачува одредена доза на лек |
| Spacer | Пластична комора за полесна администрација на MDI | |
| ХОББ | Хронична опструктивна белодробна болест | |
| | | |
| “Silent chest” „Тивки гради “ | | |
| AE | Акутна егзацербација | |
| БД | Бронходилататор | |
| ЗЗ | Здравствена заштита | |
| ПЗЗ | Примарна здравствена заштита | |

**Вовед и епидемиологија**

Хроничната Опструктивна Белодробна Болест (ХОББ) е една од трите најчести причини за вкупниот морталитет на светско ниво и повеќе 90% од смртните случаи потекнуваат од ниско и средно економски развиените земји.[i]Ова хронично заболување е меѓу водечките причини за вкупниот хроничен морбидитет и морталитет во светски рамки.

ХОББ е сеуште суб-дијагностицирана или погрешно дијагностицирана, поради што голем број на болни добиваат погрешна терапија или воопшто не се лекуваат. Голем број пациенти страдаат од оваа болест со години и умираат прерано од неа или нејзините компликации. Поради горенаведеното, ХОББ е класифицирана како важен јавен здравствен предизвик која истовремено е и превентибилно заболување и болест која може да се третира.

## Дефиниција

ХОББ е хетерогена белодробна болест која карактеризира со хронични респираторни тегоби (диспнеа, кашлица, продукција на спутум, егзацербации) кои се должат на нарушувања на дишните патишта ( бронхит, бронхиолит) и/или на алвеолите (емфизем) кои предизвикуваат перзистентна, често прогресивна бронхоопструкција.

## Етиологија

ХОББ е резултат на долготрајна комплексна интеракција помеѓу гените на пациентот и факторите од животната средина кои доведуваат до оштетување на белите дробови и го алтерираат нивниот нормален развој односно процес на стареење.

Пушењето на тутун е водечки ризик фактор од околината, кој се поврзува со појава на ХОББ. Во развојот на ова заболување влијаат и други фактори од животната средина, како вдишување на токсични гасови и партикли од надворешната и внатрешната средина (чад од согорување на природни горива, неорганска прашина, хемиски агенси и/или испарувања и загадување на воздухот).

Најрелевантниот генетски фактор на ризик е мутацијата на генот SERPINA1 кој доведува до дефицит на алфа-1 антитрипсин дефицит.

Дополнителни фактори кои можат да играат улога во развој на ХОББ се нарушен развој на белите дробови, забрзано стареење, низок социоекономски статус и коегзистентна астма.

ХОББ може да започне рано во тек на животот, но најчесто е потребно подолго време за болеста да се манифестира клинички. Од друга страна, тераписките интервенции се поефикасни доколку се применат во што поранист стадиум на болеста кога оштетувањето на белите дробови е со помал опсег, поради што раната детекција е од исклучителна важност.

Најчести респираторни симптоми на кои се жалат болните со ХОББ се: диспнеја, кашлица и/или продукција на спутум. Пациентите многу често не им придаваат големо значење на овие симптоми и доцна ги пријавуваат кај својот матичен лекар поради што е од исклучителна важност проактивната улога на медицинските работници од сите нивои на здравствена заштита.

Од организациски и дидактични причини, третманот на ХОББ е прикажан во три патеки, иако активностите во тек на менаџирањето неминовно се препокриваат.

## Новооткриен – недијагностициран пациент со ХОББ

**Принципи и постапка за скрининг**

Општите принципи на скрининг на која било популација за јасна или неоткриена болест се опишани од Вилсон, а публикувани од Светската здравствена организација во 1968 година. (3) Скринингот на целата популацијата за ХОББ е контроверзен и сеуште не е влезен во стандардните препораки. Скрининг на асимптоматски непушачи не се препорачува.

Се препорачува скрининг спирометрија кај асимптоматски индивидуи со пушачки стаж над 20 кутија/години, или со симптоми како повторувачки белодобни инфекции и рана појава на белодробни тегоби.

Во литературата постојат ставови за потенцијален бенефит од здружен скрининг за болестите асоцирани со пушење (ХОББ, кардиваскуларни болести) во рамките на скринингот за белодробен карцином со нискодозажна компјутеризирана томографија на бели дробови кај пушачи (повеќе од 15 кутија/години, над 55 годипна возраст).

**Принципи и постапка за дијагностика**

**А. Примарна здравствена заштита (избран матичен доктор, специјалист по општа и/или семејна медицина )**

**Симптоми и проценка**:

Кај пациент со респираторни симптоми кој се јавува кај избран матичен лекар - да се постави сомнение за ХОББ врз основа на анамнеза и клинички преглед.

**1. Анамнеза (табела 1)**

- Присуство на респираторни симтоми карактеристични/типични за ХОББ (диспнеа која се влошува со напор, замор, хронична кашлица, продукција на спутум, губиток на телесна тежина и мускулна маса, анорексија)
- Лична анамнеза : сигнификантен пушачки стаж
- Професионална изложеност на штетни испарувања и гасови или употреба/согорување на биомаси во домаќинството
- Минати заболувања:податок за повторувачки долнореспираторни инфекции или за експозиција на инкриминираните фактори на ризик

**Табела 1. Клинички индикатори кои треба да побудат сомнение заХОББ**

| |
|---|
| **Сомнение за ХОББ се поставува дококу се присутни еден или повеќе од наведените параметри** (овие индикатори се патогномонични за ХОББ, особено ако болниот се жали на повеќе од еден, но дијагнозата МОРА да се потврди со спирометрија) |
| • Диспнеа - која прогресивно се влошува со тек на време<br>- која се влошува при напор<br>- која е перзистентна |
| • Рекурентен визинг |
| • Хронична кашлица – може да биде интермитентна и непродуктивна |
| • Повторувачки долнореспираторни инфекции |
| • Анамнеза за изложеност на фактори на ризик<br>- Пушење на тутун и/или други препарати за консумирање на тутун<br>- Чад од домашно готвење или согорување на биомаси<br>- Професионална изложеност на чад,прашина,пареи, гасови и други хемикалии<br>- Фактори на домаќинот (генетски, развојни аномалии, ниска родилна тежина, недоносеност, чести инфекции во детството)<br>- фамилијарна анамнеза- оптовареност со ХОББ |

Тегобите типично се јавуваат во подоцнежната возраст, болниот се жали на се поинтензивна диспнеа и чести „настинки“ во зимскиот период. Најголем дел од болните наведуваат извесен степен на десоцијализација и намалување на редовните физички активности пред моментот кога побарале помош.

ХОББ е системска болест. Потребно е да се земе детална анамнеза во смисол на засегање на други органи и системи и присуство на коморбидитети, болести на авидност, професионална и друга експозиција, физичка активност, како и честота на јавување на влошувањата на болеста (акутни егзацербации).

Докторот/медицинската сестра од примарна ЗЗ мора да го регистрира пушачкиот статус на болниот и да го одреди бројот на кутија/ години (pack/years) според една од следните формули:

кутија/ години = број на испушени кутии цигари на ден x број на години пушачки стаж , или

кутија/ години = број на испушени цигари на ден/ број на цигари во кутија x број на години пушачки стаж

На ова ниво потребно е да се процени степенот на диспнеата на болниот со помош на адекватните алатки (mMRC скала -Табела 2)

**Табела 2 . Модифицирана МРЦ скала за диспнеа**

| mMRC степен 0 | mMRC степен 1 | mMRC степен 2 | mMRC степен 3 | mMRC степен 4 |
|---|---|---|---|---|
| Се заморувам само при тежок физички напор | Се задишувам при трчање на рамно или одење по мала угорнина | Одам побавно од моите врсници поради задишување,или морам да застанам да се одморами да земам здив кога одам по сопствен ритам, на рамно | Запирам за да земам здив по 100 метри или неколку минути одење на рамно | Не излегувам од дома поради замор и губам здув при облекување и соблекување |

ХОББ засега повеќе аспекти од животот на болниот, а не само диспнеата, поради што се воведени и мултидимензионални прашалници за процена на квалитетот на живот, како прашалникот на St. George или поедноставениот тест за процена на ХОББ (COPD Assessment Test-CAT- Слика 1). CAT не е алатка за поставување на дијагноза !

**Слика 1. тест за процена на ХОББ (COPD Assessment Test-CAT)**



**Како е Вашата болест (ХОББ - Хронична Опструктивна Белодробна Болест)?**
**Пополнете го прашалникот за проценка на ХОББ (CAT™)**

CAT
COPD Assessment Test

Пополнувањето на овој прашалник ќе Ви помогне Вам и на Вашиот доктор најдобро да ја лекувате Вашата болест (ХОББ).
За секое прашање, ставете знак (x) врз бројката што најдобро ја опишува Вашата состојба. Одберете само по еден одговор за секое прашање (0-5; каде 0 е најдобро, а 5 е најлошо).

**Пример:**

| | | | ПОЕНИ |
|---|---|---|---|
| Јас сум многу среќен/среќна | 0 X 2 3 4 5 | Јас сум многу тажен/тажна | |
| Никогаш не кашлам | 0 1 2 3 4 5 | Цело време кашлам | |
| Воопшто немам шлајм (секрет) во градите | 0 1 2 3 4 5 | Градите ми се полни со шлајм (секрет) | |
| Воопшто не чувствувам стегање (притискање) во градите | 0 1 2 3 4 5 | Градите многу ме стегаат (притискаат) | |
| Кога одам по угорнина или кога искачувам еден ред скали, воопшто не се гушам | 0 1 2 3 4 5 | Кога одам по угорнина или кога искачувам еден ред скали, многу се гушам | |
| Болеста не ме ограничува во извршувањето на домашните активности | 0 1 2 3 4 5 | Болеста многу ме ограничува во извршувањето на домашните активности | |
| Се чувствувам сигурен/сигурна кога излегувам од домот и покрај мојата белодробна болест | 0 1 2 3 4 5 | Воопшто не се чувствувам сигурен/сигурна да излезам од домот поради мојата белодробна болест | |
| Мирно спијам | 0 1 2 3 4 5 | Немирно спијам поради мојата белодробна болест | |
| Имам многу енергија (сила) за работа и активности | 0 1 2 3 4 5 | Воопшто немам енергија (сила) за работа и активности | |

**Вкупен резултат**

Тестот за проценка на ХОББ и логото на CAT се заштитени трговски марки на групацијата на компании на GlaxoSmithKline. © 2011 GlaxoSmithKline. Компанијата ги задржува сите права.

По пополнување на прашалникот, матичниот лекар го собира вкупниот скор и прави категоризација за клиничката состојба на пациентот. Доколку вкупниот резултат на тестот е <10 ХОББ кај овие пациенти има ниско влијание врз квалитетот на живот, 10-20 скор има средно, 21-30 високо и >30 многу високо влијание. Доколку при водење на ХОББ матичниот лекар кај пациентот забележи зголемување на скорот и преминување во категорија со високо или многу високо влијание, потребно е истиот да го упати на контрола кај интернист/пулмолог.

**2. Клинички преглед**

**Физикален преглед**
- Општ статус: мерење на телесна температура, крвен притисок, телесна тежина, телесна висина, индекс на телесна маса, пулс, респирации, пулсоксиметрија (медицинска сестра),

**Аускултаторен наод:** наодот при аускултација на граден кош може да биде и нормален во раните стадиуми на ХОББ: До моментот кога се јавува типичен физикален наод за респираторна инсуфициенција, хиперинфлација и бронхоопструкција (цијаноза, хиперсонорен перкуторен тон, ослабено везикуларно дишење, продолжен експириум и наод на суви пискави (визинг) и/или стругави бронхитични шумови), болеста е најчесто веќе во понапреднат стадиум.

Визингот може да биде отсутен кај тешки форми на ХОББ заради многу намален проток на воздух. Оваа состојба се нарекува „silent chest“, но во тие случаи најчесто се присутни симптоми на респираторна слабост.
Останати аспекти на физикалниот преглед. Постоење на цијаноза, отоци, срцеви тонови, аритмија, знаци за срцева слабост, преглед по системи

**При прва евалуација на пациентот да се направи РТГ на бели дробови.**

4. **Диференцијално дијагностички состојби**
Состојби чија клиничка презентација може да се препокрива со ХОББ се астма, конгестивна срцева слабост, бронхиектазии, туберкулоа, облитеративен бронхиолит, дифузен панбронхиолит.,

Овие болести можат и да коегзистираат со ХОББ, што дополнително ја отежнува дијагностиката и правилното лекување на болеста.

- **Избраниот доктор поставува сомнение за ХОББ врз основа на соодветна анамнеза и клиничка слика**. За потврда на сомнението и функционали белодробни тестови (форсирана спирометрија) болниот се упатува на секундарно ниво на ЗЗ.

- **PEF - врвен експираторен проток (ВЕП) НЕ МОЖЕ да се користи за дијагностицирање на ХОББ поради ниската специфичност.**

5. **Терапија**

На пациент кој се јавува на матичен лекар со симптоми на ХОББ, матичниот лекар , според своја проценка да може да препише кратко делувачки бета агонист, краткоделувачки антихолинергик, метилксантин (перорална форма), орален кортикостероид (во доза од 16-32 мг или 0.5 мг/кг на ден, доколку нема контраиндикации).
Антибиотик се препорачува само во случај на потврдена бактериска инфекција и при присуство на сите три критериуми на Антонисен (зголемена диспнеја + зголемена количина на искашлок + појава на гноен искашлок).
Инхалаторните кортикостероиди не се препорачуваат кај ХОББ освен во посебни случаи (чести егзацербатори, покачено ниво на еозинофили над 300 кл/мцг во крв), кои мора да бидат одредени од пулмолог.
Вакцина против грип еднаш годишно , антипнеумококна вакцина (20 валентна еднократно или 15 валентна конјугирана , следена со 23 валентна полисахаридна)

Ако матичниот лекар се сомнева на ХОББ, неопходно е пациентот да биде упатен кај специјалист (интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд) каде што има спирометар. Истиот треба да поседува сертификат за изведување на спирометрија.

За пациентите со тежок степен на ХОББ треба да се изработи план на постапување во случај на влошување на болеста. Според искуствата со претходните егзацербации и нивниот третман, планот заеднички го изготвуваат матичниот лекар на пациентот и пулмологот кој кој го лекувал пациентот при влошување на болеста (по правило тоа е болничкиот пулмолог).

**Б. Секундарна здравствена заштита (специјалист интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд)**
Прегледот од горенавдените специјалности треба да започне со анамнеза и клинички преглед. Потоа да се направи **спирометрија со бронходилататорен тест.** Горенаведените специјалности треба да имаат спирометар и сертификат за изведување на спирометрија.

Со овие тестови се врши проценка на белодробната функција и потврда на постоење на некомпетно реверзибилна бронхоопструкција

**Спирометрија за докажување на ХОББ (Табела 3)**
**Мерење на белодробната функција** со помош на форсирана спирометрија е НЕОПХОДНО за детекција на постоење на иреверзибилна бронхоопструкција и поставување на дијагноза ХОББ. Дијагностички критериум е измерена иреверзибилна опструкција во дишните патишта изразена преку односот ФЕВ1/ФВЦ <0.7, кој се одржува и по дадена адекватна доза на краткоделувачки бронходилататор.

Спирометријата е едноставна и ефтина метода за процена на белодробната функција. Нејзино точно изведување и интерпретација не е можно без адекватна соработка на самиот пациент, поради што е неопходен специјално едуциран персонал.

**Табела 3. Опис на спирометриската постапка и критериуми за прифатливост и репродуцибилност на добиените резултати**.

| | |
|---|---|
| **ПРИПРЕМА** | ➢ Добиената крива мора да биде достапна на дисплејот на апаратот или во печатена форма за детекција на евентуални технички грешки<br>➢ Персоналот кој ја зведува процедурата мора да биде обучен за сите технички елементи кои се услов за правилно изведување на спирометријата<br>➢ Болнит мора да биде припремен, обучен и мотивиран да соработува и да вложи максимален напор за правилно изведуцавње на процедурата. |
| **ИЗВЕДУВАЊЕ** | Спирометријата мора да се изведува според актуелните протоколи<br>**Прифатливост на кривата :**<br>Експираторната крива мора да биде глатка и без ирегуларности (без кашлање, барем во рвата секунда на издишување)<br>Паузата помеѓи инспириум и експириум не треба да биде подолга од 1 секунда<br>Експириумот мора да се регистрира доволно долго, до достигнување на плато (ова кај болни со тешка бронхоопструкција може да трае и до 15 сек.)<br>**Репродуцибилност на кривите:**<br>За ФЕВ1 и ФВЦ треба да бидат земени најголемите вредости од најмалку три прифатливи, адекватно изведени криви. Вредности за ФЕВ1 и ФВЦ кај овие три криви не смеат да се разликуваат за повеќе од 5%, односно 150 мл.<br>Односот ФЕВ! /ФВЦ треба да се земе од кривата во која нивниот збир е најголем, и е технички прифатлива. |
| **АПЛИКАЦИЈА НА БРОНХОДИЛАТОР** | Како бронходилататор може да се употреби:<br>400 мцг краткоделувачки бета агонист (САБА)-Салбутамол<br>160 мцг краткоделувачки антигхолинегргик (САМА) - Ипратропиум бромид,, или двете во комбинација<br>ФЕВ1 се мери по 15 минути од САБА или 30 мин од САМА или комбинација на двата лека<br>Не мора да се прекине редовната бронходилататорна терапија на болниот пред изведување на спирометријата |
| **ЕВАЛУАЦИЈА** | Добиенитѕе резултати се споредуцваат со номограми стандардизирани по раса, пол, возраст и висина<br>Детектиран ФЕВ1/ФВЦ <0.7 го потврдува постоењето на ***некомплетно реверзибилна бронхоопструкција*** |

Спирометријата кај ХОББ има улога за:

- поставување на дијагноза,
- одредување на тежината на бронхоопструкција (одредување на потребната терапија и прогнозата на болниот),
- следење на болниот (најмалку еднаш годишно за процена на степенот на губиток на белодробната функција)

**Иницијална процена на болеста**

По направената спирометрија треба да се одреди - степенот на тежина на бронхоопструкцијата (Табела 4), природата степенот и зачестеноста на тегобите, претходна историја за умерени и тешки егзацербации,

**Табела 4. ГОЛД стадиуми на тешина на бронхоопструкција врз основа на постбронходилататорен однос ФЕВ1/ФВЦ**

| | | |
|---|---|---|
| **ГОЛД 1** | Лесна | ФЕВ1 ≥ 80% од предвидениот |
| **ГОЛД 2** | Умерена | 50% ≤ ФЕВ 1 < 80% од предвидениот |
| **ГОЛД 3** | Тешка | 30% ≤ ФЕВ 1 < 50% од предвидениот |
| **ГОЛД 4** | Многу тешка | ФЕВ 1 < 30% од предвидениот |

**Комбинирана иницијална провцена на болниот со ХОББ** – степен на опструкција+ скорови за диспнеа и анамнеза за егзацербации/хоспитализација ( Слика 2)

**Слика 2. АБЕ - Алатка за процена на ХОББ**




На ова ниво, потребно е да се направи и евалуација и да се испланира адекватен третман на евентуалните коморбидитети на болниот.

Докторот од секундарно ниво на ЗЗ треба

- да го регистрира пушачкиот статус на болниот (доколку тоа не е направено на примарно ниво)

- да спроведе советување за одвикнување од пушење и да се испланираат и спроведат постапките неопходни за намалување.престанок на експозицијата на болниот на штетни материи од околината.
- да направи процена на општата состојба на болниот ( БМИ, исхранетост, состојба на мускулна маса, можни психосоцијални компоненти и слично) и план за нивно решавање

*Критериум за упатување:* **За конечно поставување на дијагнозата ХОББ пациентот се упатува на пулмолог.**

**Терапија:** Кратко делувачки бета агонист и /или краткоделувачки антихолинергик, и/или метилксантини и/или орални кортикостероиди и/или антибиотик.
Кај болните со тешка ХОББ или во терминален стадиум, палијативната и “end of life”мега се спроведува на примарно и секундарно ниво.

*Специјалистите, кои не се пулмолози - алерголози или пулмолози, за дефинитивна потврда на дијагноза на ХОББ, да ги упатат пациентите кај* ***субспецијалист пулмолог или специјалист по пулмологија и респираторна алергологија според новите специјализации (во понатамошниот текст „пулмолог“) .***

**В. Супспецијалист пулмоалерголог, специјалист по пулмологија и респираторна алергологија – секундарно и/или терциерно ниво на здравствена заштита**

Пациентите се упатуваат на горенаведените специјалности за:
- Поставување на дијагноза ХОББ според актуелните водичи за ХОББ [актуелната верзија на Глобалната иницијатива за хронична опструктивна белодробна болест (Global Initiative for Chronic Obstructive Lung Disease – GOLD) и локалните водичи], според проценката на пулмолог.
- Поставување на иницијална терапија според според актуелните водичи за НОВВ [актуелната верзија на Глобалната иницијатива за хронична опструктивна белодробна болест (Global Initiative for Chronic Obstructive Lung Disease – GOLD) и локалните водичи], според проценката на пулмолог.

-**Терапија:** Само пулмолог има право да препишува терапија која содржи LABA, LAMA*, инхалаторен кортикостероид, комбинирана инхалаторна терапија, инхибитор на фосфодиестераза, како и процена од потреба од долготрајна антибиотска (на пример со макролиди) и/или кортикостероидна терапија, континуирана домашна оксигенотерапија, неинвазивна вентилација, интервентни ендоскопски методи, хируршка редукција на белодробен волумен или трансплантација

## Протокол на следење на пациент со ХОББ во стабилна состојба

Целта на терапијата на ХОББ е намалување на интензитетот на симптомите, превенција или успорување на прогресијата на болеста и намалување на морталитетот.

Третманот во стабилна фаза на болеста опфаќа не-фармаколошки интервенции и фармаколошка терапија

**Не-фармаколошки третман на ХОББ**

*Престанок на пушење:* Клучна улога во третманот на ХОББ е прекин на сите облици на активно и пасивно пушење на тутун (конвенционални цигари, електронски цигари, пури, наргиле и сите други облици на конзумирање на тутун). Структуриран, краток совет за штетноста на пушењето и за престанок на пушење треба да се даде на секој болен со ХОББ кој пуши. Потребно е секој пушач да се вклучи во програма за одвикнување од пушење и да се следи неговиот прогрес од страна на докторот и сестрата во ПЗЗ.

*Белодробна рехабилитација* : Секој болен со ХОББ ГОЛД стадиум Б и Е треба да се упати за белодробна рехабилитација, особено оние со средно тешка и тешка форма на болеста. Со реахбилитација треба да се отпочне што порано кај стабилните болни и не подоцна од 4 недели по третман на акутна егзацербација или хоспитализација.

Вакцинација: кај секој болен со ХОББ се препорачува вакцина против грип еднаш годишно, антипневмококна вакцина, вакцина против пертусис, херпес зостер и КОВИД 19.

*Исхрана:* структуриран совет и нутритивни суплементи се опции кај болни со малнутруција и кахектична форма на ХОББ

*Домашна оксигенотерапија (ДОТ)*: потврдена е корист од ДОТ кај селектирани болни со перзистентна хипооксија +/- хиперкапнија, диспнеа, секундарна полицитемија и пулмонално срце. ДОТ се препорачува од страна на пулмолог, врз основа на актуелни водичи.

*Психолошка поддршка и палијативна нега:* професионална поддршка и разговор со болниот и фамилијата за достапните опции.

*Неинвазивна вентилација, ендоскопски процедури и белодробна трансплантација*: Тераписки опции за најтешките облици на ХОББ, се препорачуваат исклучиво од страна на пулмолог, врз основа на актуелни водичи.

**Фармаколошкиот третман за** ХОББ има за цел да ги намали симптомите и ризикот и тежината на егзацербациите, да ја подобри здравствената состојба и толеранцијата за вежбање и, во некои случаи, преживувањето кај пациентите со ХОББ. Класите на лекови кои вообичаено се користат за лекување на ХОББ се прикажани во Табела 5. и детален опис на ефектите на овие лекови е даден во Извештајот GOLD 2023 Поглавје 3 (GOLD 2023 Report Chapter 3).

**Алгоритми за проценка, започнување и следење на фармаколошки третман кај пациенти со ХОББ.**

Предлог за започнување на фармаколошки третман кај пациенти со ХОББ треба да биде според индивидуализираната проценка на симптомите и ризикот од егзацербација по шемата за проценка на групите А, Б, и Е која е прикажана на Сликата 3.

Слика 3. Иницијална процена за фармаколошка терапија




**Почетен фармаколошки третман**

Кратко делувачки бронходилататори треба да им се препишат на сите пациенти за итно олеснување на симптомите.

**Група А**

► На сите пациенти од групата А треба да им се понуди третман со бронходилататор. Тој може да биде бронходилататор со кратко или долго дејство. Доколку е достапен, претпочитан избор е долготрајниот бронходилататор, освен кај пациенти со многу оскудни тегоби. Ако болниот наведува подобрување од претходна примена на било кој бронходилататор, тогаш треба да се продолжи со истиот.

**Група Б**

► Третманот треба да се започне со LABA+LAMA комбинација бидејќи комбинацијата е супериорна во однос на LAMA. во однос на неколку крајни точки. Доколку нема проблем во врска со достапноста, трошоците и несаканите ефекти, LABA+LAMA е препорачаниот првичен фармаколошки избор.

▶ Ако комбинацијата LABA+LAMA не се смета за соодветна, нема докази за да се препорача една класа на долготрајни бронходилататори пред друга (LABA или LAMA) за почетно олеснување на симптомите кај оваа група пациенти. Кај секој поединечен пациент, изборот треба да зависи од перцепцијата на пациентот за олеснување на симптомите.

▶ Пациентите од групата Б веројатно ќе имаат коморбидитети кои можат да додадат на нивната симптоматологија и да влијаат на нивната прогноза, а овие можности треба да се испитаат и третираат, доколку се присутни, со следење на национални и меѓународни упатства.

**Следење и прилагодување на фармаколошкиот третман**

Кај секој болен со ХОББ треба да се следи ефектот од фармаколошката терапија и истата да се прилагодува или менува според следниот алгоритам, кој не зависи од АБЕ класифиакцијата (слика 4):

Слика 4. Прилагодување на третманот според симптомите и склоноста кон АЕ



**А. Примарна здравствена заштита (избран матичен доктор, специјалист по општа и/или семејна медицина )**

По потврдената дијагноза, пациентот редовно се следи во амбуланта на примарно ниво. Кај контролирана ХОББ следење се врши еднаш годишно.

Докторот и медицинската сестра од ПЗЗ треба го советува и поддржи болниот со стабилна ХОББ за одвикнување од пушење, да ја следи неговата состојба, да ја проверува примената на препишаната терапија (вклучително проверка на техниката на користење на инхалаторите и ДОТ), да ја организира потребната вакцинација, да го упати болниот за рехабилитација, да ги регистрира и третира постоечките коморбидитети, да пружи совет за адекватна нутриција, како и да направи план со болниот и неговата фамилија за палијативна и терминална нега.

Секој контролен преглед треба да се раководи од принципите: преглед и проценка, а потоа приспособување на терапијата доколку е потребно (види слика бр 4.):

▶ Преглед – Информирајте се за симптомите (диспнеа) и ризикот од егзацербација (претходна историја, еозинофили во крвта). Диспнеата поради други причини (не од ХОББ) треба да се испита и соодветно да се третира.

▶ Процена - Проценете ја техниката и употребата на инхалаторот, третманот на коморбидитети и ефектот од нефармаколошкиот третман.

▶ Прилагодување на терапија - Доколку состојбата не е задоволителна фармаколошкиот третман треба да се смени/прилагоди, вклучувајќи ескалација или деескалација. Кај секој пациент треба да се евалуира дали повеќе се жали на диспнеа и/или ограничување на активноста или повеќе се јавуваат егазцербации кои треба да се спречат. Доколку контролата на болниот не е задоволителна и докторот смета дека е потребна промена во третманот, болниот да се упати на секундарно ниво.

**Б. Секундарна здравствена заштита (специјалист интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд**

Докторот и медицинската сестра од секундарна ЗЗ постапува според препораките преглед/процена/прилагодување, односно ја контролираат состојбата на болниот, примената на редовната терапија, правилна техника и придржување кон препорачаната терапија, третманот на коморбидитети, процена на кардиореспираторна функција.

Еднаш годишно ја проценуваат белодробната функција со помош на пост-бронходилататорна спирометрија, со осврт на степенот на губиток на виталниот капацитет.

Прават општа интернистичка процена (РТГ на граден кош, ЕКГ, кардиопулмонален статус, кардиоваскуларен ризик и ризик за белдоробен карцином).

Обезбедуваат програма за одвикнување од пушење, пулмонална рехабилитација.

Ја прилагодуваат бронходилататорната терапија според горенаведениот алгоритам.

Доколку и покрај спроведените корекции, постои неадекватна контрола на болниот и е потребна промена на видот на терапија, болниот се упатува кај пулмолог

**В. Супспецијалист пулмоалерголог, специјалист по пулмологија и респираторна алергологија – секундарно и/или терциерно ниво на здравствена заштита**

На терциерно ниво на ЗЗ, се прави евалуација на причините за неадекватна контрола на болеста, процена на потребата од промена на терапијата за контрола на болеста, воведување на друг тип на медикамент или инхалатор.

ИКС се додаваат во терапија на ХОББ само доколку болниот има повеќе од 2 егзацербации годишно и/или хоспитализација, има Ео во крв над 300 клетки на микролитар и кога има конкомитантна астма. Може да се размисли за воведување на ИКС или доколку имал 1 егзацербација во годината над 100 Ео на микролитар. ИКС не се препорачуваат кај болни со Ео под 100 клетки на микролитар, со анамнеза за повторувачки пневмонии или инфекција со микобактерии.

Дополннување на терапијата со рофлумиласт, азитромицин, ДОТ, неинвазивна вентилација, ендоскопски инетрвентни процедури и белодробна трансплантација се препорачува според актуелните водичи.

## Третман на акутна егзацербација на ХОББ

Акутна егзацербација (АЕ) на ХОББ се дефинира како настан кој се карактеризира со диспнеа и/или кашлица и спутум кои се влошуваат во текот на <14 дена.

Егзацербациите на ХОББ често се поврзуваат со локално и системско воспаление предизвикано од инфекции на дишните патишта, загадување или други повреди на белите дробови. Епизода на егзацербација може да се јави кај пациент со веќе дијагностицирана болест или, поретко како прва презентација на болеста.

Бидејќи симптомите не се специфични за ХОББ треба да се земат во предвид релевантни диференцијални дијагнози особено пневмонии, конгестивна срцева слабост и белодробни емболии.

Целта на третманот на АЕ на ХОББ е да се минимизира негативното влијание на моменталната егзацербација и да се спречат последователни настани.

Терапија за одржување со бронходилататори со долго дејство треба да се започне што е можно поскоро. Кај пациенти со чести АЕ и покачени нивоа на еозинофили во крвта треба да се размисли за додавање на инхалаторни кортикостероиди.

Кај пациенти со тешки егзацербации системските кортикостероиди може да ја подобрат функцијата на белите дробови (ФЕВ1), оксигенацијата и да го скратат времето на опоравување вклучително и времето на хоспитализацијата. **Времетраењето на терапијата не треба да биде повеќе од 5 дена.**

Антибиотиците, кога се индицирани, може да го скратат времето на опоравување, да го намалат ризикот од ран релапс, неуспех на третманот и времетраењето на хоспитализацијата. **Времетраењето на терапијата треба да биде 5 дена.**

**Метилксантините не се препорачуваат** поради несаканите ефекти.

НИВ е првиот облик на механичка вентилација што се применува кај пациенти со АЕ на ХОББ,доколку не постои апсолутна контраиндикација.

На секој болен со дијагностицирана ХОББ треба да му биде обајснето како да ги препонае знаците на влошување на болеста, кои лекови да ги употреби како прва помош и кога да се јави кај избраниот доктор.

**Одредување на степен на тежината на АЕ**

Актуелните водичи препорачуваат одредување на тежината на АЕ на ХОББ по завршување на епизодата, врз основа на третманот кој бил потребен за купирање на истата. Се препорачува следната постапка за иницијална процена на секој болен кој се јавува со знаци за влошување на болеста:

1. Комплетна клиничка процена за знаци за ХОББ и здружени респираторни или не-респиратони болести, како и можни алтернативни причини за влошувањето на состојбата на болниот пневмонија, срцева слабост, пулмонална емболија)
2. Процена на:
   - *Симптомите* и тежината на диспнеата преку Visual Analogue Scale (VAS)и документирање на присуство на кашлица
   - *Клинички знаци* како тахипнеа, тахикардија, изглед (боја и количина) на спутум, знаци за респираторен дистрес ( активирање на помошна мускулатура)
3. Процена со дополнителни анализи: пулс-оксиметрија, лабораториски параметри, гасови во артериска крв, ЦРП
4. Потврда на причината за АЕ- вирусна, бактериска, фактори од околната или друго)

**Акутните егзацербации се категоризираат како:**

1. Благи (кои биле третирани само со бронходилататори со кратко дејство).
2. Умерени (третирани со бронходилататори со кратко дејство и орални кортикостероиди ± антибиотици) или
3. Тешки (на пациентот му била потребна хоспитализација).

**Третман на АЕ на ХОББ на ниво на примарна заштита**

Непосредно пред ординирање на терапија потребно е да се земе кратка анамнеза и направи физикален преглед.

**Критериуми за АЕ на ХОББ**

- Анамнеза: тешка диспнеа
- Физикален преглед: оценка на виталните знаци (тахипнеја, тахикардија), употреба на помошна дишна мускулатура, влошување или појава на централна цијаноза, појава на периферни едеми, хемодинамска нестабилност, знаци на срцево попуштање, поспаност, апатија (важен предзнак на тешка респираторна инсуфициенсија!). Разгледување на алтернативни причини за симптомите на пациентот: пневмонија, срцева слабост и белодробна емболија.
- **Спирометрија не се прави** поради диспнејата и заморот, точноста е многу мала.
- Пулс-оксиметрија, лабораториска анализа на крв, ЦРП и гасни анализи во артериска крв (секундарно ниво) $PaO_2<8.0$ kPa и/или $SaO_2<90\%$ без или со $PaCO_2>6.7$ kPa при дишење на собен воздух е знак за респираторно попуштање и индикација за третман со кислород, а со тоа и за хоспитализација. При дополнителна ацидоза со pH $<7.35$ и хиперкапнија, пациентот е акутно загрозен, бидејќи е можен кандидат за механичка вентилација.

Во зависност од тежината на егзацербацијата и/ или сериозноста на основната болест, егзацербацијата може да се управува во амбулантски или во стационарни услови.

Повеќе од 80%од егзацербациите се менаџираат на амбулантска основа со фармаколошки третман вклучувајќи бронходилататори, кортикостероиди и антибиотици.

Како почетни бронходилататори за лекување на АЕ на ХОББ се препорачуваат инхалаторни бета2 агонисти со кратко дејство (SABA) со или без антихолинергици со кратко дејство (SAMA). Болниот може да земе по 2 инхалации олеснувач во момент на напад, и на секои 20 – 30 минути во тек на 1 час, со спејсер. Доколку нема подобрување да се јави кај својот избран лекар

Мерки на примарно ниво при АЕ на ХОББ

1. Појачана бронходилататорна терапија, на пример салбутамол или комбинација на салбутамол и ипратропиум 1-4 пафа/час. Не се укинуваат долгоделувачките симпатомиметици или антихолинергици.
2. Антибиотик само во случај на присуство на сите три критериуми на Антонисен (зголемена диспнеја+зголемена количина на искашлок+гнојав искашлок)
3. Глукокортикоид 0,5 мг./кг ТТ. **(<u>16-32 мг метилпреднизолон односно 20-40 мг преднизон дневно</u>).**
4. Кислородна терапија до постигнување на $CaO_2$ од 92%
5. Следење на виталните параметри

Доколку состохбата не се подобрува, болниот се трансферира во болничка установа /регионална клиничка болница или во болничка установа каде има пулмолог, со претходна најава и комплетна медицинска документација, а во меѓувреме се ординира кратко делувачки β2 агонист и/или кратко делувачки антихолинергик, О2, системски кортикостероиди.

Упатување на секундарно ниво во случај на:

1. Ненадејна многу тешка диспнеја (особено диспнеја во мирување)
2. Знаци на попуштање на срцето,
3. Значаен коморбидитет
4. Новопојавени нарушувања на срцевиот ритам
5. Неуспешно почетно амбулантско лекување на АЕ на ХОББ

**Третман на АЕ на ХОББ на секундарно ниво**

1. Анамнеза и физикален преглед
2. РТГ на бели дробови при сомнение за пневмонија, пневмоторакс, плеврален излив.
3. Дополнителни лабараториски анализи: Д-димери (при историја за хемоптизии, хируршка интервенција, фрактури, малигнитет, ДВТ), pro-BNP, BNP, при сомнение за миокарден инфаркт: тропонин.
4. Дополнување на претходно дадената терапија (зголемување на дозата и/или фрекфенцијата на краткоделувачките бронходилататори, комбинација на SABA и SAMA, употреба на долгоделувачки бронходилататори по стабилизирање на состојбата, употреба на спејсер или небулизатор, антибиотска терапија, кортикостероидна терапија).

**Индикација за хоспитализација:**

1. Влошување на симптомите на диспнеа, респираторна рата, кислородна сатурација, конфузија, поспаност.
2. Акутна респираторна инсуфициенсија
3. Појава на цијаноза и периферни едеми
4. Отсуство на одговор на почетниот медицински третман
5. Присуство на сериозни коморбидитети (срцева слабост, новонастанати аритмии)
6. Недоволна домашна поддршка

**Третман на АЕ на ХОББ на терциерно ниво:**

Кај хоспитализирани пациенти се препорачува проценка на сериозноста на АЕ да се заснова на клиничките знаци, па се предлага следнава класификација:

1. АЕ на ХОББ без респираторна инсуфициенција: респираторна фреквенција (RR) 24/мин, срцева фрекфенција (HR) <95/мин, без употреба на помошна дишна мускулатура, нема промена во менталниот статус, хипоксемијата се подобрува со дополнителен кислород преку Вентури маска со FiO2: 24-35%, нема зголемување на PaCO2.

2. АЕ на ХОББ со респираторна инсуфициенција која не е животно загрозувачка: RR>24/мин., користење на помошна дишна мускулатура, хипоксемијата се поправа со користење на дополнителен кислород преку Вентури маска со FiO2>35%, хиперкапнија во споредба со стабилна состојба односно над 6.6кРа
3. АЕ на ХОББ со животно загрозувачка респираторна инсуфициенсија: RR>24/мин., користење на помошна дишна мускулатура, акутна промена во менталниот статус, хипоксемијата не се поправа со користење на дополнителен кислород или бара FiO2>40%, хиперкапнија во споредба со стабилна состојба односно PaCO2 над 7.9кРа или присуство на ацидоза (Ph ≤7.25).

Третман на тешки, но не-животно загрозувачки АЕ

1. Проценка на тежината на симптомите, гасни анализи, РТГ на бели дробови
2. Дополнителна терапија со кислород, сериски гасни анализи, пулс оксиметрија
3. Бронходилататорна терапија
   -зголемување на дозата и/или фрекфенцијата на краткоделувачките бронходилататори
   -комбинација на SABA и SAMA
   - употреба на долгоделувачки бронходилататори по стабилизирање на состојбата
   - употреба на спејсер или небулизатор
4. Орална кортикостероидна терапија
5. Орални антибиотици при присутни знаци за бактериска инфекција
6. Да се разгледа потребата за НИВ
7. Мониторирање на внесот на течности
8. Да се разгледа потребата за субкутан хепарин или нискомолекуларен хепарин како профилакса за ПТЕ
9. Идентификација и третман на асоцирани состојби (срцева слабост, аритмија, белодробна емболија)

**Индикации за прием во единица за интензивна нега**

1. Тешка диспнеја која нема одговор на терапија
2. Промени во менталниот статус (конфузија, летаргија, кома)
3. Перзистентна хипоксија или влошување на хипоксијата (PO2<5.3 kPa, тешка респираторна ацидоза pH<7.25) и покрај дополнителен кислород и НИВ
4. Потреба за инвазивна механичка вентилација (ИМВ)
5. Хемодинамска нестабилност

**Индикации за НИВ**

Најмалку една од наведените:

1. Респираторна ацидоза (PaCO2 > 6kPa и артериски pH ≤7.35)
2. Тешка диспнеја со клинички знаци кои упатуваат на мускулна слабост, зголемена дишна работа или двете, како на пример употреба на помошна дишна мускулатура, парадоксално движење на абдоменот или ретракција на интеркосталните простори.
3. Перзистирање на хипоксијата и покрај дополнителна кислородна терапија.

**Индикации за ИМВ**

1. Нетолеранција на НИВ или неуспех на НИВ
2. Состојба по респираторен или кардијак арест
3. Пореметена свесност, психомоторна агитација и покрај примена на седативи
4. Масивна аспирација или повраќање
5. Неможност за елиминација на секретот
6. Тешка хемодинамска нестабилност без одговор на течности и вазоактивни лекови
7. Тешка вентрикуларна или суправентрикуларна аритмија
8. Животно загрозувачка хипоксија кај пациенти кои не толерираат НИВ

**Индикатори на квалитетот на третманот на пациентот со ХОББ на примарно ниво**

1. Регистар на болни со ХОББ
2. Процена на степен на контрола на ХОББ со горе наведениот прашалник (CAT), кај сите пациенти со ХОББ барем еднаш годишно.
3. Евидентиран пушачки статус кај секој пациент еднаш годишно
4. Дијагноза поставена од страна на пулмолог и изготвен индивидуален план за препознавање и тертман на егзацербации кај болните со тешка ХОББ
5. Едукација на пациент за правилна употреба на инхалаторна терапија и проверка еднаш годишно
6. Детектирање на несаканите ефекти на лекарствата
7. Вакцина против грип еднаш годишно
8. Минимизирање на бројот на непланирани прегледи (сооднос планирани/непланирани > 10:1- да се воведе како индикатор после 3-4 години)
9. Оптимално придржување кон препорачаната терапија (минимум придржување кон треапијата во 80% од времето -- да се воведе како индикатор после 3-4 години)
10. Детекција на пациент со висок ризик (да се воведе како индикатор после 3-4 години)

**Табела 5. Лекови кои се употребуваат во третман на ХОББ**

| Лекови за терапија на ХОББ | |
|---|---|
| **Краткоделувачки бета2агонисти (SABA)**<br>Salbutamol<br>*Terbutaline*<br>*Fenoterol* | **Краткоделувачки антихолинергици (SAMA)**<br>Ipratropium bromide<br>*Oxitropium bromide* |
| **Долгоделувачки бета2агонисти (LABA)**<br>*Formoterol*<br>*Salmeterol*<br>*Indacaterol*<br>*Olodaterol* | **Долгоделувачки антихолинергик (LAMA)**<br>Tiotropium<br>*Aclidinium bromide*<br>*Glycopyrronium bromide*<br>*Umeclidinuim*<br>*Revefenacin* |
| **SABA + SAMA**<br>*Fenoterol/Ipratropium*<br>*Salbutamol/Ipratropium* | **LABA + LAMA**<br>Olodaterol/Tiotropium *Formoterol/Aclidinium*<br>*Formoterol/Glycopyrronium*<br>*Indacaterol/ Glycopyrronium*<br>*Vilanterol/Umeclidinium* |
| **Инхалаторни кортикостероиди и Долгоделувачки бета2агонисти (ICS-LABA)**<br>Beclomethasone/Formoterol<br>Budesonide/Formoterol<br>Fluticasone propionate/Salmeterol<br>*Fluticasone propionate / Formoterol*<br>*Fluticasone furoate/Vilanterol*<br>*Momethasone/Formoterol* | **Тројна комбинација (ICS+ LAMA+LABA)**<br>Beclomethasone/Formoterol/Glycopyrronium<br>*Fluticasone/Umeclidinium/Vilanterol*<br>*Beclomethasone/Formoterol/Glycopyrrolate* |
| **Метилксантини**<br>Aminophylline<br>*Theophylline* | **Инхибитор на фосфодиестераза 4**<br>*Roflumilast* |
| **Муколитици**<br>Carbocysteine<br>N-acetil cysteine<br>*Erdosteine* | **Антибиотици за антиинфламаторна терапија на ХОББ**<br>Azythromycin<br>Eryrthomycin |

Лековите прикажани во *"italic"*во моментот не се достапни во Македонија

## Привремени упатства за водење на ХОББ за време на пандемијата со COVID – 19 (3)

1. **Советувајте ги пациентите со НОВВ да продолжат со земање на пропишаните лекови за ХОББ,**

2. **Во случај на влошување на тегобите или појава на фебрилност болниот задолжително да се тестира за SARS COV 2**

1. **Секогаш кога е можно да се избегнува употреба на небулизатори кај болните позитивни на SARS COV 2**

2. **Избегнувајте спирометрија кај пациенти со потврден/сомнителен COVID-19**

3. **Изолацијата на болниот со ХОББ и COVID-19 не треба да доведе до енгова неактивност и совцијална изолација**

4. **Следете ги строго постапките за контрола на инфекции ако се потребни процедури при кои се создаваат аеросоли**

5. **Следете ги националните здравствени совети за хигиенски стратегии и употреба на лична заштитна опрема**

**Литература:**

1. Wilson, JMG; Jungner, G (1968). "Principles and practice of screening for disease" (PDF). WHO Chronicle. **22** (11): 281–393.
2. Global Strategy for the Diagnosis, Management, and Prevention of Chronic Obstructive Pulmonary Disease. 2023 Report. Достапно на: htpps://goldcopd.org/
3. Gartman EJ, Mulpuru SS, Mammen MJ, Alexander PE, Nici L, Aaron SD, et al. Summary for clinicians: clinical practice guideline on pharmacologic management of chronic obstructive pulmonary disease. Ann Am Thorac Soc 2020; 18(1):11-16.
4. Calverley, PMA. Guidance for the better care of COPD patients. Am J Respir Crit Care Med 2020; 201(9):1022-1023.
5. V.C. Moore. *Spirometry: step by step*, Breathe 2012 8: 232-240; DOI: 10.1183/20734735.0021711
6. *Respiratory Health Bronchodilator Procedures Manual.* Достапно на: https://www.cdc.gov/nchs/data/nhanes/nhanes_07_08/Bronchodilator.pdf

**3014.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА И ВОДЕЊЕ НА ХИПОТИРЕОЗА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Со ова упатство се пропишува дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита.

Член 2

Начинот на дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност за дијагноза и водење на хипотиреоза на ниво на примарна здравствена заштита по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6824/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# УПАТСТВО ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ДИЈАГНОЗА И ВОДЕЊЕ НА ХИПОТИРЕОЗА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Од големо значење е соработката на примарното, секундарното и терциерното ниво на здравствена заштита, со цел пациентот да ја добие соодветната здравствена заштита на примарно ниво кај матичниот лекар. За таа цел е создаден овој протокол за дијагноза и водење на хипотиреозата. Препораките се изработни и усогласени со претставници на Министерство за здравство, ФЗОРСМ, ЗЛОМ, ЗПЛРМ, Семејна медицина. Пациентите со хипотиреоза можат успешно да се дијагностицираат и водат од страна на семејниот лекар.

**Општо за хипотиреодизмот**

Хипотиреозата се препознава според следниве симптоми: замор, констипација, чувство на студ,намалена меморија, брадикардија, опаѓање на коса, зголемена телесна тежина,ослабена моторика,сува, рапава, студена кожа,мускулна слабост,нарушен менструален циклус,аменореа и друго.

Хипотиреоидизмот се потврдува или исклучува со определување на ТСХ и ФТ4.

**Други состојби поврзани со хипотиреозата:**

- Покачени вредности на холестерол и креатинин киназа може да бидат предизвикани од хипотиреоза
- Аменореа или инфертилност и/или хиперпролактинемија кај млади жени
- Автоимуни заболувања
- Депресија,деменција кај постари пациенти
- Употреба на некои лекови(литиум,амиодароне)

**Видови на хипотиреоидизам**

Постојат постојан и минлив хипотироидизам. Примарниот хипотиреоидизам е најчест во 95% и е автоимун хипотиреоидизам. Други причини за постојан хипотиреоидизам може да бидат тиреоидна хирургија и терапија со јод.

Минлив хипотироидизам се јавува при употреба на некои лекови(литиум,амиодароне),субакутен тиреоидит,хипотиреоидна фаза заедно со постпартален тиреоидит неколку месеци после породување.

**Дијагноза**

**Третман кај лекар и/или медицинска сестра**

**Анамнеза:**

- Медицинската сестра треба да земе семејана анамнеза за хипотиреоза како и лична анамнеза за навики за исхрана, физичка активност, пушење, алкохол и болести на зависност, промена на телена тежина.
- Докторот зема анамнеза поврзана со симптомите за хипотиреоза вклучувајќи ги и податоците за фармаколошка терапија, лабораториски анализи, како и фамилијарна анамнеза.
- Патронажната сестра зема семејна анамнеза за хипотиреоза од семејството, лична анамнеза и го известува матичниот лекар за евентуалана појава на нови симптоми или промена на состојбата на пациент со веќе дијагностицирана хипотиреоза.

***Клинички преглед и дополнителни иследувања:***

- Медицинската сестра мери крвен притисок, телесна тежина, висина, BMI, обем на половина – минимум еднаш годишно кај пациенти од 35-56 години и пополнува прашалник за депресија

- Докторот прави:
  - Аскултација на срце и бели дробови,
  - Палпација на тироидна жлезда
  - Лабораториски анализи –ТСХ ( тиреостимулирачки хормон )
    - за претпоставување на дијагнозата,
    - 6 недели по започнувањето на терапијата,
    - 6 недели при промена на доза,
    - на 3 месеци до нормализирање на хормоните,
    - еднаш годишно 6 недели по прекин на терапијата (кај минлив односно секундарниот тиреоидизам).
  - ЕКГ интерпретација
  - Примарен лабораториски пакет (ККС, СЕ, урина, гликемијам холестерол, триглицириди, уреа, креатинин, АСАТ, АЛАТ, серум Фе).

***Упатување до специјалист на секундарно ниво на здравствена заштита се врши кај пациенти:***

- Кои имаат покачени вредности во две последователни мерењана ТСХ од 4,4 до 10 mlU/l со меѓусебно растојание од 3 месеци
- ***Една вредност на ТСХ >10mlU/L на ТСХ се упатуваат веднаш на специјалист***
- Неможност со терапија да се постигне нормален ТСХ
- Бремени жени, постпартално
- Адолесценти
- Пациенти со карцином на тироидеа
- Суспектен субакутен тиреоидит

***Индикатор за квалитет за следење***

- Процент на пополнети чек листи со анамнестички податоци за сите пациенти со хипотиреоза од страна на медицинската сестра.
- Процент на уредно пополнета медицинска документација со евидентирање на анамнестички податоци за сите пациенти од страна на докторот.
- Процент на измерена ТА, ТТ, ТВ, БМИ, абдоминална дебелина кај сите пациенти со хипотиреоза на годишно ниво над 18 годишна возраст од страна на медицинската сестра.
- Индикатори за следење кај над 70% пациенти кај кои е постигната задоволителна регулација на ТСХ.

***Нефармаколошка и фармаколошка терапија***

- Сестрата прави едукација за хигиена од диететски режим:
  - Исхрана – редукција на калориски внес, препорачана медитеранска диета
  - Физичка активност – минимум 150мин. неделно умерена активност
  - Редукција на телесната тежина >7% и одржување,
  - Одкажување од пушење и други зависности
- Докторот дава фармаколошка терапија:
  - Левотироксин
  - Титрирање на пропишаните лекови
  - Препознавање и менаџирање на појава на несакани ефекти од препишаната терапија
  - Редовно закажува контроли

- Патронажната сестра:
  - Исхрана – редукција на калориски внес, препорачана медитеранска диета,
  - Физичка активност – минимум 150мин. неделно умерена активност,
  - Редукција на телесната тежина >7% и одржување,
  - Откажување од пушење и други зависности,
  - Проверка на пропишана терапија која пациентот ја прима,
  - Анамнеза на несакани ефекти од пропишаната терапија
  - Известување на матичниот лекар за состојбата на пациентот
  - Советување на пациентот да се јави на преглед кај матичен лекар поради евидентирана промена на состојбата

**Литература:**

1. **EBM-Guidelines**, 6.12.2010, www.ebm-guidelines.com
2. https://www.nice.org.uk/guidance/ng145/documents/draft-guideline
3. **Guidelines for the Treatment of Hypothyroidism**, Prepared by the American Thyroid Association; Task Force on Thyroid Hormone Replacement; Jacqueline Jonklaas, Antonio C. Bianco, Andrew J. Bauer,{ Kenneth D. Burman, Anne R. Cappola, Francesco S. Celi, David S. Cooper, Brian W. Kim, Robin P. Peeters, M. Sara Rosenthal, and Anna M. Sawka
4. **Hypothyroidism: An Update**, David Y. Gaitonde,MD, Kevin D. Rowley, DO and Lori B.Sweeney, MD; Dwight D.Eisenhower Army Medical Center, Fort Gordon, Georgia

**3015.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), министерот за здравство донесе

**У П А Т С Т В О**

**ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО АСТМА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Член 1

Со ова упатство се пропишува третманот на пациенти со астма на ниво на примарна здравствена заштита.

Член 2

Начинот на третман на пациенти со астма на ниво на примарна здравствена заштита е даден во прилог, кој е составен дел на ова упатство.

Член 3

Здравствените работници и здравствените соработници ја вршат здравствената дејност на третман на пациенти со астма на ниво на примарна здравствена заштита по правило согласно ова упатство.

По исклучок од став 1 на овој член, во поединечни случаи по оценка на докторот може да се отстапи од одредбите на ова упатство, со соодветно писмено образложение за причините и потребата за отстапување и со проценка за натамошниот тек на третманот, при што од страна на докторот тоа соодветно се документира во писмена форма во медицинското досие на пациентот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 17-6825/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер,
д-р **Fatmir Mexhiti,** с.р.

# УПАТСТВО ЗА ПРАКТИКУВАЊЕ НА МЕДИЦИНА ЗАСНОВАНА НА ДОКАЗИ ЗА ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО АСТМА НА НИВО НА ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Проф. Д-р Дејан Докиќ, Проф. Д-р Златица Гошева, Проф. Д-р Деска Димитриевска, Проф Д-р. Јагода Стојковиќ, Прим. Д-р Генцијана Стевчевска, Прим. Д-р Маргарита Николау, Асс. М-р мед.науки Д-р Марија Здравеска, Асс. М-р мед.науки Д-р Зоран Арсовски, Асс. Д-р Дејан Тодевски, Асс. Д-р Сузана Арбутина, Доц. Д-р Сава Пејковска, Доц. Д-р Димитар Каркински Асс.м-р мед.науки Д-р Елена Јанева, Асс. Д-р Ирфан Исмаили, Асс. Д-р Александра Татабитовска, Асс. Д-р Владисава Ада Груева, Асс. м-р мед.науки Д-р Ирина Ангеловска, Асс. Д-р Анѓела Дебрешлиоска, Д-р Смиљко Јованоски, Асс. Д-р Милена Милетиќ, Асс. Д-р Билјана Попоска, Д-р Бојан Стошевски, Асс. Д-р Вангел Нечевски, Д-р Зекирја Шаини, Д-р Кристина Димитријевиќ, Д-р Никола Силјановски, Д-р Рабије Мустафи, Д-р Иван Петровски, Д-р Габријела Димоска мед.сестра Весна Љубовчевиќ, **ЈЗУ Универзитетска Клиника за пулмологија и алергологија-Скопје**

Катарина Ставриќ, Радмила Ристовска
Катедра по семејна медицина, Медицински факултет Скопје, Здружение на специјалисти по семејна медицина – РЕСПИРАТОРНА ГРУПА
Катерина Ковачевиќ -
Здружение на лекари по општа медицина/семејна медицина ЗЛОМ/СМ

Целта на ова упатство, пред се, е одржување на квалитетот на услугите во третманот и водењето за пациентите со астма во примарната заштита (ПЗ), по пат на:

- Подобрување на квалитетот на клиничките услуги
- Подобрување на професионалната пракса
- Економичноста и ефикасноста на услугите
- Да се биде „најдобар давател на услуги на заедницата“

Упатството е изработено врз основа на ***Global Initiative for Asthma – GINA* 2019, *GINA* 2020**

## Листа на кратенки

| **Кратенки** | | |
|---|---|---|
| GINA | Global Initiative for Asthma | Глобална Иницијатива за Астма |
| PEF | Peak Expiratory Flow | ВЕП - Врвен Експираторен Проток |
| FEV1 | Forced Expiratory Volume | Форсиран експираторен волумен во 1 секунда |
| FVC | Forced Vital Capacity | Форсиран Витален капацитет |
| SABA | Short-Acting Beta-Agonist | Брзо/Кратко -делувачки бета – агонист |
| LABA | Long-Acting Beta-Agonist | Долго делувачки бета - агонист |
| LAMA | Long-Acting Muscarinic Antagonists | Долго делувачки мускарински антагонисти |
| ICS | Inhaled Corticosteroids | Инхалаторни кортикостероиди (ИКС) |
| OCS | Oral corticosteroids | Орални кортикостероиди (ОКС) |
| NSAID | Nonsteroidal Anti-Inflammatory Drugs | Нестероидни антиинфламаторни лекови |
| ACT | Asthma Control Test | Тест за контрола на астма |
| MDI | Metered Dose Inhaler | Уред кој испорачува одредена доза на лек |
| Spacer | Пластична комора за полесна администрација на MDI | |
| ХОББ | Хронична опструктивна белодробна болест | |
| Difficult to treat asthma -Тешка, неконтролираната астма, астма тешка за лекување | | |
| “Silent chest” „Тивки гради “ | | |
| АЕ | Акутна егзацербација | |
| БД | Бронходилататор | |
| ЗЗ | Здравствена заштита | |
| ПЗЗ | Примарна здравствена заштита | |

**Вовед и епидемиологија:**

Астмата е една од хроничните болести на белите дробови чија преваленција прогресивно се зголемува, особено во развиените земји и има големи социо-економски и здравствени импликации. (1) Три повторени истражувања во периодот помеѓу 2002 и 2016 година помеѓу адолесцентите во Скопје (2), покажаа дека преваленцијата на астма, кај оваа популација, е во пораст.

**Дефиниција:**

Астмата е хетерегено заболување, кое обично се карактеризира со хронична инфламација на дишните патишта. Астмата има две главни карактеристики кои ја ДЕФИНИРААТ:

- Историја/АНАМНЕЗА на респираторни симптоми како што се визинг (wheezing), отежнато дишење (диспнеа), стегање во градите и кашлица кои варираат во времетраење, интензитет, појава и зачестеност
- Варијабилна бронхоопструкција

Од организациски и дидактични причини, третманот на астмата е прикажан во три патеки, иако активностите во тек на менаџирањето неминовно се препокриваат.

## Новооткриен – недијагностициран пациент со астма

**Принципи и постапка за скрининг**

Општите принципи на скрининг на која било популација за јасна или неоткриена болест се опишани од Вилсон, а публикувани од Светската здравствена организација во 1968 година. (3) Скрининг на целата популацијата за астма не се препорачува, откривањето на нови случаи да се базира на основните принципи за дијагнозата, особено кај децата и да се мисли на професионална астма кај возрасни.

**Принципи и постапка за дијагностика**

**А. Примарна здравствена заштита (избран матичен доктор, специјалист по општа и/или семејна медицина )**

**Симптоми и проценка**:

Кај пациент со респираторни симптоми кој се јавува кај избран матичен лекар - да се постави сомнение за астма врз основа на анамнеза и клинички преглед.

**1. Анамнеза**

- Присуство на респираторни симтоми карактеристични/типични за астма (Табела 1)
- Лична анамнеза: информација за алергиски заболувања, исхрана, физичка активност, пушење и др.
- Професионална изложеност на алергени
- Минати заболувања: присуство на респираторни симптоми во детска возраст, историја за атописки дерматит или алергиски ринит ја зголемуваат веројатноста за астма
- Фармаколошка анамнеза-лекови кои се потенцијално асоцирани со астма (нестероидни антиинфламаторни лекови, бета блокатори и сл.)
- Фамилијарна анамнеза за алергиски заболувања и астма.

**Табела 1. Образец на респираторни симптоми карактеристични за астма**

| **Следните карактерстики се типични за астма и ако се присутни ја зголемуваат веројатноста за постоење на астма** |
|---|
| Повеќе од еден од следниве симптоми: свирење во гради (визинг), недостаток на воздух, стегање во градите, кашлица. |
| • Симптомите варираат со текот на времето и варираат во интензитет |
| • Симптомите често се појавуваат или се влошуваат во тек на ноќта или рано наутро |
| • Симптомите често се провоцирани со вежбање, смеење, изложеност на алергени, ладен воздух (променлииво време), иританси, издувни гасови, чад или силни мириси. |
| • Симптомите често се јавуваат или се влошуваат при вирусни инфекции |

| **Следните карактеристики ја намалуваат веројатноста за постоење на астма** |
|---|
| • Изолирана кашлица без останати респираторни симптоми |
| • Хронична продукција на спутум |
| • Недостаток на здив асоциран со вртоглавици, темнеење пред очи или периферни трнења (парестезии) |
| • Градна болка |
| • Диспнеа или **инспириумски** шумови кои се јавуваат при вежбање и/или напор |

**2. Клинички преглед**

**Физикален преглед**

**Аускултаторен наод:** наодот при аускултација на граден кош може да варира од нормално везикуларно дишење, везикуларно дишење со продолжен експириум и наод на суви пискави (визинг) и/или стругави бронхитични шумови. На аускултација, визингот понекогаш може да е остутен и може да се слушне само при форсиран експириум. Визингот може да биде отсутен во тек на тешки егзацербации на астма заради многу намален проток на воздух. Оваа состојба се нарекува „silent chest", но во тие случаи најчесто се присутни симптоми на респираторна слабост.

- Симптомите се варијабилни затоа физикалниот наод може да биде нормален.
- Респираторните звуци треба да бидат аускултирани **при брз/рапиден, форсиран експириум**
- Кај блага почетна форма на астма, како и кога е постигната добра контрола на болеста (кога пациентот е без симптоми), аускултацијата скоро секогаш е нормална

**3. Поставување на сомнение за варијабилна бронхоопструкција (Табела 2)**
**Мерење на белодробната функција** (мерење на PEF и/или спирометрија овозможуваат проценка на тежината на обструкцијата, нејзината реверзибилност и варијабилност, и овозможува потврда на дијагноза)

- **PEF - врвен експираторен проток (ВЕП) се користи за поставување на сомнение за дијагноза и следење на пациент со астма во ПЗ**

PEF се употребува за да се испита дали кај болниот се регистрираат варијации на PEF во тек на денот и/или во тек на 1- 2 недели

**Пресметување на PEF-варијабилност**: потребно е мерење на PEF два пати во денот во исто време (наутро и напладне), пред земање на нхалаторната терапија*. Секогаш треба да се користи ист пикфлоуметар. Пожелно е пациентот да седи . Се зема најголемата вредност од три последователни мерења и се пресметува според следната формула:

Формула за пресметување на дневна варијабилност на ВЕП во %

$$\frac{\text{Максимален ВЕП} - \text{Минимален ВЕП}}{\text{Средна дневна вредност на ВЕП [( ВЕПмакс+ВЕП мин )/2]}} \text{x}100$$

Варијации на PEF >10 % (кај деца > 13%) асоцираат на постоење на варијабилна бронхоопструкција

**На крај се пресметува просечната вредност за 1-2 недели, во зависност од мерењата.**

*Подразбира адекватна обука на болниот за употреба на PEF метарот и обезбедување на дневник на симтоми и PEF мерења

4. **Диференцијално дијагностички состојби**

Состојби каде што може да се јави визинг се: индуцирана ларингеална опструкција, хронична опструктивна белодробна болест (ХОББ), бронхиектазии, туберкулоза, респираторни инфекции, срцева слабост, цистична фиброза, трахеомалација или аспирација на туѓо тело. Крепитации и инспираторен визинг не се карактерстични за астма. Преглед на носот може да открие знаци за алергиски ринит и назални полипи.

Дијагнозата за астма мора да биде сигурна. **Избраниот доктор поставува сомнение за астма врз основа на соодветна анамнеза, клиничка слика и сериски мерења на ПЕФ**. За потврда на сомнението и функционали белодробни тестови болниот се упатува на секундарно ниво на ЗЗ. Потврдувањето на дијагнозата на астма е многу потешко по почнувањето со лекувањето.

5. **Терапија**

На пациент кој се јавува на матичен лекар со симптоми на астма, матичниот лекар , според своја проценка да може да препише кратко делувачки бета агонист, краткоделувачки антихолинергик,  орален кортикостероид (до максимална дневна доза од 1мг на кг), инхалаторен кортикостероид, антибиотик,  и/или антихистаминик.
Ако матичниот лекар се сомнева на астма или состојбата не се подобрува, пациентот да биде упатен на специјалист (интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд) каде што има спирометар. Истиот треба да поседува сертификат за изведување на спирометрија.
**При прва евалуација на пациентот да се направи РТГ на бели дробови.**

**Б. Секундарна здравствена заштита (специјалист интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд)**

Прегледот од горенавдените специјалности треба да започне со анамнеза и клинички преглед. Потоа да се направи **сериска спирометрија и/или бронходилататорен тест.** Горенаведените специјалности треба да имаат спирометар и сертификат за изведување на спирометрија.
Со овие тестови се врши проценка на белодробната функција и варијабилност на опструкцијата т.е. се врши документирање на варијабилноста на белодробната функција (Табела 2).

**Табела 2. Дијагностички критериуми за астма кај возрасни и адолесценти (>14 години)**

| **Доказ за варијабилна опструкција на дишните патишта** | |
|---|---|
| Документирана изразена варијабилност на бронхоопструкцијата. | Поголема варијација или документирање на варијација почесто, на повеќе прегледи, е посигурна дијагноза. Кога ќе се добие намалување на FEV1 треба да се потврди намалување на односот FEV1/FVC или Тифно индекс (нормални вредности кај возрасни се > 0,75-0,80) |
| Позитивен бронходилататорен (БД) тест на реверзибилност* (поверодостоен ако се направи со пауза од давање на краткоделувачки бронходилататор > 4 часа или LABA> 15 часа) | Зголемување на FEV1за >200 мл и > од 12% од базалните вредности, 15 минути по инхалција на 200-400 mcg Salbutamol или еквивалент (дијагнозата е поверодостојна ако зголемувањето е >15% или >400 мЛ) |
| Зголемена варијабилност на PEF мерена два-пати дневно во тек на 1- 2 недели | Просечна дневна PEF варијабилност >10% (дефинирана во претходно поглавје) |
| Значително зголемување на белодробната функција по 4 неделен анти-инфламаторен третман | Зголемување на FEV1за повеќе од 12% и повеќе од 200 мЛ од базичните вредности по 4 неделен третман (во момент кога болниот нема знаци за респираторна инфекција) |
| Изразена варијабилност на белодробната функција меѓу повеќе лекарски прегледи-визити (помалку веродостојно) | Варијации на FEV1 >12% и >200 мЛ меѓу визитите во периоди без присуство на респираторни инфекции – одредување на личниот максимум на FEV1/ PEF и споредување со таа вредност |

* Бронходилататорниот тест – бронходилтаторната реверзибилност може да се изгуби во тек на тешки егзацербации или инфекции (вирусни), а бронхоопструкцијата може да стане перзистентна со тек на време

**Дијагнозата на Астма препорачливо е да се направи пред почетокот со лекувањето од страна на пулмолог.**

***Критериум за упатување:*** **За конечно поставување на дијагнозата пациентот се упатува на пулмолог.**

**Терапија:** Кратко делувачки бета агонист и /или краткоделувачки антихолинергик и/или инхалаторен кортикостероид и/или орални кортикостероиди и/или антибиотик и/или антихистаминик.
*Специјалистите, кои не се пулмолози - алерголози или пулмолози, за дефинитивна потврда на дијагноза на астма, да ги упатат пациентите кај* ***субспецијалист пулмолог или специјалист по пулмологија и респираторна алергологија според новите специјализации (во понатамошниот текст „пулмолог“) .***

**В. Супспецијалист пулмоалерголог, специјалист по пулмологија и респираторна алергологија – секундарно и/или терциерно ниво на здравствена заштита**

Пациентите се упатуваат на горенаведените специјалности за:

- Поставување на дијагноза астма според актуелните водичи за астма [актуелната верзија на Глобалната иницијатива за астма (Global Initiative for Asthma – GINA) и локалните водичи], според проценката на пулмолог.
- Поставување на иницијална терапија според според актуелните водичи за астма [актуелната верзија на Глобалната иницијатива за астма (Global Initiative for Asthma – GINA) и локалните водичи], според проценката на пулмолог.

Кутани алерголошки тестови и тестови за бронхопровокација се изведуваат и интерпретираат исклучиво од пулмолог.

-**Терапија:** Само пулмолог има право да препишува терапија која содржи LABA, LAMA*, комбинирана инхалаторна терапија, антилеукотриени и биолошка терапија за астма.

Пулмологот е должен на секој болен со астма да му изготви план за терапија во кој јасно ќе биде дефинирано кои лекови се за контрола на астма, а кој лек треба да се употребува како олеснувач.

## Следење на пациент со астма

**А. Примарна здравствена заштита (избран матичен доктор, специјалист по општа и/или семејна медицина )**

**По потврдената дијагноза, пациентот редовно се следи во амбуланта на примарно ниво. Кај контролирана астма следење се врши 1х годишно.**

Во меѓувреме се препорачува неколкупати годишно активно да се проверува степенот на контрола на астмата на пациентот со помош на прашалник за контрола на астма (Табела 3) или Asthma control test (ACT).

Медицинската сестра е должна повремено да го повикува пациентот по телефон и заедно да пополнат ACT. Доколку резултатот од ACT е очекуван (над 20 бодови), пациентот продолжува со истиот третман. Доколку резултатот е послаб, пациентот се повикува на контрола кај лекарот.

Степенот на контрола на астмата треба да се проценува и при секој преглед на болниот, односно при редовните прегледи за продолжување на терапијата, а особено кога болниот има изразени симптоми или после егзацербација.

Следењето на пациент со астма опфаќа:

1. Одредување на степен на контрола на астмата
2. Присуство на коморбидитети
3. Проблеми со пропишаната терапија

1. Одредувањето на *степенот на контрола* на астмата опфаќа контрола на симптомите и ризик факторите
   **а.** Проценка на симптомите се врши со прашалници и тестови за контрола на астмата (табела 3)
   - во тек на самиот преглед (пополнува сестрата пред преглед на болниот)
   - Следење на контрола на болеста со помош на дневник на тегоби и мерење на PEF *во домашни услови*. Потребна е едукација на болниот за пополнување на дневникот и лоцирање на моментите кога треба да се јави кај избраниот доктор (План за контрола на астма)

**Табела 3. Процена на степен на контрола на астма**

| Дали во изминатите 4 недели, пациентот имал: | | |
|---|---|---|
| Симптоми на астма во тек на ден повеќе од 2 пати неделно | Да | Не |
| Ноќно будење поради астма? | Да | Не |
| Користење на бронходилататор како олеснувач повеќе од двапати неделно? | Да | Не |
| Ограничување на активност поради астма? | Да | Не |
| Степен на контрола според одговорите болниот: | | |
| Добро контролирана астма | -доколку нема ништо од наведеното | |
| Делумно контролирана | -при 1–2 позитивни одговори | |
| Неконтролирана | -при 3-4 позитивни одговори | |

За оваа цел може да се користи и валидизиран Asthma control test (ACT).
Неопходно е избраниот/матичниот доктор да го регистрира бројот на препишани канистери („спрејови“) на краткоделувачки бронходилататор во тек на годината во досието на болниот (доколку болниот употребува повеќе од 3 канистери годишно, контролата на болеста не е задоволителна)

**б.** Идентификација на ризик факторите кои укажуваат на можен неповолен исход од болеста се врши најмалку еднаш годишно.

- Неконтролирана астма.
  - Лекови: Честа употреба на краткоделувачки бронходилататори (постои ризик од зголемена смртност ако болниот користи повеќе од 1 канистер со 200 дози/месец); несоодветна примена на инхалаторна кортикостероидна терапија - ICS, (не користење на ICS, непридржување кон терапијата, неправилна инхалаторна техника).
  - Постоење на коморбидитети и/или бременост
  - Изложеност на чад од тутун, алергени и аерозагадување.
  - Изразени социо-економски проблеми.
  - Ниска белодробна функција (FEV1 <60%, голема реверзибилност).
  - Пациент претходно интубиран или лекуван во одделение за интензивна нега поради астма.
  - ≥ 1 тешка егзацербација во последните 12 месеци.

2. Најчести *коморбидитети* кај пациентите со астма се: риносинузит, гастроезофагеален рефлукс, обезност, опструктивна апнеа во сон, депресија и анксиозност. Идентификацијата на коморбидитети е потребна бидејки тие може да ги влошат респираторните симптоми и квалитетот на живот кај пациентите со дијагностицирана астма. Неопходно е секој од коморбидитетите адекватно да се третира паралелно со третманот на астмата.

3. *Проверка на терапијата* - треба да се нотираат лековите кои ги користи пациентот и да се праша за несакани ефекти. Јасно и разбирливо да му се објасни на болниот кој лек има улога на контролер, а кој лек и како треба да го употребува во случај на влошување (олеснувач). Сестрата и избраниот доктор треба редовно да ја проверуваат техниката на инхалација за инхалаторните лекови и придржувањето кон упатствата и да ја поттикнуваат мотивацијата на болниот за адекватен третман и минимизирање на факторите за ризик (програми за откажување од пушење, регулирање на телесната тежина, физичка активност и сл. ). Пациентите треба да имаат напишан план за контрола на астма.

При следењето на пациент со астма, одлуките треба се базираат врз актуелните водичи за астма. Тие треба да опфаќаат континуиран циклус на проценка, прилагодување на третманот (фармаколошки и нефармаколошки) и проценка на одговорот. Се препорачува скалест пристап во медикаментозниот третман, при што доколку пациентот не е контролиран на одредено ниво на третман, прво треба да се проверат придржувањето кон
терапијата, техниката на инхалација и коморбидитетите пред да се земат во предвид други лекови. или пациентот да се качи на повисоко ниво на третман. Тежината на астмата се одредува ретроспективно, според дозите на лекарствата со кои е постигната контрола на болеста.
Доколку сето тоа е проверено, а пациентот има неконтролирана астма се упатува на повисоко ниво на ЗЗ.

Покрај фармаколошкиот треман, треба да се спроведат и нефармаколошки мерки:

- Прекин на пушење
- Физичка активност
- Отстранување на факторите од околината
- Избегнување на NSAID.
- 

**Б. Секундарна здравствена заштита (специјалист интернист, пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд)**

При недоволна (делумна) контрола на астмата и/или лесно влошување на тегобите, избраниот доктор може да го упати болниот кај специјалист од секундарна здравствена заштита, интернист пнеумофтизиолог, специјалист по медицина на труд, кој врши процена на степенот на контрола според горенаведените препораки, евалуација на постоење на коморбидитети и подесување на третманот на истите. Проценува дали постои

професионална експозиција, поттикнува и организира постапки за одвикнување од пушење, ако тоа не е направено на примарно ниво. Ако процени дека е потребно, специјалистот може да ја покачи дозата на препишаниот контролер (чекор нагоре во терапијата за астма)*. Доколку нема подобрување на контролата на астмата и по спроведените интервенции, болниот треба да се упати кај пулмолог ( Табела 4)

*Препораката не важи ако болниот е контролиран со лек кој содржи Salmeterol

**Табела 4. Критериуми за упатување**

| **Упатување за тестови што не се достапни во примарната заштита** |
|---|
| Сомнеж во дијагнозата, истовремено присуство на други болести кои можат да ја влошат астмата или да се однесуваат како астма |
| Сомнение за професионална астма (симптомите се подобруваат кога пациентот не е на работа, почеток на астма кај возрасни, вработени во високо ризични професии |
| Лош/несоодветен одговор на терапијата |
| Неконтролирана астма; тешка астма (постојана потреба од големи дози на ICS или потреба од системски кортикстероиди повеќе пати годишно; или зачестено влошување на астмата |
| **Знаци за „аларм“ и индикатори за други дијагнози** |
| Истовремени системски симптоми (на пр. Сомневање за синдромот Churg Strauss или алергиска бронхопулмонална аспергилоза) |
| Истакнати системски карактеристики (миалгија, треска, губење на телесна тежина |
| Неочекувани клинички наоди (цијаноза, срцево заболување, монофоничен визинг или стридор |
| Постојана не-варијабилна диспнеа |
| Хронична продукција на спутум |
| Необјаснива рестриктивна спирометрија |
| Ризик од тешка егзацербација на астма, на пример анафилакса кај пациентот со астма, сомневање за аспиринска интолеранција |
| Бременост |
| Предоперативни подготовки на пациентот со слабо контролирана астма |
| Тешка предменструална астма, тешка астма при напор |
| Поајва на сериозни несакани ефекти од третманот |

**В. Супспецијалист пулмоалерголог, специјалист по пулмологија и респираторна алергологија – секундарно и/или терциерно ниво на здравствена заштита**

Проценка на одговорот на дадената терапија треба да се направи кај пулмолог и тоа:

- 1-6 месеци по започнувањето на третманот,
- според процена на доктор од примарна или секундарна ЗЗ,
- после егзацербација треба да се направи контрола по 1 недела,
- во бременост контролите треба да се почести, на 4-6 недели

Прилагодување на терапијата се прави соред нивото на контролата на болеста. (Слика 1). Доколку кај пациентот се утврди недоволна контрола на астмата потребно е да се овозможи докторот од примарно здравствено да закаже преглед кај пулмолог на секундарно ниво.

- Тешката, неконтролираната астма и астмата која е тешка за лекување (dificult to treat asthma), треба да се лекува на терциерно ниво. Процена за типот на тешка астма и потреба од биолошка терапија да биде исклучиво по препорака на мултидициплинарен борд (комисија) за тешка астма.

Слика 1 : Скалест пристап за третман на астма според степенот на тежина и нивото на контрола (поради комплексноста, сликата е дадаена во оригинал)




## Третман на акутна егзацербација (АЕ) на астма

Егзацербација на астма се дефинира како епизода која се карактеризира со прогресивно влошување на симптомите: недостаток на воздух, кашлица, „wheezing“, стегање во гради и прогресивно намалување на белодробната функција. АЕ претставува промена во однос на вообичаениот статус на пациентот, која што наложува промена на терапијата. Епизода на егзацербација може да се јави кај пациент со веќе дијагностицирана болест или, поретко како прва презентација на болеста.

На секој болен со дијагностицирана астма треба да му се изготви **персонализиран план за контрола на астма**, со детално објаснување на редовните лекови, како да ги препознае знаците на влошување на болеста, кои лекови да ги употреби како олеснувач и кога да се јави кај избраниот доктор. Доколку болниот има PEF – метар, параметрите за PEF да се вклучат во одлуката за терапија.

**План за самостојно контролирање/менаџирање на астмата при влошување на симптомите (АЕ)**

| | |
|---|---|
| **Зголеми ја дозата на вообичаениот олеснувач:** | Болниот може да земе по 2 инхалации олеснувач во момент на напад, и на секои 20 минути во тек на 1 час, со спејсер. Доколку нема подобрување да се јави кај својот избран лекар |
| Ниска дозаICS/Formoterol,или | Максималната дневна доза на Formoterol е 72 mcg/ден |
| Кратко делувачки β2 агонист (SABA*) | Максималната дневна доза на Salbutamol 800 mcg/ден |

SABA*- краткоделувачки бета2 агонист

**Третман на АЕ на ниво на примарна заштита**

Непосредно пред ординирање на терапија потребно е да се земе кратка анамнеза и направи физикален преглед. Полесни егзацербации би требало да се третираат на ниво на примарна заштита, секако, во зависност од условите и експертизата.

Доколку пациентот покажува знаци на тешка, живото загрозувачка егзацербација треба да се спроведе третман со SABA, оксигенотерапија и системски кортикостероиди додека се организира транспорт до болничка установа/регионална клиничка болница на секундарно ниво каде има пулмолог, со претходна најава и со целосна медицинска документација за направените иследувања и дадената терапија.

**Одредување на степен на тежината на АЕ**

Пациентот се јавува на преглед со клиничка слика на акутна или субакутна егзацербација на астма.

1. **Лесна:** Болниот дава податок за зачестено користење на олеснувач (>4 пати во неделата), ноќни или утрински тегоби (>1 во неделата), влошување на толеранцијата на напор или секојдневните активности, базичните вредности на PEF се нормални или лесно намалени (> 80% од личниот максимум).
   **Препорака за терапија:** Редовна доза на олеснувач неколку дена + четирикратно зголемување на дозата на контролерот во тек на 1-2 недели (дозата не смее да биде поголема од максималната препорачана доза од производителот на препаратот). Доколку нема подобрување за 48 часа и /или PEF< 60% од личниот максимум, ре-евалуација на состојбата, тригерите и факторите за ризик, воведување на орален кортикостероид 7 -14 дена (40-50 mg). Ако нема одговор на терапијата или состојбата се влошува,болниот се упатувакај пулмолог.

2. **Умерена (средно тешка) егазербација:** Болниот зборува со кратки реченици, претпочита да седи, не е агитиран, зголемена фреквенција на дишење, не употребува помошна мускулатура, пулс 100-120 удари/мин., О2 сатурација 90-95%, PEF >50% од предвидената вредност или личен максимум.

**Препорака за терапија:** *Започни третман* со кратко делувачки β2 агонист 4-10 инхалации со MDI со спејсер повтори на секои 20 мин во тек на 1 час. Преднизолон: возрасни 40-50 mg 5 - 7 дена.
Контролиран проток на кислород* (ако сатурацијата падне под 90%) – одржувај сатурација 93-95% .

Продолжи третман со кратко делувачки β2 агонист по потреба. Процени одговор за 1 час или пократко.

Доколку не се подобрува да се трансферира во болничка установа /регионална клиничка болница или во болничка установа каде има пулмолог, со претходна најава и комплетна медицинска документација, а во меѓувреме се ординира кратко делувачки β2 агонист и/или кратко делувачки антихолинергик, О2, системски кортикостероиди.
Доколку се подобрува. *Процена за домашно лекување:* симптоми подобрени, нема потреба за кратко делувачки β2 агонист, PEF се подобрува >60-80 % од предвидената вредност или личен максимум, О2 сатурација >94%, располага со соодветни домашни услови . Дозата на редовниот контролер се зголемува во тек на 3-4 недели и се додава 5-7 дена преднизолон. Се закажува контрола за 2-7 дена.

3. **Тешка егзацербација:** изговара само зборови, седи наведнат напред, употребува помошна мускулатура, агитиран, фреквенција на дишење > 30/мин, пулс > 120 удари/мин, О2 <90%, PEF < 50% од предвидениот или личен максимум.

   Потребно **веднаш** да се трансферира до итна медицинска служба во болничка установа /регионална клиничка болница или во болничка установа каде има пулмолог со претходна најава и комплетна медицинска документација, а додека се чека се ординира кратко делувачки β2 агонист, ипратропиум бромид, О2, системски кортикостероиди.
4. **Живото-загрозувачка егзацербација:** сомнолентен, конфузен или „silent chest“. **Итен** трансфер до итна медицинска служба во болничка установа/регионална клиничка болница или во болничка установа каде има пулмолог со претходна најава и комплет медицинска документација, а додека се чека се ординира кратко делувачки β2 агонист, ипратропиум бромид, О2, системски кортикостероиди.

* **Контролиран проток на кислородна терапија** (доколку е достапен). Кислородна терапија треба да биде администрирана со цел да се одржи кислородна сатурација на 93-94%. Контролиран проток на кислород дава подобри резултати наспроти висок проток на 100% кислородна терапија (Ниво на доказ Б). Кислород не треба да не се администрира доколку на располагање нема оксиметар, но пациетот треба да се мониторира во правец на конфузузност, сомнолентоност, колапс.

**Не се препорачува рутинско ординирање на РТГ на бели дробови, лабораторија и препишување на антибиотици при секоја АЕ на астма.**

**Сите болни со АЕ на астма треба да бидат следени од здравствен работник се до стабилизирање на симптомите и нормализирање на белодробната функција.**

**Апсолутни индикации за хоспитализација**

- FEV1 или PEF <25% од предвиденото или личен максимум пред терапија
- FEV1 или PEF <40% од предвиденото или личен максимум после терапија
- Доколку постои засегање на свеста (поспаност, сомнолентност) сугерира дека PaCO2 може да е покачен. Доколку PaO2 < 60mmHg (8kPa), а PaCO2 нормален или покачен (>45mmHg, 6kPa) индицира респираторна слабост
- Доколку немало подобрување по терман за АЕ ординиран во Итна медицинска служба или по амбулантски третман на ниво на секундарна здравтствена заштита
- Историја на претходна хоспитализација во Единица за интензивна нега, потреба од интубација/механичка вентилација поради егазербација на астма

**Индикатори на квалитетот на третманот на пациентот со астма на примарно ниво**

1. Регистар на АСТМА
2. Процена на степен на контрола на астмата со горе наведениот прашалник (АСТ), кај сите пациенти со астма барем еднаш годишно.
3. Евидентиран пушачки статус кај секој пациент еднаш годишно
4. Дијагноза поставена од страна на пулмолог и пополнет индивидуален план за контрола на астма
5. Проверка на индивидуален план за контрола на астма
6. Едукација на пациент за правилна употреба на инхалаторна терапија еднаш годишно
7. Детектирање на несаканите ефекти на лекарствата ( пр.засипнатост на гласот при терапија со ICS),
8. Минимизирање на бројот на непланирани прегледи (соодноси планирани/непланирани > 10:1- да се воведе како индикатор после 3-4 години)
9. оптимално придржување кон препорачаната терапија (минимум придржување кон треапијата во 80% од времето -- да се воведе како индикатор после 3-4 години)
10. Детекција на пациент со висок ризик (да се воведе како индикатор после 3-4 години)

**Табела 5. Лекови кои се употребуваат во третман на астмата (1)**

| Лекови за одржување на контрола на астмата - КОНТРОЛЕРИ | Лекови за третман при влошување на астмата - ОЛЕСНУВАЧИ |
|---|---|
| **Инхалаторни кортикостероиди (ICS)**<br>Beclomethasone<br>Budesonide<br>Fluticasone propionate<br>*Ciclesonide,Fluticasone furoate*<br>*Momethasone, Triamcinolone* | **Краткоделувачки бета2агонисти (SABA)**<br>Salbutamol<br>*Terbutaline* |
| **Инхалаторни кортикостероиди и Долгоделувачки бета2агонисти (ICS-LABA)**<br>Beclomethasone-formoterol<br>Budesonide-formoterol<br>Fluticason propionate-salmeterol<br>*Fluticason propionate - formoterol*<br>*Flutocasone furoate-vilanterol*<br>*Momethasone-formoterol* | **Ниски дози на ICS-Formoterol**<br>(Формотеролот е бета 2 агонист со брз почеток и затоа може да се употребува и како олеснувач)<br><br>Beclomethasone-formoterol<br>Budesonide-formoterol |
| **Модифицирачи на леукотриени**<br>Montelukast<br>*Pranlukast, Zafirlukast, Zileuton* | **Краткоделувачкиантихолинергици**<br>Ipratropium bromide<br>*Oxitropium bromide* |
| **Кромони**<br>*Nedocromil sodium*<br>*Sodium cromoglycate* | |
| **Лекови кои можат да се додадат на редовниот контролер** | |
| **Долгоделувачки антихолинергик**<br>Tiotropium (>6 годишна возраст) | **Анти IL4**<br>*Dupilumab* |
| **Анти ИгЕ**<br>*Omalizumab* | **Анти TSLP**<br>*Tezepelumab* |
| **Анти IL5 иАнти IL5R**<br>Reslizumab,*Mepolizuamb,Benralizumab* | **Системски кортикостероиди**<br>Prednisone, Prednisolone, Methylprednisolone, *Hydrocortisone* |

Лековите прикажани во *"italic"*во моментот не се достапни во Македонија
Теофилинските препарати за брзо или одложено дејство можат да се употребат како дополнителна терапија за најтешките форми на астма, по препорака на пулмолог

## Привремени упатства за водење на астма за време на пандемијата со COVID – 19 (3)

1. **Советувајте ги пациентите со астма да продолжат со земање на пропишаните лекови за астма, особено инхалаторните кортикостероиди (ИКС) и орални кортикостероиди (ОКС) доколку се препишани**

2. **Осигурете се дека сите пациенти имаат пишан акционен план за астма со упатства за:**

   - **Зголемување на дозите на контролери и олеснувачи при влошување на астмата**
   - **Краткотрајно земање на ОКС за сериозни егзацербации на астма**
   - **Кога да побараат медицинска помош**
   - **Повеќе информации во врска со опциите за третман за акциони планови за астма воактуелниот водич на** GINA

5. **Секогаш кога е можно да се избегнува употреба на небулизатори**

6. **Избегнувајте спирометрија кај пациенти со потврден/сомнителен COVID-19**

7. **Следете ги строго постапките за контрола на инфекции ако се потребни процедури при кои се создаваат аеросоли**

8. **Следете ги националните здравствени совети за хигиенски стратегии и употреба на лична заштитна опрема**

**Литература:**

1. Asthma Clinical Practice Guidelines (GINA, 2019 *report and Appendix*) *www.ginasthma.org*
2. Vlaski, E; Stavrikj, K;  Kimovska, M; Cvejoska Cholakovska, V; Lawson, JA.. *Divergent trends in the prevalence of asthma-like symptoms and asthma in a developing country: three repeated surveys between 2002 and 2016.* Достапно на: https://pubmed.ncbi.nlm.nih.gov/32284265/

1. 2022 GINA Report, *Global Strategy for Asthma Management and Prevention*. Достапно на: https://ginasthma.org/wp-content/uploads/2022/07/GINA-Main-Report-2022-FINAL-22-07-01-WMS.pdf
2. Wilson, JMG; Jungner, G (1968). "Principles and practice of screening for disease" (PDF). WHO Chronicle. **22** (11): 281–393.
3. SIGN158 British guideline on the management of asthma Revised edition published July 2019. Достапно на: https://www.sign.ac.uk/assets/sign158.pdf
4. *Asthma: diagnosis, monitoring and chronic asthma management*. NICE guideline [NG80] Published date: 29 November 2017 Last updated: 12 February 2020 Достапно на: https://www.nice.org.uk/guidance/ng80/chapter/Recommendations#objective-tests-for-diagnosing-asthma-in-adults-young-people-and-children-aged-5-and-over
5. V.C. Moore. *Spirometry: step by step*, Breathe 2012 8: 232-240; **DOI:** 10.1183/20734735.0021711
6. *Respiratory Health Bronchodilator Procedures Manual.* Достапно на: https://www.cdc.gov/nchs/data/nhanes/nhanes_07_08/Bronchodilator.pdf

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – Дејанчо Цветановски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2023 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.**
**ISSN 0354-1622**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 170** **10 август 2023, четврток** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Нотарски огласи................................ | 1 |
| Јавни објави на извршители.................. | 4 |
| Неважечки документи.......................... | 5 |
| Огласи............................................ | 7 |
| Јавни набавки................................... | 11 |


## НОТАРСКИ ОГЛАСИ

Се продава земјоделско земјиште запишано на Имотен лист број 672 за КО Цепчиште вон град како КП 670, дел 2, место викано „Испод масларски пут“, класа 2, со површина од 3.202 м2, сопственост на лицето Мемети Џељаљ за купопродажна цена од 180.000 денари.

Се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување односно сопствениците на соседните парцели на посочениот недвижен имот во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат по огласот. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите по огласот да се доставаат до нотарот Армир Садики на ул. „ЈНА“ бр. 1/5 во Тетово. (38018)

---

Се продава земјоделско земјиште запишано на Имотен лист број 8599 за КО Теново вон град како КП 1163, место викано „Папрадница“, класа 5, со површина од 2.155 м2, и КП 1164, место викано „Папрадница“, класа 5, со површина од 2.335 м2, 1/2 (идеална половина) од земјоделско земјиште запишано на Имотен лист број 1468 за КО Стенче, како КП 154, дел 1, место викано „Грашарка“, класа 5, со површина од 3.098 м2, сопственост на лицето Рефет Елмази за купопродажна цена од 2.900,00 евра изразени во денарска противвредност по НБРСМ по денот на уплатата.

Се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување односно сопствениците на соседните парцели на посочениот недвижен имот во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат по огласот. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите по огласот да се доставаат до нотарот Армир Садики на ул. „ЈНА“ бр. 1/5 во Тетово. (38019)

---

Се продава недвижниот имот со следниве катастарски индикации, Лист Б: КП 1156, место викано „Суви брест“, катастарска култура ЗЗ, Н, 3 класа, со површина од 11.501 м2, право на сосопственост, опишано по Имотен лист број 2315 на КО Пирок вон гр. реон, во сопственост на продавачот Шоип Шоипи и тоа на 2500/11472 идеални делови, за вкупна купопродажна цена од 2.950 евра.

Согласно со член 15, став 1 и 4 од Законот за земјоделско земјиште се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување, на посочениот недвижен имот сите заеднички сопственици, сосопственици и соседи кои се граничат со недвижниот имот, во рок од 8 (осум ) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да ги доставаат до нотарот Патриша Трајковска од Тетово на ул. „Илинденска“ бр. 69 лок. 1 и 2, Тетово. (38028)

---

Се продаваат 1/24 од КП број 7956, на м. в. „Клуково“, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 4.381 м2 во сопственост на Даут Нуредин Муслии, 1/24 од КП број 7956, на м. в. „Клуково“, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 4.381 м2 во сопственост на Мухамед Нуредин Муслии и 1/24 од КП број 7956, на м. В. „Клуково“, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 4.381 м2, во сопственост на Шаине Муустаф Муслии, опишано по Имотен лист број 9328 КО Тетово вон град за вкупна купопродажна цена од 2.850 евра, изразени во денарска противвредност на денот на уплатата.

Согласно со член 15, став 1 и 4 од Законот за земјоделско земјиште се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) де-

**Огласи**

на од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата.

Во спротивно, го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Нита Џафери-Исени, ул. „Дервиш Цара“ бр. 35/5-3, Тетово, тел. 044/345-208 или е-маил адреса nita.xhaferi-iseni@nkrm.org.mk. (38040)

---

Се продава КП број 928, на м. в. „Блатиште“, катастарска култура 15000, класа 4, со површина од 2.281 м2, КП број 929, на м. в. „Блатиште“, катастарска култура 15000, класа 4, со површина од 2.031 м2, КП број 930 дел 1, на м. в. „Блатиште“, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 1.812 м2 и КП број 930 дел 2, на м. в. „Блатиште“, катастарска култура 11000, класа 4, со површина од 1.567 м2 во сопственост на Мислими Азир Мерзеди, опишани по Имотен лист број 854 на КО Горно Седларце вон град за вкупна купопродажна цена од 35.000 евра, изразени во денарска противвредност на денот на уплатата.

Согласно со член 15, став 1 и 4 од Законот за земјоделско земјиште се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“ писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата.

Во спротивно, го губат правото на првенство. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Нита Џафери-Исени, ул. „Дервиш Цара“ бр. 35/5-3, Тетово, тел. 044/345-208 или е-маил адреса nita.xhaferi-iseni@nkrm.org.mk. (38041)

---

Се продава една целина (1/1) од земјоделско земјиште кое се води под КП бр. 161, место викано/улица „Дубрава“, катастарска култура ЗЗ Н, класа 7, со површина 3.266 м2, запишана во Имотен лист бр. 135 за КО Р'нковце, сопственост на Кастриот Сејдији, за вкупна цена од 2.800,00 евра (две илјади и осумстотини евра) во денарска противвредност.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Сл. весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Артан Раховица, ул. „11-ти Октомври“ бр. 7, Куманово. (38043)

---

Се отуѓуваат – продаваат 188 м2 од земјоделско земјиште сопственост на Рамадани Локман со живеалиште во Порој, ул. „101“ б. б., дел од 1188/4177 заведени во Имотен лист број 3162 за КО Порој вон град и тоа КП бр. 1637 место викано „Табачнице“ катастарска култура зз н, класа 3 со површина од 2.139 м2 и КП бр. 1638 место викано „Табачница“ катастарска култура зз н, класа 3 со површина од 2.039 м2 за вкупна купопродажна цена од 184.992 денари.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенството.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Весна Масловариќ-Костовска, ул. „Благоја Тоска“ 214/1, Тетово. (38044)

---

Се продава недвижниот имот сопственост на Влатко Стојановски од с. Старавина, Новаци што претставува 1/1 (едно цело) од недвижниот имот заведен во Лист Б од Имотен лист број 22 за КО Старавина, застроен врз: КП бр. 990 место викано/улица „Баовец“, катастарска култура Н, класа 6, површина 1.196 м2, заедно со недвижниот имот сопственост на Влатко Стојановски од с. Старавина, Новаци што претставува 1/1 (едно цело) од недвижниот имот заведен во Лист Б од Имотен лист број 22 за КО Старавина, застроен врз: КП бр. 594 место викано/улица „Село“, катастарска култура ГЗ, ГИЗ, површина 262 м2, КП бр. 594 место викано/улица „Село“, катастарска култура ГЗ, ЗПЗ 1, површина 68 м2, КП бр. 759 место викано/улица „Село“, катастарска култура Н, класа 7, површина 490 м2 за вкупна купопродажна цена од 173.000 денари.

Се повикуваат лицата кои имаат право на првенствено купување (заедничките сосопственици, сосопствениците и соседите чие земјиште граничи со земјиштето што се продава) посочени во недвижниот имот, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенство.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Маринчо Велјановски од Битола бул. „1 Мај“ бр. 208, Битола. (38046)

---

Со Нотарски акт - Договор за невладетелски залог врз подвижни предмети со својство на извршна исправа ОДУ бр. 155/2023 од 26.7.2023 година од нотарот Јорданка Димчева од Свети Николе, склучен помеѓу Прокредит банка АД Скопје - заложен доверител и Индивидуален земјоделец Виолета Ивановска, Виолета Ивановска с. Ерџелија, Св. Николе, заложен должник, по основ на Договор за бизнис кредит бр. 50131031 од 26.7.2023 година со вкупен износ од 2.350.000 денари, заснован е залог на подвижни предмети во сопственост на должникот трактор LOVOL B904 со број на шасија FTTM5A34PPC000051. (38048)

---

Се продава земјоделско земјиште и тоа: КП бр. 578, место викано/улица „Буричино“, катастарска култура зз н, класа 5, со површина од 2.077 м2, заведена во Имотен лист број 116 за КО Мренога со дел на посед 1/1, имотот е на Цане Стојковски од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 60, и се продава за цена од 400 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРСМ на денот на уплатата, а данокот на промет на недвижностите, адвокатските и нотарските трошоци и другите трошоци во врска со реализацијата на Договорот за продажба ги плаќа купувачот.

Се повикуваат заедничките сопственици, сосопствениците и сопствениците на парцелите кои граничат со наведената парцела, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на РСМ“, доколку се заинтересирани, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување. Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Љупка Караџовска-Главинче од Битола, ул. „Филип Втори Македонски“ бр. 13/1, Битола. (38056)

---

Се продава недвижен имот од КП бр. 3171 дел /, во место викано „Асаневица“, катастарска култура, 11000, класа 5, со површина од 3.458 м2, во сопственост на Ленче Глигорова од Гевгелија, опишан во Имотен лист за КО Моноспитово вон град број 1158 за вкупна купопродажна цена од 500,00 евра во денарска противвредност.

## Огласи

Се повикуваат соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да достават понуда за купување на горенаведената недвижност.

Понудите се доставуваат до нотарот Јован Пешовски од Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 1-1, приземје.

(38057)

---

Се продава недвижен имот од КП бр. 2394 дел /, во место викано „Кокошинка“, катастарска култура, н, класа 4, со површина од 1.123 м2, во сопственост на Васил Бансколиев од Моноспитово, опишан во Имотен лист за КО Моноспитово вон град број 88 за вкупна купопродажна цена од 300,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да достават понуда за купување на горенаведената недвижност.

Понудите се доставуваат до нотарот Јован Пешовски од Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 1-1, приземје.

(38058)

---

Се продава недвижен имот од КП бр. 1879 дел /, во место викано „Средорек“, катастарска култура, 11000, класа 4, со површина од 3.894 м2, и КП бр. 1958 дел /, во место викано „Касапки“, катастарска култура, 11000, класа 3, со површина од 3.754 м2 во сопственост на Стефчо Ников од Моноспитово, опишан во Имотен лист за КО Моноспитово вон град број 566 за вкупна купопродажна цена од 900,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да достават понуда за купување на горенаведената недвижност.

Понудите се доставуваат до нотарот Јован Пешовски од Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 1-1, приземје.

(38059)

---

Се продава недвижен имот од КП бр. 1767 дел /, во место викано „Средорек“, катастарска култура, 11000, класа 4, со површина од 3.298 м2, во сопственост на Ванчо Поповски од Моноспитово, опишан во Имотен лист за КО Моноспитово вон град број 966 за вкупна купопродажна цена од 500,00 евра во денарска противвредност.

Се повикуваат соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да достават понуда за купување на горенаведената недвижност.

Понудите се доставуваат до нотарот Јован Пешовски од Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 1-1, приземје.

(38060)

---

Се продава недвижен имот од КП бр. 2389 дел /, во место викано „Кокошино“, катастарска култура, зз, н, класа 4, со површина од 4.552 м2, и КП бр. 3197 дел /, во место викано „Асанчевица“, катастарска култура, зз, н, класа 4, со површина од 2.641 м2 во сопственост на Панчо Јоваников од Моноспитово, опишан во Имотен лист за КО Моноспитово вон град број 334 за вкупна купопродажна цена од 100.000 денари.

Се повикуваат соседите, чиешто земјиште граничи со земјиштето коешто се продава, заедничките сопственици и сосопствениците кои се заинтересирани за купувањето на недвижноста, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој оглас, да достават понуда за купување на горенаведената недвижност.

Понудите се доставуваат до нотарот Јован Пешовски од Струмица, ул. „Ленинова“ бр. 1-1, приземје.

(38061)

---

Со Нотарски акт - Договор за хипотека врз недвижност од прв ред, со својство на извршна исправа ОДУ бр. 158/23 од 31.7.2023 година, од нотарот Јорданка Димчева од Свети Николе, склучен помеѓу Прокредит банка АД Скопје, заложен доверител и ДПТ со електрична енергија ПВ СИТИ ДОО Свети Николе, како корисник заложен должник, заради обезбедување на парично побарување на должникот по основ на Договор за рамковен лимит бр FW10.1457 од 31.7.2023 со износ од 500.000,00 евра, заснована е хипотека на недвижен имот - запишан во Имотен лист бр.1121 за КО Амзабегово вон град, Лист Б КП 385 дел 13, м. в. „Горна Јурија“, површина 547 м2, КП 474, м. в. „Чај крши“, кат. култура гн гнз, површина 837 м2, КП 477 дел 2, м. в. „Чај крши“, кат. култура гн гнз, површина 143 м2, и во Имотен лист бр. 508 за КО Амзабегово вон град КП 475, м. в. „Чојкарши“, кат. култура гз гнз, површина 10.582 м2 од Лист Б. (38070)

---

Се продава следниов недвижен имот заведен на КП број 1809, место викано „Чар“, катастарска култура 16000, класа 4, со површина од 4.813 м2, КП 1622, место викано „Село“, катастарска култура зз-л, класа 2, со површина од 634 м2, и КП бр. 1623 место викано „Село“, катастарска култура зз-л, класа 2, со површина од 559 м2, заведени во Лист Б на Имотен лист број 669 за Ко Грешница, Лист Б на Имотен лист број 208 за КО Грешница вон град, и лист Б на Имотен лист број 688 за КО Грешница, сопственост на Рефик Рамадани и сосопственост на по 1/2 идеален дел на: Башким Рамадани и Вахид Рамадани за купопродажна цена од 2.000 евра.

Се повикуваат сите заинтересирани соседи како и трети лица, кои граничат со погоренаведените парцели, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“, писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Вјоса Лимани Мустафа, ул. „Тане Цалески“ бр. 30/1-3 и 4, кат 2. (38071)

---

Заради обезбедување на побарување со износ од 6.000.000,00 евра по основ на Договор за рамковен револвинг-кредит лимит врз основа на заложно право, заведен под бр. 02-100-2653/2 на 30.5.2023 година, склучен помеѓу Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски“ бр. 3, Скопје, Центар, како заложен доверител со должникот Друштво за услуги ХТЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „50-та Дивизија“ бр. 24а, Скопје, Центар, врз основа на Солемнизација на Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа ОДУ број 433/2023 од 28.7.2023 година од нотарот Ѓорѓи Николов од Гевгелија, засновано е заложно право - хипотека

**Огласи**

од прв ред врз недвижен имот-земјиште на КП 3277, 3282/1, 3282/2, 3282/3, 3283, 3286, 3327/1 и 3327/3 во м.в. „Смрека", како и деловен простор и помошни простории на КП 3277, кој недвижен имот е внесен во Имотен лист број 1346 за КО Богородица, сопственост на заложниот должник Друштво за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија. (38072)

---

Заради обезбедување на побарување со износ од 6.000.000,00 евра по основ на Договор за рамковен револвинг-кредит лимит врз основа на заложно право, заведен под бр. 02-100-2653/2 на 30.5.2023 година, склучен помеѓу Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 3, Скопје, Центар, како заложен доверител со должникот Друштво за услуги ХТЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „50-та Дивизија" бр. 24-а, Скопје, Центар, а врз основа на Солемнизација на Договор за залог на подвижни предмети со својство на извршна исправа ОДУ број 434/2023 од 28.7.2023 година, од нотарот Ѓорѓи Николов од Гевгелија, регистриран е залог од прв приоритет врз подвижни предмети во сопственост на заложниот должник Друштво за угостителство, туризам и услуги МАКОТЕН ДООЕЛ Гевгелија, со Потврда за регистрација на залог под единствениот деловоден идентификациски број 11520230000242, издадена на 3.8.2023 година од Заложниот регистар - Гевгелија при Централен регистар на РСМ. (38073)

---

Заради обезбедување на побарување по основ на Договор за станбен кредит бр. 67652/3 склучен на 3.8.2023 година, склучен помеѓу ШПАРКАСЕ БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 14, Скопје, Центар, како заложен доверител, должник корисник на станбен кредит и иден заложен должник Наташа Демерџиева, со адреса на живеење на ул. „Браќа Миладинови" бр. 11 во Гевгелија и заложен должник Друштво за трговија и услуги СПРИНА ДОО Гевгелија, со седиште на ул. „Моински пат" бр. 41, Гевгелија, со ЕМБС 7365098, врз основ на Нотарски акт – Договор за залог (хипотека) ОДУ број 268/2023 од 8.8.2023 година од нотарот Цеца Малева Стоев од Гевгелија, засновано е заложно право - хипотека од нареден ред врз недвижен имот – стан бр. 18 внесен под ред. бр. 24 и 25 поставен на КП 5797/2 и внесен во Лист за предбележување на градба број 104093 за КО Гевгелија, сопственост на заложниот должник. (38081)

---

На ден 7.8.2023 година, кај нотарот Марија Барзова со ОДУ број 175/23 е составен Нотарски акт на Договор за залог на подвижни предмети-удели со својство на извршна исправа во вредност од 1.050.000.00 евра, со кој акт се заложуваат: рачен залог од прв ред на 100% од уделите на Друштво за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип во сопственост на Борислава Мишева на износ од 155.000 денари и рачен залог од прв ред на 100% од уделите во Друштво за производство, трговија и дистрибуција МИЗЕН СОЛАР ПРО ДОО увоз-извоз Штип во сопственост на Дарко Зенделов на износ од 155.000 денари во корист на Шпаркасе банка АД Скопје. (38110)

---

Се продава следниот недвижен имот:

- КП бр. 1750, дел 2 на место викано „Кушовица", култура ЗЗ Н од 4 класа со површина од 3.444 м2, кој недвижен имот е заведен во Имотен лист со број 77079 за КО ГРАДЕЦ издадено од АКН Гостивар сопственост на продавачот Идрис Авзија и

- 1/4 идеален од КП бр. 1750, дел 3 на место викано „Кушовица", култура ЗЗ Н од 4 класа со површина од 149 м2 кој недвижен имот е заведен во Имотен лист со број 77034 за КО ГРАДЕЦ, издадено од АКН Гостивар сосопственост на продавачот Идрис Авзија за вкупна цена од 1.842.000 денари.

Се повикуваат соседите чие земјиште се граничи со земјиштето што се продава во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија", да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Зарија Џафери од Гостивар, ул. „Браќа Ѓиноски" бр. 75/Б, лок 14. (38111)

---

Врз основа на Нотарски акт - Договор за хипотека врз недвижност со својство на извршна исправа ОДУ 209/23 од 4.8.2023 година од нотарот Оливера Пешиќ, склучен меѓу заложниот доверител НЛБ банка АД Скопје, должникот иден заложен должник Радица Ѓорчева Јаневска, должникот - согласна страна Александар Јаневски, заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје воспоставена е хипотека од прв ред, врз недвижен имот во градба со сите припадоци и прирастоци која се наоѓа во Скопје на: КП бр. 3125/1, зграда 1, влез 1, кат 1, број 21, стан со површина од 57 м2 и зграда 1, влез 1, кат 1, број 21 помошни површини (тераса, лоѓија, балкон) со површина од 3 м2, запишан во Лист за предбележување на градба број 62385 за КО Кисела Вода 1 во сопственост на заложниот должник ДАБАР ДООЕЛ Скопје, а заради обезбедување на парично побарување со вкупен износ од 56.200,00 евра кое произлегува од Договор бр. KR2023/64763 за одобрување на станбен кредит. (38112)

---

Се продава следниот недвижен имот: КП бр. 1586, м. в. „Припор", катастарска култура-нива, 5 класа, со вкупна површина од 1.954 м2 и КП бр. 1593, м. в. „Припор", катастарска култура - нива, 5 класа, со вкупна површина од 3.492 м2 сите во КО Црник во сопственост на Урмија Џингова со живеалиште во Црник, Пехчево, според Имотен лист бр. 448 за КО Црник, за вкупна купопродажна цена од 800 евра во денарска противвредност на НБРСМ на денот на плаќањето.

Се повикуваат лицата коишто имаат право на првенствено купување, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РСМ", писмено да се изјаснат за прифаќањето на понудата. Во спротивно, го губат правото на првенствено купување.

Изјавите за прифаќањето на понудата да се достават до нотарот Татјана Миовска, нотар за подрачјето на Основен суд во Берово ул. „Задарска" бр. 15. (38113)

## ЈАВНИ ОБЈАВИ НА ИЗВРШИТЕЛИ

И. бр. 1058/2023

ЈАВНА ОБЈАВА
(Врз основа на чл. 48 од Законот за извршување)

Извршителот Катерина Кокина од Скопје, ул. „Михаил Цоков" бр.72/1-5 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Емил Дракулевски од Скопје со живеалиште на „Франклин Рузвелт" бр. 4-3/46 преку полномошникот адвокат Дуња Туртурова, засновано на извршната исправа Нотарски акт ОДУ бр. 421/21 од 22.4.2021 година на нотарот Ана Брашнарска од Скопје, против должникот Друштво за градежништво, проектирање и услуги ХАМЕР КОНСТРАКШН ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 40800-

**Огласи**

11520462 и ЕМБС 6689868 и седиште на „Мито Хаџивасилев-Јасмин“ ТЦ РАМСТОР б. б. лок. 34, за спроведување на извршување, на ден 4.8.2023 година, го

ПОВИКУВА

Должникот Друштво за градежништво, проектирање и услуги ХАМЕР КОНСТРАКШН ДОО Скопје од Скопје со ЕДБ 4080011520462 и ЕМБС 6689868 и седиште на „Мито Хаџивасилев-Јасмин“ ТЦ РАМСТОР б. б. лок. 34, да се јави во канцеларијата на извршителот Катерина Кокина на ул. „Михаил Цоков“ бр. 72/1-5, Скопје заради достава – врачување на: Налог за извршување заради испразнување и предавање на недвижност врз основа на чл. 226 ст. 2 од ЗИ И. бр. 1058/2023 од 30.3.2023 година во рок од 3 (три) дена сметано од објавувањето на ова јавно повикување во „Службен весник на РСМ“.

Се предупредува горенаведеното лице дека ваквиот начин на достава се смета за уреден и дека штетните последици кои можат да настанат ги сносат самите лица.

Оваа јавна објава заради доставување се врши со еднократна објава во дневниот весник „Нова Македонија“, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и на веб-страницата на Комората.

Извршител,
Катерина Кокина, с.р.
(38038)

## НЕВАЖЕЧКИ ДОКУМЕНТИ

**Лична карта**

Лична карта бр. A2134232 на име Семир Трго, Битола. (38125)
Лична карта бр. A2149283 на име Ило Спасевски, Делчево. (38128)
Лична карта бр. A2465523 на име Рамиз Исо, Гостивар. (38129)
Лична карта бр. G1301313 на име Абдула Ајрули, Гостивар. (38130)
Лична карта бр. G1255861 на име Линдита Елмази, Гостивар. (38131)
Лична карта бр. A2352231 на име Јован Трајчев, Кочани. (38133)
Лична карта бр. A2327847 на име Станка Трајчева, Кочани. (38134)
Лична карта бр. M0339083 на име Весна Арсовска, Куманово. (38137)
Лична карта бр. G1522188 на име Ељмедина Целадини, Куманово. (38138)
Лична карта бр. A2331353 на име Саниа Кристина Сидлер, Охрид. (38141)
Лична карта бр. M0078047 на име Илија Николоски, Охрид. (38142)
Лична карта бр. M0181484 на име Даниела Божинова, Радовиш. (38144)
Лична карта бр. A1896248 на име Даниел Кушовски, Свети Николе. (38151)
Лична карта бр. M0108212 на име Владо Димов, Валандово. (38159)
Лична карта бр. M0067611 на име Бојан Цветковски, Велес. (38161)
Лична карта бр. A2297376 на име Емине Исламовска, Битола. (38179)
Лична карта бр. A1671666 на име Шабан Садрија, Дебар. (38181)
Лична карта бр. A2431963 на име Илија Лисичков, Гевгелија. (38182)
Лична карта бр. M0038142 на име Марјан Митрев, Кавадарци. (38184)
Лична карта бр. M0349463 на име Душко Пешов, Кочани. (38185)
Лична карта бр. M0326166 на име Душица Миневска, Крива Паланка. (38188)
Лична карта бр. M0423602 на име Димчо Костовски, Крива Паланка. (38189)
Лична карта бр. A2592477 на име Гордана Христовска, Куманово. (38191)
Лична карта бр. A1913097 на име Милена Трајчевска-Петрушевиќ, Куманово. (38192)
Лична карта бр. A2153739 на име Емилија Стојановска, Куманово. (38193)
Лична карта бр. A2603102 на име Сузана Радевска, Куманово. (38194)
Лична карта бр. M0142370 на име Роса Маневска, Куманово. (38195)
Лична карта бр. M0367572 на име Миле Левески, Охрид. (38200)
Лична карта бр. M0005917 на име Филип Кафтаноски, Охрид. (38201)
Лична карта бр. A2749145 на име Јагода Ристеска Левеска, Охрид. (38202)
Лична карта бр. A2281048 на име Љубица Златкова, Пробиштип. (38203)
Лична карта бр. A2017132 на име Есма Џоцалиќ, Прилеп. (38204)
Лична карта бр. A2728504 на име Мирослав Гиноски, Прилеп. (38205)
Лична карта бр. M0018160 на име Ремзи Мемишов, Радовиш. (38206)
Лична карта бр. A2537101 на име Тоше Богев, Велес. (38213)
Лична карта бр. M0508114 на име Борис Ристов, Велес. (38214)

**Пасош**

Пасош бр. C1578353 на име Владимир Чавдаровски, Битола. (38126)
Пасош бр. C1532432 на име Ален Бајрамов, Битола. (38127)
Пасош бр. N0214689 на име Бесир Алити, Куманово. (38139)
Пасош бр. M0493635 на име Ивана Малиновска, Куманово. (38140)
Пасош бр. C1177284 на име Анѓела Трајковска, Прилеп. (38143)
Пасош бр. M0078598 на име Рувејда Мустафова, Радовиш. (38145)
Пасош бр. N0080839 на име Нуријет Абедини, Струга. (38152)
Пасош бр. N0140552 на име Хиса Рамадани, Тетово. (38153)
Пасош бр. K1130596 на име Хирије Целадини, Тетово. (38154)
Пасош бр. N0039278 на име Фузи Нухиу, Тетово. (38155)
Пасош бр. N0230082 на име Вадрип Саљи, Тетово. (38156)
Пасош бр. N0204475 на име Зијадин Шабани, Тетово. (38157)
Пасош бр. N0015395 на име Бесмир Исени, Тетово. (38158)
Пасош бр. K1263375 на име Метин Имеровски, Велес. (38162)
Пасош бр. C0329550 на име Раде Јовановски, Велес. (38163)
Пасош бр. M0342089 на име Лазар Глигоров, Гевгелија. (38183)
Пасош бр. M0185357 на име Филип Велков, Кочани. (38186)
Пасош бр. C1359114 на име Бахара Таирова, Крива Паланка. (38190)
Пасош бр. C1307511 на име Сеад Сејфула, Куманово. (38196)
Пасош бр. M0444697 на име Зорица Павловска, Куманово. (38197)
Пасош бр. C1111104 на име Ванеса Стојанова, Струмица. (38208)

## Огласи

Пасош бр. C1111099 на име Велин Стојанов, Струмица. (38209)
Пасош бр. M0142773 на име Стојан Стојанов, Струмица. (38210)
Пасош бр. C1111103 на име Мартина Стојанова, Струмица. (38211)

**Мемориска картичка**

Мемориска возачка картичка бр.MK10558090861000 издадена од АМЕРИТ, Скопје на име Музафер Пајазити, Скопје. (38036)

**Свидетелство**

Свидетелство за 1 год. издадено СЕПУГС "Васил Антевски - Дрен", Скопје на име Лука Михајловски, Скопје. (38042)
Свидетелство за 8 одд. на име Мејреме Сулејмани, с.Ново Село. (38051)
Свидетелство за 6 одд. на име Неџат Незири. (38052)
Свидетелство на име Јасмина Кимоска. (38079)
Свидетелство издадена од ОУ "Браќа Миладиновци", Самоков на име Ибо Гурчески, Самоков, Македонски Брод. (38084)
Свидетелство за 9 одд. на име Сењур Демиров. (38086)
Свидетелство за 8 одд. на име Џулијета Демирова, Скопје. (38088)
Свидетелство за 2 год. на име Агрон Мустафи. (38090)
Свидетелство на име Миле Павлов. (38091)
Свидетелство за 8 одд. издададено од ЦОУ „Милто Гура" на име Тамане Фејза, с.Стрелци. (38099)
Свидетелство за 8 одд. издададено од ЦОУ „Милто Гура" на име Гани Фејза. (38100)
Свидетелство на име Доуш Јусаинов, Штип. (38101)
Свидетелство за 8 одд. издададено од ОУ "Страшо Пинџур" на име Џенифер Балтова, Неготино. (38102)
Свидетелство за 8 одд. издадено од ОУ "Орце Николов", Ињево на име Биљана Јованова, Радовиш. (38118)

**Индекс**

Индекс бр.58833 издададено од УКИМ - Економски факултет, Скопје на име Иво Трајков, Скопје. (38037)

**Диплома**

Диплома на име Тања Страторска. (38049)
Диплома на име Далибор Петрушевски. (38050)
Диплома на име Павел Стојчевски, Делчево. (38053)
Диплома на име Сашка Филипова. (38080)
Диплома на име Беким Даути, Струга. (38082)
Диплома на име Абдулемџид Сабани. (38095)

**Легитимација / Картичка за здравствено осигурување**

Легитимација / Картичка за здравствено осигурување 42045093600 издадена од ФЗОМ на име АНГЕЛА ПЕХЧЕСКА, ХРИСТО ТАТАРЧЕВ бр. 47. (38114)

**Штедна книшка**

Штедна книшка бр.0001879 на име Абазовски Салаудин, Дебар. (38103)
Штедна книшка бр.210-0466453106.04 издадена од НЛБ БАНКА АД на име Џеваир Алили, Тетово. (38116)

**Воена легитимација**

Воена легитимација бр.003162 издадена од Министерство за одбрана на име Миле Костоски, Скопје. (38045)

**Дозвола -**

Дозвола - пловидбена бр.MK02669 издадена од Капетанија Охрид на име Новко Плаќаноски. (38077)

**Сертификат**

Сертификат за возач бр.44814 издадена од Министерство за транспорт и врски на име Виктор Стаменов, Неготино. (38004)

**Полиса**

Полиса бр.11003222 издадена од ГРАВЕ Осигурување на име Бојан Тумановски. (38074)

**Возачка дозвола**

Возачка дозвола бр. T1822748 на име Сашо Шекревски, Битола. (38124)
Возачка дозвола бр. U0072641 на име Јован Трајчев, Кочани. (38132)
Возачка дозвола бр. T1421953 на име Живко Димитријевиќ, Куманово. (38135)
Возачка дозвола бр. X1060692 на име Фљорим Исљами, Куманово. (38136)
Возачка дозвола бр. U0158300 на име Драган Стојковиќ, Скопје. (38146)
Возачка дозвола бр. X1100076 на име Мирсад Ибраими, Скопје. (38147)
Возачка дозвола бр. T1259291 на име Сашко Николовски, Скопје. (38148)
Возачка дозвола бр. U0384687 на име Зоран Трендафиловски, Скопје. (38149)
Возачка дозвола бр. T1876755 на име Марко Захариев, Скопје. (38150)
Возачка дозвола бр. X1146647 на име Емин Сулејмани, Велес. (38160)
Возачка дозвола бр. U0118589 на име Самир Абдули, Дебар. (38180)
Возачка дозвола бр. U0320631 на име Димчо Костовски, Крива Паланка. (38187)
Возачка дозвола бр. U0104846 на име Тања Мартиноска, Охрид. (38198)
Возачка дозвола бр. U0008125 на име Филип Кафтаноски, Охрид. (38199)
Возачка дозвола бр. U0297910 на име Мартин Малиновски, Скопје. (38207)
Возачка дозвола бр. T1831251 на име Тоше Богев, Велес. (38212)

**Сообраќајна дозвола**

Сообраќајна дозвола бр.0498815 на име Заче Транспорт Дооел Увоз-Извоз, Охрид. (38164)
Сообраќајна дозвола бр.0507411 на име Милорад Богоески, Прилеп. (38165)
Сообраќајна дозвола бр.0613347 на име Охрид Галеб Ад Охрид, Охрид. (38166)
Сообраќајна дозвола бр.3410566 на име Пецо Трајкоски, Прилеп. (38167)
Сообраќајна дозвола бр.1434638 на име Доо Дл Шпаркасе Лизинг, Скопје. (38168)
Сообраќајна дозвола бр.3148585 на име Сељеми Алии, Скопје. (38169)
Сообраќајна дозвола бр.1088809 на име Доо Дту Сти Аутомобиле, Скопје. (38170)
Сообраќајна дозвола бр.1306394 на име Дооел Дту Делцо, Скопје. (38171)
Сообраќајна дозвола бр.1319543 на име Едвин Заими, Куманово. (38172)
Сообраќајна дозвола бр.1396482 на име Сашо Јанкулоски, Прилеп. (38173)
Сообраќајна дозвола бр.1547102 на име Азем Незири, Скопје. (38174)
Сообраќајна дозвола бр.1538806 на име Борче Алачкоски, Струга. (38175)
Сообраќајна дозвола бр.1498255 на име Димитар Паунов, Скопје. (38176)
Сообраќајна дозвола бр.3403021 на име Авди Мухареми, Тетово. (38177)
Сообраќајна дозвола бр.0030594 на име Александра Павлова, Кавадарци. (38178)
Сообраќајна дозвола бр.1366522 на име Горан Милковски, Скопје. (38215)
Сообраќајна дозвола бр.3120314 на име Муамет Нуиши, Скопје. (38216)
Сообраќајна дозвола бр.1059234 на име Таки Петрушев, Кочани. (38217)
Сообраќајна дозвола бр.1150810 на име Дооел Скопје Дту Делцо, Скопје. (38218)
Сообраќајна дозвола бр.1324971 на име Марјан Димитров, Радовиш. (38219)
Сообраќајна дозвола бр.1059234 на име Таки Петрушев, Кочани. (38220)

**Општ**

Општ на име Стојанче Јаневски. (38062)

# О Г Л А С И

ОПШТИНА ЛИПКОВО

О Б Ј А ВА БР. 01

ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Предмет на електронско јавно надавање е градежно неизградено земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, предвидено со УПВНМ за изградба на комплекс на м.в. Бач и Боговина, КО Белановце и КО Руница,Општина Липково, донесено со одлука на Советот на Општина Липково бр.08-1149/9 од 27.12.2021 година за изградба на објекти со намена Е2 – комунална супраструктура – бензинска пумпна станица, за ГП 1.1 и Б5 – хотелски комплекс, за ГП 1.2, согласно Табеларен преглед во кој се дадени податоци за градежните парцели, за катастарските парцели кои се опфатени со градежните парцели, вкупна површина на градежна парцела, површина за градење, процент на изграденост, коефициент на искористеност, височина до венец и катност, почетна цена по м2, вкупна почетна цена и банкарска гаранција за сериозност на понудата.

1. Е2 – комунална супраструктура – бензинска пумпна станица– табеларен преглед ред 1, ГП 1.1
2. Б5 – хотелски комплекс – табеларен преглед ред 2, ГП 1.2

| Број на градежна парцела | Број на катастарска парцела | Површина на градежна парцела (м2) | Површина за градење и вкупна изградена површина (м2) | Процент на изграденост | Коефициент на искористеност | Височина до венец и катност | Компатибилни класи на намени | Почетна цена по м2 (денари) | Вкупна почетна цена (денари) | Банкарска гаранција за сериозност на понудата (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГП 1.1 | Дел од КП 1026/1, КО Белановце<br>Дел од КП 213/1 КО Руница | 3.319 м2 | 1659,72 м2<br>1659,72 м2 | 50 % | 0,5 | 8 м П/П+1 | / | 130 денари | 431.470,00 денари | 500.000,00 денари |
| ГП 1.2 | КП 1024/1, КП 1025/1 и дел од КП 1026/1, КО Белановце<br>КП 212 и дел од КП 213/1, КО Руница | 14.994 м2 | 4.498, 25 м2<br>11245,63 м2 | 30 % | 0,75 | 11,50 м П+2+Пк | Б1 – до 40%<br>Б2 – до 40%<br>Б3 – до 40%<br>Б4 – до 40%<br>В2 – до 40%<br>В3 – до 40% | 118 денари | 1.769.292,00 денари | 2.000.000,00 денари |

- минималниот чекор за надавање за градежно земјиште со намена Е2 – комунална супраструктура – бензинска пумпна станица, изнесува 13 денари.

- минималниот чекор за надавање за градежно земјиште со намена Б5 – хотелски комплекс,изнесува 12 денари.

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество на јавното наддавање имаат:

1. Физички лица: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската Унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

2. Правни лица: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистар на Република Северна Македонија, странски правни лица резидент на држави членки на Европска Унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на Европската Унија и на ОЕЦД а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Северна Македонија.

УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДАВАЊЕ

Заинтересираните домашни и странски физички и правни лица поднесуваат пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат преку информацискиот систем поставен на интернет страницата: www.gradezno-zemjiste.mk со пополнување на електронски образец кој го потпишува со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач за секоја градежна парцела поединечно, во која е наведено за која парцела се однесува самата пријава и кои документи се составен дел на пријавата, комплетирана со следниве докази (приложени во електронска форма во оригинал или фотокопии заверени на нотари потпишани со дигитален потпис и полномошно на носител на дигитален потпис заверено на нотар и потпишано со дигитален потпис):

1. Електронска пријава од подносителот, во која се наведени податоци за подносителот на пријавата, податоци за предметното земјиште на кое се однесува пријавата и која документација се доставува во прилог;

2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата за секоја градежна парцела утврдена согласно Табеларните прегледи дадени во оваа објава, со рок на важност до 20.12.2023 година, со која понудувачот ќе гарантира дека доколку добие статус на најповолен понудувач ќе

**Огласи**

ја уплати крајно постигнатата цена за отуѓување на градежно земјиште на електронското јавно наддавање во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор на најповолен понудувач;

Подносителот на пријавата има обврска банкарската гаранција покрај електронска форма прикачена во системот, истата во оригинал во бел коверт со назнака „Не отворај" преку архива на Општина Липково да ја достави и до „Комисија за спроведување на постапки на јавно наддавање" во рок определен за поднесување на пријавата заклучно со 12.9.2023 година до 15:00 часот., во архива на Општина Липково.

3. За физичките лица копија од лична карта или патна исправа;

4. За правните лица доказ за регистрација на правното лице од соодветен регистар;

5. Уредно полномошно за полномошникот што го претставува правното лице, односно доказ за својството овластено одговорно лице за правното лице;

6. E-mail адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничко име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање, (за подносителите на пријави кои ќе доставaт погрешна e-mail адреса, Општина Липково нема обврска да ги прими и врши корекции на истата).

7. Изјава за прифаќање на условите од објавата потпишана со дигитален потпис.

Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.

Комисијата по истекување на рокот за поднесување на пријавите, утврдува дали пријавите се комплетирани и поднесени во согласност со условите од објавата. Комисијата ги известува подносителите на пријави за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од 24 часа по истекување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и лозинка за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

Подносителите на пријави задолжително треба да имаат електронски дигитален сертификат ( потпис ) за да можат да поднесат пријава за учество на јавно наддавање.

ПОЧЕТНА ЦЕНА

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежната парцела наведена во табеларен преглед за ГП 1.1 изнесува 130 денари од метар квадратен.

Почетна цена на електронското јавно наддавање за градежната парцела наведена во табеларен преглед за ГП 1.2 изнесува 118 денари од метар квадратен.

БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

Банкарската гаранција за сериозност на понудата секоја градежна парцела е утврдена согласно Табеларните прегледи дадени во оваа објава.

Банкарската гаранција се враќа на подносителите на пријавата за јавно наддавање кои не постигнале најповолна понуда, во рок од 15 дена од денот на одржување на јавното наддавање.

На најповолниот понудувач банкарската гаранција се враќа во рок од 15 дена по уплатата на купопродажната цена и доставата за доказ за извршената уплата со целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање.

РОКОВИ

Пријавите за учество на електронското јавно наддавање по табеларен преглед бр.1 , можат да се доставаат до 12.9.2023 година електронски на следната интернет страница www.gradezno-zemjiste.mk.

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страна www.gradezno-zemjiste.mk

Јавното наддавање за ГП 1.1 ќе започне на ден 14.9.2023 година, во 12:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

Јавното наддавање за ГП 1.2 ќе започне на ден 14.9.2023 година (во рок од 24 до 48 часа од истек на рокот за пријавување), во 13:00 часот, и истото ќе трае 15 минути.

ПОСТАПКА

1. Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетноста на истите по електронски пат во рок од 24 часа по истекнување на рокот за поднесување на истите, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на електронското јавно наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

2. На денот на одржување на електронското јавно наддавање учесниците пристапуваат на интернет страната со корисничкото име и шифрата која ја добиле на e-mail адресата, доставена во прилог на пријавата за учество на јавното наддавање.

3. Електронското јавно наддавање може да отпочне со најмалку еден учесник во јавното наддавање за секоја градежна парцела посебно, кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

4. Електронското јавно наддавање го следи Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Липково.

5. Електронското јавно наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

6. Наддавањето за градежната парцела од Табеларен преглед 1 се врши „чекорно" со зголемување на вредноста со секој „чекор" не помалку од 13,00 денари за ГП 1.1 и 12,00 денари за ГП 1.2.

7. Електронското јавно наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во оваа објава, при што доколку во истекот на последните две минути од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

8. Учесникот на јавното наддавање кој понудил највисока цена се стекнува со статусот најповолен понудувач.

9. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

10. По завршување на постапката за јавно наддавање, Комисијата е должна во рок од три работни дена да достави барање за мислење до Државното правобранителство на Република Северна Македонија по однос на нацрт – текст на договорот за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

11. Државното правобранителство на Република Северна Македонија е должно да достави мислење по однос на нацрт-текст на договорот за отуѓување на гра-

**Огласи**

дежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од добивање на барањето за мислење. Доколку во рок од 30 дена Државното правобранителство на Република Северна Македонијане достави мислење, ќе се смета за позитивно.

12. По прибавување на позитивно мислење од Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Комисијата во рок од три работни дена до најповолниот понудувач доставува известување за избор на најповолен понудувач.

13. Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од добивање на известувањето за избор на најповолен понудувач е должен да ги уплати средствата и до Комисијата да достави доказ за извршената уплата согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и трошоците на постапката во износ од 10 % од вредноста на банкарската гаранција за сериозност на понудата, но не повеќе од 15.000 денари како и целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање (во оригинал или копија заверена кај Нотар).

14. Доколку најповолниот понудувач не ги уплати средствата во утврдениот рок, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор и истиот нема да може да учествува на секое идно наддавање за предметната градежна парцела.

15. Доколку најповолниот понудувач ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена од јавното наддавање во утврдениот рок, а врз основа на доставената документација не може да се склучи договор, уплатените средства за отуѓување на градежното земјиште не му се враќаат, банкарската гаранција за сериозност на понудата се активира и нема да се пристапи кон склучување на договор.

16. Во рок од пет работни дена по доставување на доказ за извршена уплата и доставување на целокупната документација потребна за учество на јавното наддавање, Градоначалникот на Општина Липково име на Република Северна Македонија склучува Договор за отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија во електронска форма преку информацискиот систем.

17. По склучување на договорот Општина Липковово рок од еден ден, електронски го доставува договорот до Одделението за финансиски прашања за утврдување на данокот на промет на недвижности. Купувачот е должен во рок од 15 дена од добивање на решението за утврдување на данокот на промет на недвижности да го плати данокот и да достави доказ за извршената уплата.

18. По доставување на доказ за извршена уплата на данок на промет на недвижности, купувачот во рок од 30 дена договорот електронски да го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација. Купувачот е должен солемнизацијата да ја изврши во рок од 30 дена од доставувањето на договорот кај надлежен нотар.

19. Неисполнувањето на обврските од точките 17 и 18 од оваа објава по вина на купувачот претставуваат основ за еднострано раскинување на договорот при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето не се враќаат на купувачот.

20. Со договорот, купувачот се обврзува и е должен да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од девет ( 9 ) месеци од извршената солемнизација на договорот каде што предмет на договорот е уредено градежно земјиште согласно со членот 94 став (1) од Законот за градежно земјиште, со површина до 5.000 м2, односно во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот каде што предмет на договорот е уредено градежно земјиште согласно со членот 94 став (1) од Законот за градежно земјиште над 5.000 м2 и е должен земјиштето да го изгради согласно со урбанистичкиот план по кој истото е отуѓено.

Купувачот е должен да го изгради објектот во рок согласно со одредбите од Законот за градење, а согласно со категоризацијата на градба.

Во случај на неисполнување на обврските, односно доколку објектите не се изградат во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното надавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот и до општината да доставува потврда за извршена уплата на договорната казна. Неисполнувањето на обврските односно по паѓање на купувачот во задоцнување со исполнување на обврската три месеци последователно, претставува основ отуѓувачот, по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорената казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума за отуѓувањето, не му се враќаат на купувачот.

Најповолниот понудувач се обврзува да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот договор за отуѓување на градежното земјиште.

21. Минималниот процент кој треба да биде изграден од вкупно развиената површина за градење предвидена со урбанистичкиот план за предметната градежна парцела не смее да биде помалку од 30%.

22. Во цената на градежното земјиште не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

23. Раскинувањето на договорите заради неисполнување на обврските во договорот од страна на купувачот се врши со еднострана изјава на волја на отуѓувачот изјавена од страна на општината преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

24. Обврска на купувачот за плаќање на данок на промет и нотарски трошоци во случај на раскинување на договорот по вина на купувачот.

25. Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое е предмет на објавата се до исполнување на обврските од договорот не може да биде дел од стечајна маса.

26. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденција на недвижностите во Агенција за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

27. Сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее да го пренесува на трети лица пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

28. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од три дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот со решение Комисијата е должна да одлучи во рок од пет дена од приемот на истиот.

**Огласи**

29. Против решението донесено од страна на комисијата, со кое се одлучува по поднесен приговор, странката има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

---

ОПШТИНА БУТЕЛ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ – ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

ИП I бр.27-10
10.5.2023 година

Одделение за инспекциски работи и Општински инспекторат, при Општина Бутел, преку Општински градежен инспектор, Весна Зенделова диа со број на легитимација 33-0005, а врз основа Договор за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Штип застапувана од Градоначалниот на Општина Штип Иван Јорданов со арх. бр. 03-5375/4 од 7.11.2022 година и Општина Буттел Скопје застапувана од Градоачалникот на Општина Бутел Дарко Костовски со арх. бр. 09-1983 од 8.11.2022 година изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор НЕПОЗНАТ со адреса на живеење НЕПОЗНАТА, утврди фактичката состојба и врз основа на член 83, став 2 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 102/19) а согласно чл.134ст.1 и чл.137 од Законот за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020), го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се изрекува инспекциска мерка НАРЕДБА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ГРАДБА на субјектот НЕПОЗНАТ со адреса на живеење НЕПОЗНАТА, а врз основа на Записник за извршен инспекциски надзор број ИП 1 бр. 27-10 од 22.3.2023 година:

- Објектот Зграда 1 со површина во габарит 83м² и Објектот Зграда 2 со површина во габарит 28м², изградени на КП бр.1144/1 КО Чаир, градби од втора категорија согласно чл. 57 ст. 2 и член 59 од Закон за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 244/2019, 18/2020 и 279/2020), ДА ГИ ОТСТРАНИ.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение изнесува 30 (триесет) дена.

2. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова Решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено или по електронска пошта (vzendelova@yahoo.com), да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Ако субјектот/инвеститорот не јаотстрани бесправно изведената градба, во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување за отстранување на истата.

4. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот, а ќе бидат определени со посебен заклучок за наплата на трошоците за извршување.

5. Во колку не се постапи согласно насоките дадени од страна на градежен инспектор ќе се поведе прекршочна постапка за изрекување на глоба во вредност од 250 евра во денарска противвредност согласно член 151 став 3 и член 161 став 2 од Законот за градење.

6. Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување.

О б р а з л о ж е н и е

Одделение за инспекциски работи - Општински инспекторат, при Општина Бутел врз основа на чл.56, чл. 57ст2, чл. 59 и чл. 137 од Закон за градење („Сл. весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 29/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18244/2019, 18/2020 и 279/2020) и чл.62, чл.71, чл. 72, чл. 82 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 102/2019), преку градежен инспектор на ден 20.3.2023 год. изврши вонреден инспекциски надзор на објекти, зграда 1 и зграда 2 – ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ од втора категорија изградени на дел од КП бр.1144/1за КО Чаир, при што е составен Записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр. 27-10 од 22.3.2023 година во кој е констатирана следната фактичка состојба:

На дел од КП бр. 1144/1 за КО Чаир се изградени објекти, со намена – помошни објекти, истите се во распаѓање од неодржуваност и не се употребуват.

Констатирани се следните објекти:

Зграда 1:

Објектот е изграден во масивен систем од носиви ѕидови од полна тула распаднат со обрушување на ѕидаријата од забот на времето и од неодржуваност. Делумно ѕидовите се обработени со варов малтер. Кровната конструкција е дрвена со покрив керамида оштетена со самообрушување.

Објектот е изграден со површина во габарит 83 м².

Објектот е распаднат во целост и претставува опасност од дополнително самообрушување со кое ќе бидат загрозени околните објекти и самата околина.

Зграда 2:

Објектот е изграден во масивен систем од носиви ѕидови од полна тула распаднат со обрушување на ѕидаријата од забот на времето и од неодржуваност. Делумно ѕидовите се обработени со варов малтер. Кровната конструкција е дрвена со покрив керамида оштетена со самообрушување.

Објектот е изграден со површина во габарит 28 м².

Објектот е распаднат во целост и претставува опасност од дополнително самообрушување со кое ќе бидат загрозени околните објекти и самата околина.

Зграда 3:

Зграда 3 на лице место не постои.

Општински градежен инспектор изврши увид во подлогите на ГИС порталот на АКН и констатира дека објектите во делот графика се евидентирани како зграда 1, зграда 2 и зграда 3. Истите не се евидентирани на Имотен лист.

На ИЛ. Бр.97150 за КО Чаир е евидентирано само земјиште под зграда со површини 83 м² - зграда 1, 28 м² - зграда 2 и 26 м² - зграда 3.

Од увидот во Детален урбанистички план СКОПЈЕ СЕВЕР – Северен дел, дел М.З. Цветан Димов 1 Општина Бутел, донесен со одлука бр. 07-2532/2 од 1.12.2006 година од страна на Советот на Општина Бутел се констатира дека предметните објекти зграда 1 и зграда 2 се поставени на јавна површина – пристапна улица и дел од земјиште за јавна употреба – зеленило на парцела со намена А2.

**Огласи**

Земјиштето на кое се изградени предметните објекти КП бр.1144/1 е запишано на ИЛ. бр.97150 за КО Чаир во сопственост на Република Северна Македонија.

Имателот на градбите е НЕПОЗНАТ со адреса на живеење НЕПОЗНАТА, па од тие причини Записникот за извршен инспекциски надзор е оставен на објектите со известување на ден 24.3.2023 година.

Во рок од 15 дена во Општина Бутел, нема пристигнато никаков допис, ниту се има јавено имателот на градбите, и од тие причин Записникот за извршен инспекциски надзор е ставен на огласна табла.

Во рок од 30 дена не пристигна никаков допис, ниту се има јавено имателот на градбите, па од тие причини општински градежен инспектор го донесе ова решение за отстранување на бесправни градби.

Како резултат што е утврдено дека за предметната градба нема градежно техничка документација, ниту поднесено барање за одобрение за градење, ниту правосилен акт за градење, согласно одредбите од член 57 и 59 од Законот за градење се констатира дека предметните градби – ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ претставуват бесправна градба и подлежат на одредбите во член 134 од Законот за градење.

Согласно Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018 и 168/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019, 18/2020 и 279/2020), Овластениот градежен инспектор определи мерки од членовите како во диспозитивот на ова решение.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение, со кое се наредува отстранување на бесправно изведената градба, согласно со чл. 137 ст.5 од Законот за градење, не го одлага извршувањето на Решението.

ПРАВНА ПОУКА

Против Решението на општински градежен инспектор може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка со доказ за платена административна такса („Службен гласник на РМ“ бр. 17/93 и 88/08).

Решено во Одделение за инспекциски надзор-општински инспекторат, под ИП. 1. број 27-10 од 10.5.2023 год.

Општински градежен инспектор
Весна Зенделова д.и.а.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### ОГЛАС
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 14220/2023**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: ЈКП Комуналец – Прилеп**

I.1.2) Адреса: ул. „Питу Гули“ бр. 2-а

I.1.3) Град и поштенски код: Прилеп – 7500

I.1.4) Интернет-адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Даниела Димоска, адреса на е-пошта: javnikomunalec@yahoo.com телефон/факс: 048/428-992

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Правни лица основани за задоволување на потребите од јавен интерес – член 9, став 1, алинеја б) од Законот – Општи јавни услуги

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Сукцесивна набавка на електроматеријали**

II.1.1) Проценета вредност без ДДВ: 1.500.000 ден.

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки – Купување со одложено плаќање

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈКП Комуналец Прилеп

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Поделен опис на предметот на договорот за јавна набавка: Дадено во тендерската документација

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

31000000-6 - Електрични машини, апарати, опрема и потрошен материјал; осветлување

II.9) Делива набавка: Не

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Да

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Не

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор
- Документ за регистрирана дејност: ДРД-образец.

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ
V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи
V.2) Услови за доставување на понудите
V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до 24.8.2023 година во 12:00 часот
V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 18.8.2023 година во 15:30 часот
V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 20.8.2023 година во 15:30 часот
V.3) Период на важност на понудата: 120 дена
V.4) Услови за отворање на понудите
Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 24.8.2023 година во 12:00 часот, место: ЈКП Комуналец Прилеп
V.5) Дополнителни информации
V.6) Датум на објава: 9.8.2023 година.

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ
ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА
ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ
ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР/ЕВИДЕНЦИИ

___

**О Г Л А С**
**ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Број на оглас: 14221/2023**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН
I.1) Податоци за договорниот орган
**I.1.1) Назив на договорниот орган: Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје**
I.1.2) Адреса: ул. „11-ти Октомври“ бр. 9
I.1.3) Град и поштенски код: Скопје – 1000
I.1.4) Интернет-адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Славе Трајковски, адреса на е-пошта: slave.trajkovski@elem.com.mk телефон/факс: 047/206-329
I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на следнава адреса ул. „Новачки пат“ б. б., Новаци,kjn1.bt@elem.com.mk, 047/206-140
I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:
Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од секторските дејности – Друго

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**
**Разни потрошни материјали за тековно одржување (РЕК Битола)**
II.1.1) Проценета вредност без ДДВ: 850.000,00
II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки – Купување со одложено плаќање
II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: РЕК Битола
II.3) Секторски договор: Електрична енергија
II.4) Централно тело: Не
II.5) Групна набавка Не
II.6) Електронски каталог: Не
II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка: Разни потрошни материјали за тековно одржување, РЕК Битола
II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да
Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник
Шифра Опис
44511000-5 - Рачни алатки
II.9) Делива набавка: Да
Број на делови за кои можат да се поднесат понуди: Сите делови
Дел број. Опис на делот за набавка
1. Дел 1 –Разни потрошни материјали,
2. Дел 2 – Помошни алати и ситен инвентар
3. Дел 3 – Ламинат

II.10) Рамковна спогодба: Да
Рамковна спогодба помеѓу повеќе договорни органи
Не
Рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор
Времетраење на рамковната спогодба Период во месеци: 12
II.11) Алтернативни понуди Не
II.12) Времетраење на договорот:
Период во месеци: 12
II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА
III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка
III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не
III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена
III.4) Електронска постапка? Да
III.5) Електронска аукција? Не

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ
IV.1) Гаранции и авансно плаќање
IV.1.1) Гаранција на понудата: Не
IV.1.2) Изјава за сериозност: Да
IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Да [15.00%]
IV.1.4) Авансно плаќање: Не
IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган

- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност

- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:

Потврда за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи

V.2) Услови за доставување на понудите

V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до 24.8.2023 година во 10:00 часот

V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 18.8.2023 година во 15:30 часот

V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 20.8.2023 година во 15:30 часот

V.3) Период на важност на понудата: 90 дена

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 24.8.2023 година во 10:00 часот, место: РЕК Битола

V.5) Дополнителни информации Број на ЈН кај договорниот орган е 16-122/2023 и економскиот оператор да не го зема предвид.

V.6) Датум на објава: 9.8.2023 година.

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ

ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА

ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ

ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР/ЕВИДЕНЦИИ

## О Г Л А С
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 14222/2023**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: Министерство за здравство**

I.1.2) Адреса: ул. „50-та Девизија“ бр.14

I.1.3) Град и поштенски код: Скопје – 1000

I.1.4) Интернет-адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Ангелчо Трајановски, адреса на е-пошта: tangelco@yahoo.com телефон/факс: 3112-500

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на горната адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Државни органи – Здравство

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**

**Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска Клиника за торакална и васкуларна хирургија – Скопје**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки – Купување

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈЗУ Универзитетска Клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Поделен опис на предметот на договорот за јавна набавка: Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерската документација

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

33100000-1 - Медицинска опрема

II.9) Делива набавка: Не

II.10) Рамковна спогодба: Не

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 5

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Не

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Да [5.00%]

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН

- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган

- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност

- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:

- потврда за регистрирана дејност (образец ДРД) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овој документ е Централниот регистар на Република Северна Македонија. - Копија од Решение со кое се утврдува дека економскиот оператор да ги исполнува условите по однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на дејност промет на големо со лекови и запишување во регистарот на правни лица за промет на големо со медицински средства, издадено од надлежен орган согласно со Законот за лекови и медицински средства.

IV.2.3) Техничка или професионална способност на економскиот оператор

- мостри, опис и/или фотографии на производи кои се предмет на испорака, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган:

- Технички книги или каталози (или извадоци од истите), издадени од производителот на понудените стоки, кои содржат податоци со кои се потврдуваат бараните технички карактеристики наведени во техничките спецификации. Во истите јасно и недвосмислесено да се маркираат и да се нумерираат техничките карактеристики на понудените стоки и тоа согласно со нумерацијата од техничките спецификации. - Изјава дека ќе обезбеди гаранција на понудениот предмет на набавка од најмалку 1 (една) година, сметано од денот на примопредавање, во кој период е должен да врши бесплатен сервис и бесплатна замена на резервни делови; - Изјава дека ќе обезбедува резервни делови и овластен сервис согласно законските прописи за овој вид на стоки на територијата на Република Северна Македонија, во постгарантитен период од најмалку 5 (пет) години; - Изјава дека ќе обезбеди стручен технички персонал задолжен за инсталирање, одржување со техничка помош и обука на  персоналот кој ќе работи со опремата со Сертификат издаден од страна на производителот на опремата; - Изјава дека стоките, предмет на набавка, за кои се поднесува понудата, да бидат нови  и неупотребени.

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи

V.2) Услови за доставување на понудите

V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до 11.9.2023 година во 12:00 часот

V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 3.9.2023 година во 15:30 часот

V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 5.9.2023 година во 15:30 часот

V.3) Период на важност на понудата: 120 дена

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 11.9.2023 година во 12:00 часот, место: Министерство за здравство на Република Северна Македонија, со адреса на ул. „50-та Дивизија“ бр. 14, Скопје.

V.5) Дополнителни информации Економскиот оператор задолжително да достави: - Валиден ЦЕ сертификат/Децларатион оф цонформитѕ/ФДА или еквивалент - Решение за ставање во промет на медицинското средство или Одобрение за паралелен увоз или Привремено одобрение за паралелен увоз, издадено од Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ (МАЛМЕД), согласно со Законот за лекови и медицински средства.

V.6) Датум на објава: 9.8.2023 година.

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ

ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА

ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ

ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР/ЕВИДЕНЦИИ

---

**О Г Л А С**
**ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Број на оглас: 14225/2023**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: Општина Кичево**

I.1.2) Адреса: „Борис Кидрич“ бр.1

I.1.3) Град и поштенски код: Кичево – 6250

I.1.4) Интернет адреса:

I.1.5) Лице за контакт: Емин Насуфи, адреса на е-пошта: e_nasufi@hotmail.com телефон/факс: 045/223-001

I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат: на горенаведената адреса

I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:

Органи на единиците на локалната самоуправа - Општи јавни услуги.

**Огласи**

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка:**

**Набавка на авто делови и сервисирање на возниот парк на Општина Кичево**

II.1.1) Објавување на проценета вредност: Не

II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Стоки - Купување

II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: Општина Кичево

II.3) Секторски договор: Не

II.4) Централно тело: Не

II.5) Групна набавка Не

II.6) Електронски каталог: Не

II.7) Подетален опис на предметот на договорот за јавна набавка:

Набавка и вградување на авто делови и сервисирање на возниот парк на Општина Кичево, за период од една година .

II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да

Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник

Шифра Опис

34330000-9 - Резервни делови за возила за превоз на стоки, комбиња и автомобили

II.9) Делива набавка: Да

Број на делови за кои можат да се поднесат понуди: Сите делови

Дел број. Опис на делот за набавка

1. ДЕЛ 1 - Набавка и вградување на делови за автомобили – Марка „Фиат“

2. ДЕЛ 2 - Набавка и вградување на делови за автомобили– марка „Форд, мондео, форд Турнео, форд фокус

3. ДЕЛ 3 - Набавка и вградување на делови за автомобили – марка Шевролет, и ‚Опел„

4. ДЕЛ 4 - Набавка и вградување на делови за автомобили–марка „ TOYOTA„

5. ДЕЛ 5 - Набавка и вградување на делови за автомобили – марка „Цитроен„

6. ДЕЛ 6 - Набавка и вградување на делови за автомобили – марка Шкода и „Волксваген“

7. ДЕЛ 7 - Набавка и вградување на делови за автомобили – марка IVEKO патничко Автобус

8. ДЕЛ 8 - Набавка и вградување на делови за автобус – марка „Јутонг“

9. ДЕЛ 9- Набавка и вградување на делови за камиони (специјални – марка „Ивеко“

10. ДЕЛ 10 - Набавка и вградување на делови за камиони (специјални возила на ТППЕ) – марка „Фап“

11. ДЕЛ 11 - Набавка и вградување на делови за камиони (специјални возила на ТППЕ) – марка „Мерцедес“

12. ДЕЛ 12 - Набавка и вградување на делови за камиони (специјални возила на ТППЕ) – марка „Даф“

13. ДЕЛ 13 - Набавка и вградување на делови за камиони (специјални возила на ТППЕ) – марка „БРЕМАЧ“

14. ДЕЛ 14 - Потребни потрошни материјали за возила

15. ДЕЛ 15 - Автомеханичарски услуги и центрирање - за автомобил

16. ДЕЛ 16 - Автоелектричарски услуги - за автомобили

17. ДЕЛ 17 - Автолимарски услуги - за автомобили

18. ДЕЛ 18 - Автомеханичарски услуги - за автобуси и камиони (специјални возила на ТППЕ)

19. ДЕЛ 19 - Автоелектричарски услуги - за автобуси и камиони (специјални возила на ТППЕ)

20. ДЕЛ 20 - Автолимарски услуги -за автобуси и камиони (специјални возила на ТППЕ)

II.10) Рамковна спогодба: Да

Рамковна спогодба помеѓу повеќе договорни органи Не

Рамковната спогодба ќе се склучи со еден економски оператор

Времетраење на рамковната спогодба Период во години: 1

II.11) Алтернативни понуди Не

II.12) Времетраење на договорот:

Период во месеци: 12

II.13) Претходна проверка на пазарот? Не

ДЕЛ III: ПОСТАПКА

III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка

III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не

III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена

III.4) Електронска постапка? Да

III.5) Електронска аукција? Не

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

IV.1) Гаранции и авансно плаќање

IV.1.1) Гаранција на понудата: Не

IV.1.2) Изјава за сериозност: Да

IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Не

IV.1.4) Авансно плаќање: Не

IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не

IV.1.6) Резервирани договори Не

IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не

IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот

IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи

- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност

IV.2.2) Способност за вршење професионална дејност на економскиот оператор

- Документ за регистрирана дејност:

документ за регистрирана дејност.

**Огласи**

ДЕЛ V: АДМИНИСТРАТИВНИ ИНФОРМАЦИИ

V.1) Услови за добивање на тендерска документација и дополнителни документи

V.2) Услови за доставување на понудите

V.2.1) Понудите да се достават најдоцна до 28.8.2023 година во 12:00 часот

V.2.2) Краен рок за поставување прашања: 22.8.2023 година во 15:30 часот

V.2.3) Краен рок за одговор на прашања: 24.8.2023 година во 15:30 часот

V.3) Период на важност на понудата: 60 дена

V.4) Услови за отворање на понудите

Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите 28.8.2023 година во 12:00 часот, место: Општина Кичево

V.5) Дополнителни информации

V.6) Датум на објава: 9.8.2023 година.

ДЕЛ VI: ДОКУМЕНТИ

ДЕЛ VII: ПОНИШТУВАЊА

ДЕЛ VIII: ПРИЛОЗИ

ДЕЛ IX: ИЗВЕСТУВАЊА ЗА СКЛУЧЕН ДОГОВОР / ЕВИДЕНЦИИ

___

**О Г Л А С**
**ЗА ЈАВНА НАБАВКА**

**Број на оглас: 14226/2023**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН

I.1) Податоци за договорниот орган

**I.1.1) Назив на договорниот орган: Општина Карпош**

I.1.2) Адреса: ул. „Радика“ бр. 9

I.1.3) Град и поштенски код: Скопје – 1000

I.1.4) Интернет адреса:

